**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Бр.09-1565/1 од 06.03.2025 година**
С К О П Ј Е

**ДО**
**ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

Врз основа на член 58 став (1) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**

Ја свикувам **Педесет и шесттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, за **13.03.2025 година (четврток) со почеток во 12 часот**.

За работата на седницата го предлагам следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - декември 2024 година;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлука на училишен одбор на ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје, за расходување на основни средства;
3. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлука на училишен одбор на ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје, за расходување на основни средства;
4. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлука за расходување и оттуѓување на стари и неупотребливи ствари, на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје;
5. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2024 година;
6. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2024 година;
7. Предлог - Одлука за донесување на Стратегија за локален развој на руралните средини, на здружение за рурален развој - Локална Акциона Група "Скопска Црна Гора", за период 2024 - 2027 година;
8. Предлог - Одлука за донесување на Социјален план на Општина Гази Баба, за период 2025 - 2028 година;
9. Предлог - Одлука за примање на донација од "Еко Флуид" ДОО Скопје и "Макстил" АД Скопје;
10. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за реализација на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2024 година;
11. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2024 година;

12. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за реализација на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2024 година;
13. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за реализација на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2024 година;
14. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за реализација на Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2024 година;
15. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за реализација на Програмата за имотните права на Општина Гази Баба за 2024 година;
16. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за реализација на Програмата за заштитено подрачје Интегрална целина "Острово" на Општина Гази Баба за 2024 година;
17. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2024 година;
18. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за реализација на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2024 година;
19. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за реализација на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2024 година;
20. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година; и
21. Предлог - Годишна сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

# С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ЈП "Лајка" - Скопје

**Претставник:** в.д директор Радмила Пешева

**ПРЕДЛОГ- ЗАКЛУЧОК**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РАБОТАТА НА ЈП "ЛАЈКА" - СКОПЈЕ НА**
**ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА**
**ПЕРИОД ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2025 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во врска со член 2 став (3) од Договорот за меѓуопштинска соработка за заловување на кучиња на подрачјето на Општина Гази Баба, склучен помеѓу Град Скопје (под бр.08-2131/1 од 09.03.2021 година), Општина Гази Баба (под бр.08-1153/1 од 08.03.2021 година) и ЈП "Лајка" - Скопје (под бр.03-417/1 од 01.03.2021 година), расправајќи по извештајот за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - декември 2024 година, бр.08-1408/1 од 04.03.2025 година, Советот на Општина Гази Баба на _________ седница одржана на __.__.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ<br>ЗА РАБОТАТА НА ЈП "ЛАЈКА" - СКОПЈЕ НА<br>ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА<br>ПЕРИОД ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - декември 2024 година, бр.08-1408/1 од 04.03.2025 година, поднесен од ЈП "Лајка" - Скопје.

2. Заклучокот да се достави до Град Скопје и ЈП "Лајка" - Скопје.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИ СКИТНИЦИ ЛАЈКА
NDËRMARRIJA PUBLIKE PËR MIRËQENIE TË KAFSHËVE ENDACAKE LLAJKA
Бр.-Nr. 03-441/1
21.02 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ЛАЈКА
LAJKA

Архив. знак:
Рок на чување:
Потпис,

**ДО:**

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Градоначалник Бобан Стефковски**

**Ул. Архимедова бр. 2**

**1000 Скопје**

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Градоначалник
СКОПЈЕ

| Примено: 04-03-2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 1408/1 | | |

**предмет:** Достава на Извештај за работа на ЈП Лајка за Општина Гази Баба, период јануари – декември 2024 година
**врска:** Ваш арх.бр. 08-1153/1 од 08.03.2021 година

**Почитувани,**

Согласно обврските кои произлегуваат од Договорот за меѓуопштинска соработказа заловување на кучиња на подрачјето на општината Аеродром аривиран со Ваш бр. 08-1153/1 од 08.03.2021 година, на Ваше запознавање и евалуација, Ви доставуваме Извештај за работата на ЈП ЛАЈКА за период од Јануари до Декември 2024 година.

ЈП ЛАЈКА СКОПЈЕ
в.д. директор
Радмила Пешева

-----------------------------------------

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЈП ЛАЈКА**
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**ЈАНУАРИ- ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА**

Содржина


**1. Вовед** ..... 2

**2. Оперативно работење** ..... 3

**2.1. Оперативно работење на територија на општина Гази Баба** ..... 5

**2.2 Организирани активности во периодот наведен во овој извештај:** ..... 6

**2.3 Меѓуинституционална соработка и состаноци со работни групи во периодот наведен во овој извештај:** ..... 7

**3. Финансии** ..... 8

**4. Соработка со Општина Гази Баба** ..... 9

1. **Вовед**

Основната дејност на ЈП Лајка Скопје, која е од посебен јавен интерес, е воспоставување контрола и намалување на бројот на бездомната популација на кучиња на територија на Град Скопје преку хуман третман, т.е. преку масовна кастрација и стерилизација. Значаен сегмент од нашата работа исто така е и да иницираме и поттикнуваме вдомување на бездомните кучиња, како и да работиме на зголемување на јавната свест за одговорно чување на куче, бидејќи основната причина за настанување на овој комунален проблем е ниското ниво на разбирањето на благосостојбата на животните кај граѓаните и недостаток на соодветна законска регулатива и контрола по ова прашање.

Следствено на тоа, по успешната 2023 година од аспект на најголем број на стерилизирани бездомни кучиња на годишно ниво, ЈП Лајка и оваа, 2024 година продолжи со иста цел - да обезбеди 80% од бездомните кучиња на територијата на Град Скопје да го поминат третманот, со што ќе се спречи нивното понатамошно размножување; со згрижување на агресивните кучиња и со вдомување - со што кучињата трајно се тргаат од улиците.

Во текот на 2024 се фокусиравме на интензивна промоција за подобрување на вдомувањето, како најдобра завршница на хуманиот третман. Преку вдомувањето имаме помалку кучиња вратени на улица и го ослободуваме капацитетот на прифатилиштето што ни овозможува поголема оперативност и ефикасност на терен. За таа цел креиравме и организиравме неколку интензивни кампањи во медиумите и на социјалните мрежи, снимивме видеа со помош на познати личности кои волонтерски се ангажираа и се приклучија во кампањата за чие креирање професионалниот ангажман на сите учесници беше исклучиво на волонтерска база или поддржано од проект.

Креиравме и неколку други иновативни начини за промоција на вдомувањето на нашите/скопските кучиња со волонтерска помош и донации од бројни партнери преку делење на флаери со достава на храна, печатење на постери и сл. На овој начин се обидовме да ја прошириме публиката со цел што поголем број кучиња да си најдат дом, да ја зголемиме видливоста на нашето претпријатие и пред сè на нашата работа и да ги актуелизираме вистинските причини за проблемот со големиот број на бездомни кучиња.

Речиси паралелно изготвивме серија на едукативни предавања во повеќе основни училишта на територија на Град Скопје, за да ги подучиме најмладите како одговорно се чува миленик, бидејќи во отсуство на доследно спроведување на законската регулатива и контрола по овие прашања, убедени сме дека едукацијата е од исклучителна важност во превенирањето на проблемот на настанување на бездомни кучиња.

Важно за споменување е дека во текот на 2024 година се соочивме и со низа проблеми меѓу кои пред сè од финансиска природа - претпријатието доби многу мал буџет за работа, повеќето од скопските општини не го исплаќаат договорниот дел, сметката на претпријатието и оваа година е во континуитет блокирана поради извршни побарувања, што резултира со нередовно и со големо задоцнување со исплаќање на платите на вработените и на обврските спрема доверителитите. Ваквата финансиска состојба секако дека има влијание врз нашите перформанси. Понатаму во ова полугодие во два наврати бевме погодени од вирусно заразно заболување кај кучињата што го забави интензитетот на заловување и третирање на кучиња.

И покрај сите овие предизвици, ЈП Лајка не отстапува од поставените цели и нашата мисија во интерес на безбедноста на граѓаните и благосостојбата на животните.

## 2. Оперативно работење

ЈП ЛАЈКА во своето досегашно работење во 2024 година го задржа обемот на работа во однос на 2023 година, воведе дополнителни активности на претпријатието, а притоа не го зголеми бројот на вработени. Активностите кои ги преземаме, покрај спроведување на Програмата за работа на претпријатието за имплементација на хуманиот третман на животните - Залови, стерилизирај, вакцинирај, врати, ЈП Лајка активно работи и на едукација за зголемување на јавната свест за благосостојбата на животните, на промовирање на вдомувањето и на одговорното сопственништво. Активностите се важни за намалување на изворот на нови единки на улиците, кои главно потекнуваат од неконтролираното размножување на домашните кучиња. Во спроведувањето на истите повикуваме на активно вклучување на општинските управи, кои според Законот за заштита и благосостојба на животните имаат надлежност за нивно спроведување.

За сите овие бројни активности за зголемување на јавната свест за благосостојбата кај кучињата и за поттикнување на одговорното сопственништво кои ЈП Лајка ги организираше во 2024 година, не се потрошени финасиски средства од буџетот на претпријатието.

- Во 2024 година според планот продолжуваме со спроведување на стартешкото заловување. Приоритет дадовме на општините каде имаме зголемено ниво на соработка меѓу кои е и Општината Гази баба.
- Водиме електронска евиденција за хуман третман на бездомните кучиња која ги опфаќа сите стадиуми на третман на животното од негов влез во стационарот до неговото излегување.
- Реализиравме состаноци со претставници на здруженија за заштита на животни, со цел унапредување на досегашната соработка и испорака на позначајни и повидливи резултати во најскора иднина. Во тек е додефинирање на заеднички акции и настани и во текот на оваа година. Благодарение на нив се вдомени/трајно тргнати од улиците околу 25% од кучињата што се заловени за третман во ЈП Лајка и огромен дел од кучињата кои поради пријава за агресија не е возможно да се вратат на локација.
- Адвокатските трошоци се намалени во однос на 2023 година.
- Ветеринарниот тим е зголемен преку стажирање и обучување на постоечките кадри со цел зголемување на обемот на работа.
- Воспоставен е месечен извештај кон јавноста кој се објавува на нашиот ФБ профил и веб страна за поголема транспарентност во работата на претпријатието.
- Општините во град Скопје веќе добиваат редовни извештаи со цел увид во работењето и активностите на претпријатието.

**Споредба во обемот на работа 2021, 2022, 2023 и 2024 година:**

| Година | Број на пријави (Општина Гази Баба) | Степен на постапување по пријава | Број на заловени кучиња (Општина Гази Баба) | Број заловени на ниво на град Скопје |
|---|---|---|---|---|
| 2021 цела година | 270 | 100% | 263 | 751 |
| 2022 цела година | 235 | 100% | 205 | 655 |
| 2023 цела година | 220 | 100% | 338 | 1230 |
| 2024 цела година | 130 | 100% | 287 | 1209 |

ЛАЈКА
LAJKA

## 2.1. Оперативно работење на територија на општина Гази Баба

Во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година за територија на општина Гази Баба во Јавно претпријатие ЛАЈКА се пристигнати 130 пријави од граѓани за кои се изработени работни налози за заловување и веднаш и без исклучоци е постапено согласно истите.

На територијата на Општината за 2024 година, заловени се вкупно 287 единки. Заловените кучиња се стерилизирани, вакцинирани против беснило, дехелментизирани, направен е тест за социјализација и видливо се обележани со ушна маркица. Оние кучиња кои не го поминале тестот за социјализација, односно кучињата пријавени по каснување не се враќаат на матичната локација и остануваат во прифатилиштето се до нивното вдомување. Има кучиња кои се заловени со сопственички чип, истите се вратени на сопствениците или се пријавени во АХВ доколку има усложнување на постапката за превземање на кучето. Бројот на вдомени кучиња кои се заловени на територијата на Општина Гази Баба изнесува 74.

Дел од нашата активност е и да дадеме прва помош на повредено куче затекнато на улица, десетици пати сме постапиле во вакви ситуации на територијата на Општина Гази Баба.

ЈП Лајка има потрошено 5.287.975,00 денари само за третман на бездомните кучиња заловени на територијата на општина Гази Баба во последното шестмесечие ако се земе во предвид дека треманот во просек чини околку 18.425,00 денари. Меѓутоа битно е да се укаже на фактот дека во голем број од случаите кучињата мора да останат подолго стационирани, од причина што имаат одреден здравствен проблем поради кој не може веднаш да отпочне третманот, има интерес за вдомување и се одржуваат средби со заинтересирани лица или едноставно кучето не може да се врати на матичната локација од каде што е заловено, па останува во ЛАЈКА.

Во горенаведениот износ не се вклучени оштетните побарувања по тужби од каснувања кои се случиле на територија на општина Гази Баба, а кој изнесува 7.223.000 денари. Според добиените информации од јавен карактер од МВР во периодот Јануари – Декември 2024 година во Гази Баба имало 144 пријава за каснување. Ако се земе во предвид дека од теритроријата на Општина Гази Баба за посочениот период има 130 пријави од кои голем дел не се однесуваат на каснување, евидентно е дека ѓраѓаните кои наводно се оштетени не пријавуваат до ЈП ЛАЈКА како надлежно прифатилиште дека се случил немил настан како би можеле да постапиме, да го заловиме кучето, да го идентификуваме дали се работи за бездомно или куче со сопственик кое слободно шета на јавен простор, да се

изврши тест на социјализација и сл. Ова е само една од причините кои исто така ни отвораат сомнеж за основаноста и вистинитоста на настаните, односно дали каснувањето воопшто се случило или се работи за лажни пријави со цел финансиска придобивка.

Исто така, и во овој период евидентирани се кучиња со ушни маркици или микрочип од Косово, од Република Албанија, но најповеќе од други градови, Со ова, потенцираме, не само што неконтролирано се зголемува популацијата на бездомни кучиња на територија на Град Скопје, се отежнуваат и нашите работни задачи и активности, но и се зголемува можноста од напади или каснувања, што од една страна претставува предизвикување на општа опасност за сите ѓраѓани, а од друга има големи финансиски импликации врз нашиот буџет. На теритиријата на Општина Гази Баба во повеќе наврати е пријавувано дислокација на неавтохтони кучиња, ново донесени кои не се налик на автохтоните домашни кучиња. По секоја од овие пријави е постапено.

## 2.2 Организирани активности во периодот наведен во овој извештај:

- Пролетен маскенбал за кучиња на Школка во Градски Парк во кој земаа учество повеќе од 30 заинтересирани граѓани со нивните миленици и кучињата од ЈП Лајка.
- Отворен ден за вдомување во просториите на ЈП Лајка кој резултираше со огромна посетеност на поединци и фамилии и неколку вдомени кучиња.
- Реализирани се над 20 гостувања во медиумскиот простор, и над 280 објави на електронски медиуми.
- Воспоставена е пракса за тековно известување на социјалните медиуми и портали за тековните активности на ЈП Лајка и локации/општини на заловување.
- Овозможено е волонтирање на заинтересирани лица за кои е овозможена основна обука и правила за волонтирање и договор за соработка.
- Во тек е бесплатна неколкумесечна кампања за покренување на свест за вдомување "Вдоми", во која се вклучени десетина естрадни звезди и јавни личности.
- Едукативна кампања во рамките на проектот „Унапредување на благосостојбата на животните преку волонтерство" под покровителство на U.S. Embassy North Macedonia во Скопје, спроведена во 8 скопски општини и преку 20 основни училишта.
- Тековно објавување на каталози со кучиња достапни за вдомување во ЈП Лајка.
- Во повеќе наврати обезбедена донација во храна и потрошен материјал од кебиња, храна, суплементи и опрема за кучињата од компании, здруженија и поединци.
- Остварена тековна соработка со фирми преку кои граѓаните имаат можност да донираат храна и слично за кучињата во ЈП Лајка.

- Бесплатна кампања за вдомување - Стани инфлуенсер за кучињата од Лајка, во која беа вклучени граѓаните како и повеќе јавни личности во промоција на кучињата од ЈП Лајка во потрага по нов дом.
- Претпразнична чајанка во прифатилиштето за кучиња Лајка! -предновогодишна забава со децата со атипичен развој, настан на кој присуствуваше и Нејзината екселенција, г-ѓа Анџела П. Агелер, Амбасадорка на Соединетите Американски Држави, која го поддржа ова прекрасно дружење, заедно со високи претставници од амбасадата.

***(Сите организирани активности се осмислени и спроведени со цел да се промовира вдомување наспроти купување и одговорно сопственишто како клучни фактори за трајно решавање на комуналниот проблем со бездомни кучиња. Сите настани се организирани и спроведени исклучиво со донации и спонзори.).***

## 2.3 Меѓуинституционална соработка и состаноци со работни групи во периодот наведен во овој извештај:

- Одржан состанок со Агенцијата за храна и ветеринарство, директорот и засегнатите раководители со цел подобрување на годишната наредба за ЗЗЖ.
- Активни учесници во тековни работни состаноци со претставници од Владата и пратеници со цел изработка на нов предлог Закон за заштита и благосостојба на животните.
- Одржани состаноци со општните кои не ги почитуваат договорните обврски.
- Состаноци со претставници на Министерството за внатрешни работи за подобрување на соработката, дискусија за превентивни мерки во однос на дислокацијата на кучиња од страна на општините како неправилен начин на решавање на проблемот, како и превенција на лажните пријавители на каснувања.
- Состаноци со претставници на Американската амбасада во Скопје;
- Состаноци со советници во Градот Скопје;
- Учество во панел дискусија под наслов „Ангажманот на локалната заедница во управување со популацијата на бездомните кучиња“ организиран по иницијатива на Ветеринарната Комора.

## 3. Финансии

ЈП Лајка се соочува со финансиски потешкотии кои го одбележуваат работењето на претпријатието од основањето па се до ден денес.

За разлика од другите претпријатија кои имаат и сопствени извори на приход, ЈП ЛАЈКА е целосно зависна од буџетот доделен од Град Скопје и придонесот од Општините во состав на Град Скопје.

Пошироката јавност е запознаена дека ЛАЈКА има проблем со наплата на договорните обврски на Општините, опишани во потпишаните трипартитни договори, поради што оптпочнати се постапки за присилна наплата.

На месечно ниво имаме огромни побарувања од оштетени граѓани кои влијаат сериозно на капацитетот на ЈП Лајка да ја спроведува програмата. За 2022 година оштетните побарувања што се исплатени од ЈП Лајка беа околу 10 милиони денари, за 2023 година оштетните побарувања што беа исплатени се доближија до 7 милиони денари. Во 2024 за периодот Јануари – Декември 2024 оштетните побарувања што се исплатени од ЈП ЛАЈКА се 3.683.725денари, со акцент на фактот што поголем дел од побарувањата се исплаќаат од страна на Град Скопје, како солидарен должник во овие постапки, од причина што сметката на ЛАЈКА е постојано блокирана, па извршителите полесно вршат наплата од Градот.

Освен тоа, дел сме од едни крајно паушални судски постапки, во постапки каде се суди без примена на никаков доказен материјал, во една злосторничка шема на злоупотреби на јавни пари за приватни интереси.

Како што споменавме, сметката на ЈП ЛАЈКА е под постојана блокада од извршители, поради што неретко се соочуваме и со проблем да исплатиме плата на нашите вработени.

Земајќи ги предвид финансиските средства и тековните извршувања, ЈП Лајка во веќе подолг период нема инвестирано во објектот и средствата од приливите на сметката на претпријатието се искористени единствено за основните потреби за функционирање и оперативно работење.

Поддршката на Општина Гази Баба како наш партнер во работата и нашата воспоставена добра соработка ни дава сигурност и поддршка во спроведувањето на нашите активности, а од податоците за извршени активности во рамките на Општина Гази Баба се гледа дека ЈП Лајка ревносно ги исполнувала своите задолженија кон општината.

## 4. Соработка со Општина Гази Баба

Според Законот за заштита и благосостојба на животните општините имаат можност да превземат дополнителни активности со цел контрола на бездомната популација на кучињата:

„Член 27 Регистрирани кучиња:

(5) Општините, општините во градот Скопје, односно градот Скопје треба да определат временски периоди и соодветно означени јавни површини каде домашните миленици во придружба на сопственикот може слободно да се движат без поводник.

(6) Општините, општините во градот Скопје, односно градот Скопје во соработка со здруженијата за заштита на животните можат да поттикнува одговорно сопственишство и да донесат програми кои ги поттикнуваат сопствениците соодветно да се грижат за своите миленици, да ги кастрираат, односно ојаловат и ја подигнуваат јавната свест во однос на важечките прописи кои се однесуваат на домашните миленици.“

Нашите заловувачки тимови на терен се соочија со бројни проблеми меѓу кои еден од најсериозните е присуството на сопственички кучиња на јавен простор без присуство на сопственикот, кои се репродуктивно способни и неконтролирано се размножуваат на јавна површина, а подоцна самите тие или идните нивни потомства завршуваат на улица секојдневно. Поради тоа, постојано бараме од Општините доколку е можно да предвидат субвенционирање за стерилизации и кастрации на сопственички кучиња, со што директно би влијаеле на изворот на проблемот, односно на приливот на нови единки. Општина Гази Баба е првата општина на ниво на Град Скопје која започна со субвенционирање и во секоја можна прилика го поздравуваме ваквиот потег на градоначалникот и стручните служби, и ве посочуваме како еден апсолутно позитивен пример и показател дека навистина се мисли на проблемот и дека заложбата на Гази Баба не е само декларативна. Исто, така од големо значење би било доколку комуналните служби делуваат на терен, односно да ги потсетуваат граѓаните на обврската миленикот да се шета на поводник, да се спречи маалско - улично чување на домашните кучиња, односно престој на миленикот на јавен простор без присуство на сопственикот, да биде миленикот микрочипиран, вакциниран, да го собираат изметот и да советуваат за можноста за стерлизација, односно кастрација. Сметаме дека една ваква мала едукативна активност би придонела кон зголемување на јавната свест за тоа како се чува куче.

Од страна на ЈП ЛАЈКА постои добра волја за соработка и во очекување сме на покана за средба по приметот на овој Извештај, со цел да размениме предлози, забелешки, сугестии за подобрување на резултатите. Исто, така сметаме дека редовни состаноци со

надлежните вработени во општината и градоначалникот, исто така би биле една добра пракса во насока на она што претставува заедничка цел – да покажеме подобри резултати и да придонесеме колку е можно повеќе кон конечно решение на проблемот на хуман начин, зголемена благосостојба на животните и зголемена безбедност на граѓаните.

Предлагаме да определите лице за контакт кое во секоја прилика кога е потребно може да не контактира, да не известува за потребите на општината и да се вклучи во работата на ЈП ЛАЈКА на територијата на Општина Гази Баба.

За полесна комуникација секоја пријава која сакате да ја доставите до ЈП Лајка може да ја доставите на меил prijavi@lajka.com.mk и info@lajka.com.mk

**Со почит,**
**ЈП ЛАЈКА СКОПЈЕ**
**Радмила Пешева**
**в.д директор**

--------------------------------

# С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје

**Претставник:** директор, м-р Елизабета Андова

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА НА УЧИЛИШЕН ОДБОР НА ООУ "НАУМ ОХРИДСКИ" - БУЛАЧАНИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА РАСХОДУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2025 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 108 став (1) алинеја 12, а во врска со член 113 став (1) алинеја 22 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19, 229/20 и 3/25), член 34 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на РМ" бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-956/1 од 14.02.2025 година, Советот на Општина Гази Баба на ______________ седница одржана на __.__.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА НА УЧИЛИШЕН ОДБОР НА ООУ "НАУМ ОХРИДСКИ" - БУЛАЧАНИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА РАСХОДУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност на Одлука за расходување на основни средства (оштетени и неупотребливи ствари), бр.02-06/15 од 06.02.2025 година, донесена од училишниот одбор на ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Се задолжува директорот на ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје да ја спроведе оваа одлука и одлуката на училишниот одбор од членот 1 од оваа одлука, заради книжење на разликите и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, утврдена со редовниот попис.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА НА УЧИЛИШЕН ОДБОР НА ООУ "НАУМ ОХРИДСКИ" - БУЛАЧАНИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА РАСХОДУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА

### ***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 108 став (1) алинеја 12, а во врска со член 113 став (1) алинеја 22 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19, 229/20 и 3/25) и член 34 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на РМ" бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13).

### ***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје, до Советот на Општина Гази Баба поднесе барање бр.09-956/1 од 14.02.2025 година, за добивање на согласност на Одлука за расходување на основни средства (оштетени и неупотребливи ствари), бр.02-06/15 од 06.02.2025 година, донесена од училишниот одбор.

### ***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ"НАУМ ОХРИДСКИ" с. Булачани,
Скопје, ул.5 бр.1 с. Булачани ☎ 02 2575 946; 078291929;
e - mail: nohridski@yahoo.com; http://naumohridski.edu.mk/
ou-naumohridski-bulachani-gazibaba@schools.mk

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Градоначалник
СКОПЈЕ

| Примено: | 14 -02- 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 09 | 956/1 | | |

Архив. знак:
Рок на чување:
___ 200__ год.
Потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
НАУМ ОХРИДСКИ
Бр. 03-75/1
12.02. 2025 год.
с.Булачани,Скопје

До

Совет на Општина Гази Баба

Скопје

Предмет: Известување и барање согласност за спроведување Одлука за расходување на средства кои се оштетени или вон употреба

Општинското основно училиште „Наум Охридски“ с. Булачани-Скопје, спроведе редовен попис и од страна на пописната комисија доставен е Извештај со Предлог до Училишниот одбор на училиштето за расходување на средства кои се оштетени или вон употреба.

Од страна на училишниот одбор на 06.02.2025 година прифатен е предлогот за расходување наосновни средства кои се оштетени или вон употребаброј од Централната пописна комисија и донесена е едногласно одлука со број 02-06/15 од 06.02.2025 година која Ви ја доставуваме во прилог на известувањето.

Како основач на основните училишта и надлежен за користење и располагање на стварите во општинска сопственост се обраќаме до Вас со барање за добивање согласност за спроведување на Одлуката.

Прилог:

1.Одлука број 02-06/15 од 06.02.2025 година

2.Список на отуѓени основни средства за 2024 година

Директор

м-р Елизабета Андова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
НАУМ ОХРИДСКИ
Бр. 02-06/15
06.02. 2025 год.
с.Булачани Скопје

Врз основа на член 106 точка 1 и 7, член 108 точка 1 алинеа 12 од Законот за основно образовани („Службен весник на РСМ бр. 161 од 05 август 2019 година) и Извештајот број 05-30/1 од 15.01.2025 година изработен од страна на Централната пописна комисија за извршен редовен попис за 2024 година, Училишниот одбор при ООУ„Наум Охридски с,Булачани, Скопје, на својата редовна седница одржана на ден 06.02.2025 година, донесе

# О Д Л У К А

За прифаќање Предлог за расходување на основни средства по изготвен Извештај број 05-30/1 од 15.01.2025 година од страна на Централната пописна комисија од спроведен редовен годишен попис

1.Донесена е Одлука за прифаќање Предлог за расходување на основни средтсва по изготвен Извештај број 05-30/1 од 15.01.2025 година од страна на Централната пописна комисија од спроведениот редовен попис за 2024 година на ООУ „Наум Охридски“с.Булачани, Скопје.

2.Комисијата за попис во прилог достави листи со список на отуѓени основни средства за 2024 година во ЦУОУ с.Булачаними ПООУ с.Црешево.

3.Во прилог доставени листи со список на отуѓени основни средства за 2024 година во ЦУОУ с.Булачаними ПООУ с.Црешево.

4. Оваа Одлука влегува во сила од денот на нејзиното донесување.

Претседател на училишен одбор

Сања Петрушевска

**ООУ НАУМ ОХРИДСКИ** 12/02/2025

# Список на отуѓени основни средства за 2024

**шифра** Б **организација**

| ред.бр. | Бр.осн.сред. | Назив на ОС | год. | конто | стапка | колич. | Набавна вред. | Отпишана | Аморт. | Сегашна | отпис на |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Б258 | Монитор книговодител | 2016 | 022000 | 0.00 | 1 | 12,761.00 | 12,761.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 2 | 194 | ДВД рекордер | 0 | 022000 | 0.00 | 1 | 11,461.00 | 11,461.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 3 | 274 | Штампачи Епсон донација | 2016 | 022000 | 0.00 | 1 | 7,764.00 | 7,764.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 4 | Б187 | Пецатар Самсунг психолог | 0 | 022000 | 0.00 | 1 | 7,630.00 | 7,630.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 5 | Б390 | Десктоп ХП компјутер | 2019 | 022000 | 0.00 | 8 | 245,044.80 | 117,622.40 | 0.00 | 127,422.40 | 31/12/2024 |
| 6 | Б394 | Компјутерски систем офис | 2019 | 022000 | 0.00 | 1 | 20,806.00 | 11,650.00 | 0.00 | 9,156.00 | 31/12/2024 |
| 7 | 280 | Монитор книговодител-КУАРТ | 2016 | 022000 | 0.00 | 1 | 6,040.00 | 6,040.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 8 | 291 | Лап топ-АСУС-секретар | 2017 | 022000 | 0.00 | 1 | 21,333.00 | 21,333.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 9 | 208/1 | Персонален компјутер | 0 | 022000 | 0.00 | 1 | 37,820.00 | 37,820.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 10 | Б176 | Монитор -лцд 5005 од /8 до /21 | 0 | 022000 | 0.00 | 20 | 213,082.00 | 213,082.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 11 | Б189/1 | Лап топ за ученици | 0 | 022000 | 0.00 | 13 | 325,337.00 | 325,337.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 12 | 203/5 | Монитори ХЛ-151 | 0 | 022000 | 0.00 | 7 | 57,845.00 | 57,845.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 13 | Б189/2 | Лап топ за ученици | 0 | 022000 | 0.00 | 14 | 350,365.00 | 350,365.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 14 | 203/4 | Монитори ХЛ-151 | 0 | 022000 | 0.00 | 8 | 66,110.00 | 66,110.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 15 | 537 | Таблет ХУАВЕИ МЕДИАПАТ Т8 донација | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 9,818.00 | 5,891.00 | 0.00 | 3,927.00 | 31/12/2024 |
| 16 | 538 | Таблет ХУАВЕИ МЕДИАПАТ Т8-донација | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 9,818.00 | 5,891.00 | 0.00 | 3,927.00 | 31/12/2024 |
| 17 | 539 | Таблет ХУАВЕИ МЕДИАПАТ Т8-донација | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 9,818.00 | 5,891.00 | 0.00 | 3,927.00 | 31/12/2024 |
| 18 | 540 | Таблет ХУАВЕИ МЕДИАПАТ Т8-донација | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 9,818.00 | 5,891.00 | 0.00 | 3,927.00 | 31/12/2024 |
| 19 | 541 | Таблет ХУАВЕИ МЕДИАПАТ Т8-донација | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 9,818.00 | 5,891.00 | 0.00 | 3,927.00 | 31/12/2024 |
| 20 | 542 | Таблет ХУАВЕИ МЕДИАПАТ Т8 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 9,818.00 | 5,891.00 | 0.00 | 3,927.00 | 31/12/2024 |
| 21 | 543 | Таблети ХУАВЕИ МЕДИАПАТ Т8 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 9,818.00 | 5,891.00 | 0.00 | 3,927.00 | 31/12/2024 |
| 22 | 544 | Таблет ХУАВЕИ МЕДИАПАТ Т8 донација | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 9,818.00 | 5,891.00 | 0.00 | 3,927.00 | 31/12/2024 |
| 23 | 545 | Таблет ХУАВЕИ МЕДИАПАТ донација | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 9,818.00 | 5,891.00 | 0.00 | 3,927.00 | 31/12/2024 |
| 24 | 546 | Таблет ХУАВЕИ МЕДИАПАТ Т8 донација | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 9,818.00 | 5,891.00 | 0.00 | 3,927.00 | 31/12/2024 |
| 25 | Б175 | Компјутер Хаиер | 2019 | 022000 | 0.00 | 3 | 27,080.00 | 21,306.00 | 0.00 | 5,774.00 | 31/12/2024 |
| 26 | Б510 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 27 | Б511 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 28 | Б512 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 29 | Б513 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 30 | Б514 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 31 | Б515 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 32 | Б516 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 33 | Б517 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 34 | Б518 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 35 | Б519 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 36 | Б520 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 37 | Б521 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 38 | Б522 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 39 | Б523 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 40 | Б524 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 41 | Б525 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 42 | Б526 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |

# Список на отуѓени основни средства за 2024

шифра Б организација

| ред.бр. | Бр.осн.сред. | Назив на ОС | год. | конто | стапка | колич. | Набавна вред. | Отпишана | Аморт. | Сегашна | отпис на |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 43 | Б527 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 44 | Б528 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 45 | Б529 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 46 | Б530 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 47 | Б531 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 48 | Б532 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 49 | Б533 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 50 | Б534 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 51 | Б535 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| 52 | Б536 | Таблет СМАРТ ПАД 7 | 2020 | 022000 | 0.00 | 1 | 5,610.00 | 3,366.00 | 0.00 | 2,244.00 | 31/12/2024 |
| | | | | | Вкупно | | 1,660,128.80 | 1,417,918.40 | 0.00 | 242,210.40 | |

**ООУ НАУМ ОХРИДСКИ** 12/02/2025

# Список на отуѓени основни средства за 2024

**шифра Ц организација**

| ред.бр. | Бр.осн.сред. | Назив на ОС | год. | конто | стапка | колич. | Набавна вред. | Отпишана | Аморт. | Сегашна | отпис на |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 53 | 215 | Телевизор | 0 | 022000 | 0.00 | 1 | 14,413.00 | 14,413.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 54 | 263 | Камера со рекордер | 2016 | 022000 | 0.00 | 1 | 50,898.00 | 50,898.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 55 | Ц189 | Лаптоп за ученици | 0 | 022000 | 0.00 | 11 | 275,286.00 | 275,286.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 56 | Ц247 | фотокопир КАНОН | 2016 | 022000 | 0.00 | 1 | 23,211.00 | 23,211.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 57 | Ц274 | Штампачи Епсон донација | 2016 | 022000 | 0.00 | 1 | 3,883.00 | 3,883.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 58 | Ц282 | Компјутер | 2017 | 022000 | 0.00 | 1 | 21,308.00 | 21,308.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 59 | 197/4 | Монитори | 0 | 022000 | 0.00 | 3 | 24,790.00 | 24,790.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 60 | Ц176/2 | Монитор -лцд 5005 од /8 до /21 | 0 | 022000 | 0.00 | 2 | 35,516.00 | 35,516.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 61 | 198 | Глувче ДМ-9001 | 0 | 022000 | 0.00 | 40 | 22,037.00 | 22,037.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 62 | 200 | Тастатура | 0 | 022000 | 0.00 | 40 | 19,325.00 | 19,325.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 63 | 201 | ТИН КЛИЕНТ ХД | 0 | 022000 | 0.00 | 38 | 150,282.00 | 150,282.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 64 | 197/1 | Монитори | 0 | 022000 | 0.00 | 8 | 66,110.00 | 66,110.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 65 | Ц176/1 | Монитор ЛЦД-5005 | 0 | 022000 | 0.00 | 7 | 87,008.00 | 87,008.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| 66 | Ц208/1 | Персонален компјутер | 0 | 022000 | 0.00 | 3 | 32,413.00 | 32,413.00 | 0.00 | 0.00 | 31/12/2024 |
| | | | | | | **Вкупно** | 826,480.00 | 826,480.00 | 0.00 | 0.00 | |
| | | | | | | **Се вкупно** | 2,486,608.80 | 2,244,398.40 | 0.00 | 242,210.40 | |

Претседател на пописна комисија

[signature]

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ НАУМ ОХРИДСКИ, РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, с.Булачани, Скопје

**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје

**Претставник:** директор, Александра Петковска Анастасов

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА НА УЧИЛИШЕН ОДБОР НА ООУ "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА РАСХОДУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2025 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 108 став (1) алинеја 12, а во врска со член 113 став (1) алинеја 22 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19, 229/20 и 3/25), член 34 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на РМ" бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-1261/1 од 25.02.2025 година, Советот на Општина Гази Баба на ______________ седница одржана на __.__.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА НА УЧИЛИШЕН ОДБОР НА ООУ "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА РАСХОДУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност на Одлука бр.02-45/12 од 07.02.2025 година, за расходување на основни средства (оштетени и неупотребливи ствари), донесена од училишниот одбор на ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ООУ "Григор Прличев",Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Се задолжува директорот на ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје да ја спроведе оваа одлука и одлуката на училишниот одбор од членот 1 од оваа одлука заради книжење на разликите и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, утврдена со редовниот попис.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА НА УЧИЛИШЕН ОДБОР НА ООУ "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА РАСХОДУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА**

***<u>ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ</u>***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 108 став (1) алинеја 12, а во врска со член 113 став (1) алинеја 22 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19, 229/20 и 3/25) и член 34 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на РМ" бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13).

***<u>ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ</u>***

ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје, до Советот на Општина Гази Баба поднесе барање бр.09-1261/1 од 25.02.2025 година за добивање на согласност на одлука на училишниот одбор за расходување на основни средства (оштетени и неупотребливи ствари), бр.02-45/12 од 07.02.2025 година.

***<u>ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА</u>***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

„ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ Скопје

ул.„Гемиџиска“ бр.57 Скопје ☎ 5 126 834

e-mail oougrigorprlicev@gmail.com www.grigorprlicev.edu.mk

---

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Градоначалник
СКОПЈЕ

| Примено: | 25-02-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог | Вредност |
| 09 | 1261/1 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ГРИГОР ПРЛИЧЕВ
Бр. 02-85/1
24.02. 2025 год.
СКОПЈЕ

До:

Совет на Општина Гази Баба

Скопје

ПРЕДМЕТ: Известување и барање согласност за спроведиување Одлука за расходување на средства кои се оштетени или вон употреба

Општинското основно училиште „Григор Прличев“, Скопје, спроведе редовен попис и од страна на пописната комисија доставен е Извештај со Предлог до Училишниот одбор на училиштето за расходување на средства кои се оштетени или вон употреба.

Од страна на училишниот одбор на 07.02.2024 година прифатен е предлогот број 02-251/2 од Централната пописна комисија и донесена е едногласно одлука број 02-45/12, која Ви ја доставуваме во прилог на известувањето.

Како основач на основните училишта и надлежен за користење и располагање на стварите во општинска сопственост се обраќаме до Вас со барање за добивање согласност за спроведување на Одлуката.

Прилог:

1.Одлука број 02-45/12

Директор

Александра Петковска Анастасов

Врз основа на член 106 точка 1 и 7, член 108 точка 1 алинеа 12 од Законот за основно образовани („Службен весник на РСМ бр. 161 од 05 август 2019 година) и Извештајот број 02-260/4 од Централната пописна комисија од извршен редовен попис за 2023, Училишниот одбор при ООУ„Григор Прличев", Скопје, на својата 39-та редовна седница одржана на ден 07.02.2025 година, донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ГРИГОР ПРЛИЧЕВ
Бр. 02-45/12
07.02.2025 год.
СКОПЈЕ

# О Д Л У К А

За прифаќање Предлог во Извештај број 02-251/2 од
Централната пописна комисија од спроведен редовен попис

1.Донесена е Одлука прифатен е Предлогот во Извештајот број 02-251/2 од Централната пописна комисија од спроведениот редовен попис во 2024 година на ООУ „Григор Прличев", Скопје..

2.Комисијата за попис,поради неупотребливост, даде предлог за расходување на следниве основни средства:

| | ОПИС | КОЛИЧИНА | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|
| Канцеларија на секретар | Клима уред AIRFEL | 1 | Предлог за расход |
| Подрум | Клима уред HYUNDAI | 1 | Предлог за расход |
| Подрум | тросед | 1 | Предлог за расход |
| Подрум | Парачистач на пареа | 1 | Предлог за расход |
| Кабинет по одделенска настава-Славица Мојсоска | Smart pad IYO 3G phone Mediacom-телефон мобилен | 2 | Предлог за расход |
| Кабинет по одделенска настава-Славица Мојсоска | Huawei mate pad T8 phone | 2 | Предлог за расход |

3.Одлуката стапува на сила со денот на доесувањето.

Претседател на училишен одбор

/Костадин Андов/

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ГРИГОР ПРЛИЧЕВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје

**Претставник:** в.д директор, м-р Марина Анѓелкова Арсова

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА ЗА РАСХОДУВАЊЕ И ОТТУЃУВАЊЕ НА СТАРИ И НЕУПОТРЕБЛИВИ СТВАРИ, НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2025 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-1163/1 од 18.02.2025 година, Советот на Општина Гази Баба на ____________ седница одржана на __.__.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА ЗА РАСХОДУВАЊЕ И ОТТУЃУВАЊЕ НА СТАРИ И НЕУПОТРЕБЛИВИ СТВАРИ, НА ЈУДГ ''25 МАЈ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за расходување и оттуѓување на стари и неупотребливи ствари, бр.02-71/6 од 05.02.2025 година, донесена од управниот одбор на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број ________**
**од __.__.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ- ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА ЗА РАСХОДУВАЊЕ И ОТТУЃУВАЊЕ НА СТАРИ И НЕУПОТРЕБЛИВИ СТВАРИ, НА ЈУДГ ''25 МАЈ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог - Одлуката е член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24).

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

ЈУДГ 25 Мај - Општина Гази Баба - Скопје, до Советот на Општина Гази Баба поднесе барање бр.09-1163/1 од 18.02.2025 година, за добивање согласност на Одлука за расходување и оттуѓување на стари и неупотребливи ствари, бр.02-71/6 од 05.02.2025 година, донесена од управниот одбор на установата.

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Република Македонија
Јавна установа за деца-Детска градинка
"25 МАЈ" Општина Гази Баба
Бр. 03-83/1
11.02.2025 год.
СКОПЈЕ


**ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА "25 М А Ј"**
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СКОПЈЕ**
*Ул. Срећко Пужалка- бб н.Ченто-, тел.2 522-473 факс 2 527 200*
**е-маил :judg_25_maj@yahoo.com**


Архив. знак:
Рок на чување
20... год.
Потпис

**Дел.бр.03-83/1**
**Од 11.02.2025 год.**

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Градоначалник
СКОПЈЕ

| Примено: 18 -02- 2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилози | Вредност |
| 09 | 1163/1 | | |

**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**СКОПЈЕ**

**ПРЕДМЕТ: Барање за давање согласност на Одлуката за расходување и отуѓување на стари и неупотребливи ствари, донесена од Управен одбор на ЈУДГ"25 Мај"Општина Гази Баба Скопје**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМбр.05/2002год.) ги доставуваме следните материјали:

- Барање за давање согласност на Одлуката за расходување на стари и неупотребливи ствари, донесена од Управен одбор на ЈУДГ"25 Мај"Општина Гази Баба Скопје, со **Дел.број 02-71/6 од 05.02.2025 год.**

Ве молиме согласно законската процедура, одлуките донесени од страна на Управниот одбор од седницата одржана на ден: 05.02.2025 година, да бидат ставени на дневен ред и усвоени од Советот на Општина Гази Баба.
**Ви благодариме на соработката.**
**Со почит.**

**ПРИЛОГ: МАТЕРИЈАЛИ ПО БАРАЊЕТО**

**В.Д- ДИРЕКТОР**
**М-р.Марина Анѓелкова Арсова**

Република Македонија
Јавна установа за деца-Детска градинка
"25 МАЈ" Општина Гази Баба
Бр. 02-71/6
05.02.2025 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по Правилникот за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот („Службен весник на РМ" бр. 107/11) и член 27 од Статутот на Јавната установа за деца- Детска градинка „25 Мај"-Општина Гази Баба - Скопје, Извештајот за извршениот попис на средствата и обврските со состојба на ден 31.12.2024 година поднесени од Централната пописна комисија под Дел. Бр. 02-71/4 од 05.02.2025 година и одлуката за усвојување на Извештајот од извршениот попис под бр.02-71/5 од 05.02.2025 год. Управниот одбор на седницата одржана на ден 05.02.2025 донесе:

**ОДЛУКА**
**ЗА РАСХОДОВАЊЕ И ОТУЃУВАЊЕ НА СТАРИ И НЕУПОТРЕБЛИВИ СТВАРИ**

1. Со утврдување на стварната состојба на опремата која не е во употреба, нема сегашна вредност и во целос е амортизирана заради застареност и нејзина нефункционалност при извршениот попис за 2024 година од страна на комисијата за попис за 2024 година во ЈУДГ 25 Мај Гази Баба Скопје истите се расходоваат.

2. Отпишаната и расходована опрема, ситен инвентар да се отуѓи со одлагање како отпаден комунален материјал .

3. Се отуѓуваат стари и неупотребливи основни средства во сопственост на ЈУДГ 25 Мај Гази Баба, дадени во прилог на оваа одлука

4. За реализирање на работите од точка 1 да се формира Комисија во состав:
   - Емилија Николова - претседател
   - Игор Стојчевски- член
   - Светлана Спасовска - член

5. Се задолжува смековдителот да направи амортизација и ревалоризација на основните средства.

6. Комисијата има задача согласно Пописните листи за расходуваниот ситен инвентар и основни средства по сите објекти да ги собере предметите и изврши нивно одлагање.

7. Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето а ќе се применува по добивањето на согласност од Советот на Општината Гази Баба, Скопје.

Прилог:

| р.б. | опис на средството СОНЦЕ | количина | Реална набавна вредност | Сегашна вредност |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Електричен казан | 1 | 20.893,00 | 0,00 |
| 2. | Клима марка Тесла | 1 | 19.838,00 | 18.185,00 |
| | | **Вкупно** | **40.731,00** | **18.185,00** |
| р.б. | опис на средството ДЕТЕЛИНКА | количина | Реална набавна вредност | Сегашна вредност |
| 1. | Рекс кревети | 24 | 11.057,00 | 0,00 |
| 2. | Столица канцелариска С-700 | 4 | 2.798,00 | 0,00 |
| | | **Вкупно** | **13.855,00** | **0,00** |
| р.б. | опис на средството ПОНИ | количина | Реална набавна вредност | Сегашна вредност |
| 1. | Хромиран кревет бебешки | 1 | 4.187,00 | 0,00 |
| 2. | Рекс кревети | 14 | 3.164,00 | 0,00 |
| 3. | Детски столчиња | 20 | 2.400,00 | 0,00 |
| | | **Вкупно** | **9.751,00** | 0,00 |
| р.б. | опис на средството МОРКОВЧЕ | количина | Реална набавна вредност | Сегашна вредност |
| 1. | Детски столчиња Бамби | 6 | 2.385,00 | 0,00 |
| 2. | Рекс креветчиња | 7 | 670,00 | 0,00 |
| | | **Вкупно** | **3.055,00** | **0,00** |
| р.б. | опис на средството СИНОЛИЧКА | количина | Реална набавна вредност | Сегашна вредност |
| 1. | Рекс кревети / Морковче | 17 | 11.410,00 | 0,00 |
| | | **Вкупно** | **11.410,00** | **0,00** |
| | | **СЕ ВКУПНО** | **78.802,00** | **18.185,00** |

Дел.бр.02-71/6
од 05.02.2025 год.

**Претседател на Управен одбор**
**Мичо Ангеловски**

СКОПЈЕ

**С О В Е Т   Н А   О П Ш Т И Н А   Г А З И   Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач**: ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје

**Претставник:** в.д.директор, Игор Атанасовски

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА НА**
**ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2025 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22), член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2024 година, бр.02-48/3 од 28.02.2025 година, Советот на Општина Гази Баба на _____________ седница одржана на __.__.2025 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2024 година, бр.02-48/3 од 28.02.2025 година, донесена од управниот одбор.

### Член 2

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22), член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24).

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје до Совет на Општина Гази Баба со допис бр.09-1432/1 од 04.03.2025 година, достави Одлука за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2024 година, бр.02-48/3 од 28.02.2025 година и Годишен извештај за работењето на претпријатието за 2024 година.

Член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија гласи:

Основачот на јавното претпријатие дава согласност на:
...................

"(7) Годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие."

Член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа гласи:

(1) Советот:
...................
"9. Ги усвојува извештаите за работата и годишните сметки на јавните служби, кои ги основала општината;"

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. 1 бр. 126 Трубарево 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр: 4030007001674
e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел: +389 2 322 48 01

ДО
СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Јавно комунално претпријатие
ГАЗИ БАБА-2007
Бр. 03-293
03.03 2025 год.
СКОПЈЕ

ПРЕДМЕТ: Достава на Одлука за усвојување на Годишната сметка за 2024 и Годишниот извештај за работењето на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 за 2024 година, Одлуката за распределба на добивката за 2024 година

Почитувани,

Согласно Член 11 од Законот за Јавни Претпријатија, во прилог Ви доставуваме:

- Одлука за усвојување на Годишната сметка за 2024 година,
- Годишниот извештај за работењето на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 за 2024 година, и
- Одлуката за распределба на добивката за 2024 година.

Усвоени на Седницата на Управниот одбор од 28.02.2025 година

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Градоначалник
СКОПЈЕ

| Примено: | 04-03-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 09 | 1432/1 | | |

ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 Скопје
В.Д. Директор
Игор Атанасовски

Јавно комунално претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 СКОПЈЕ

Архив. знак:
Рок на чување
280

Врз основа на Член 19 став 2 точка 4 од Законот за Јавни Претпријатија Службен весник на РМ бр. 38/96, 9/97, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 48/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 и 274/22) и Член 16 став 1 точка 4 од Статутот на ЈКП Гази Баба-2007 Скопје, Управниот Одбор на Седницата одржана на 28.02.2025 година ја донесе следната

Јавно комунално претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 Бр. 02-48/3 28.02.2025 год. СКОПЈЕ

ОДЛУКА
За усвојување на Годишната сметка на
ЈКП Гази Баба-2007

Член 1
Се усвојува Годишната Сметка на ЈКП Гази Баба-2007 за 2024 година.

Член 2
Составен дел на Одлуката е Годишната Сметка на ЈКП Гази Баба-2007 за 2024 година (Извештајот за работењето на ЈКП ГАЗИ БАБА за 2024 година).

Член 3
Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивањето на согласност од страна на основачот-Советот на Општина Гази Баба.

ЈКП"Гази Баба -2007"
УПРАВЕН ОДБОР
Претседател

______________________________

Јавно комунално претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 СКОПЈЕ

ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. 1 бр. 126 Трубарево 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр: 4030007001674
e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел: +389 2 322 48 01

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊТО НА Ј.К.П. ГАЗИ БАБА 2007-СКОПЈЕ ВО 2024 ГОДИНА

Во 2024 година ЈКП Гази Баба работи како организирано претпријатие.

Претпријатието во 2024 година остварило вкупен приход од **126.614.801,00** ден, додека пак вкупните трошоци за 2024 година се **124.468.902,00** ден. Врз основа на ова има остварено добивка пред оданочување од **2.145.899,00** денари .

Данок на добивка изнесува **383.830,00** денари.Па како резултат на тоа имаме **1.762.069,00** денари нето добивка по оданочување.Ова добивка ќе биде ставен на контото акумулирани добивки.

Состојбата на жиро сметка со 31.12.2024 година изнесува **7.384.688,00** денари.

ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. 1 бр. 126 Трубарево 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Даночен бр: 4030007001674 Тел: +389 2 322 48 01

Во понатамошното излагање поконкретно ќе Ве запознаеме со работењто и постигнатите резултати.
-Прво спецификација на трошоците –поблиску ќе Ве запознаеме кои трошоци се направени и во кои износи.
-Второ, накратко ќе бидат искоментирани некои податоци од Билансот на успех и Билансот на состојба.
- Трето, краток заклучок Ве известуваме за работењето на ЈКП Гази Баба-2007-Скопје во 2024 година.

**ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"**

ул. 1 бр. 126 Трубарево 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр: 4030007001674
e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел: +389 2 322 48 01


ЈКП ГАЗИ БАБА-2007

**Спецификација на трошоци за 2024 година**

| | |
|---|---|
| Потршени материјали и суровини(урбана опрема) | **7.619.457,00** |
| Потрошен канцелариски материјал | **150.384,00** |
| Потрошен материјал за хигена | **211.039,00** |
| Униформирана облека и обувки | **698.600,00** |
| Потрошени материјали за водоснабдување | **1.407.495,00** |
| Електрична енергија(улично осветлување и друго) | **30.522.869,00** |
| Гориво за моторни возило и косилки | **5.011.270,00** |
| Трошоци за материјали и резервни делови за сервис и одржување | **1.659.220,00** |
| Потрошени материјали и резервни делови за возила | **3.036.499,00** |
| Потршени материјали за одржување на улично осветлување | **1.554.516,00** |
| Потрошени материјали за одржување канализациони мрежи | **1.715.636,00** |
| Транспортни услуги | **14.300,00** |
| Трошоци за одржување фонтана | **465.199,00** |
| Трошоци за тековно одржување на недвижности, постројки и опрема | **253.090,00** |
| Услуги за одржување на улично осветлување | **1.270.795,00** |
| Услуги за одржување хигиена | **15.000,00** |
| Трошоци за ситен инвентар(100%отпис) | **743.126,00** |
| Транспортни услуги | **31.480,00** |
| Телефонски услуги и интернет(мобилни и фиксни телефони) и поштенски услуги | **446.962,00** |
| Надворешни услуги(сервис тоалети, анализа вода и сл) | **290.881,00** |
| | |
| Услуги за одржување на софтвер и web страна | **101.450,00** |
| Услуги за одржување на моторни возила | **5.614,00** |

ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. 1 бр. 126 Трубарево 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр: 4030007001674
e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел: +389 2 322 48 01

| | |
|---|---|
| Услуги за одржување на канализациона мрежа-системи | **691.300,00** |
| Обезбедување на имот | **22.000,00** |
| Останати услуги за одржување | **2.600,00** |
| Комунални услуги-вода | **28.004,00** |
| Услуги за дезинфекција, дезинсекција и дератизација | **10.000,00** |
| Останати комунални услуги | **733.032,00** |
| Одржување на зеленило | **2.445.310,00** |
| Трошоци за регистрација на автомобили | **58.190,00** |
| Услуги за огласување во медиуми | **171.497,00** |
| Услуги за препис,копирање | **23.000,00** |
| Услуги на агенција за привремени вработувања | **13.952.824,00** |
| Трошок за Бруто плата за вработени во ЈКП Гази Баба-2007 | **11.033.879,00** |
| Трошоци за обука на вработени | **22.750,00** |
| Трошоци за регрес | **472.226,00** |
| Амортизација на алат,канцелариски инвентар и транспортни средства | **3.917.856,00** |
| Трошоци за членови на управен и надзорен одбор | **300.004,00** |
| Трошоци за репрезентација | **169.240,00** |
| Трошоци за осигурување на објекти и транспортни средства | **75.644,00** |
| Трошоци за осигурување на лица | **23.400,00** |
| Банкарска провизија | **70.656,00** |
| Членарина на здруженија и лиценцирани права | **12.073,00** |
| Административни, судски трошоци и останати трошоци | **108.840,00** |
| Трошоци за договор на дело | **50.000,00** |
| Договор на дело –сезонски работници | **31.562.109,00** |
| Консултантски,советодавни услуги, надзор | **513.010,00** |
| ИТ услуги | **131.349,00** |
| Адвокатски и нотарски трошоци | **210.000,00** |
| Трошоци за книги,прирачници,службен весник | **12.371,00** |
| Сметководствени услуги | **212.000,00** |
| Трошоци за наемнина | **76.615,00** |

ул. 1 бр. 126 Трубарево 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Даночен бр: 4030007001674 Тел: +389 2 322 48 01


| | |
|---|---|
| Дополнително утврдени трошоци од минати години | **10.825,00** |
| Камати | **100.817,00** |
| Останати трошоци на работењето и вредносно усогласување(сметки за вода) | **29.539,00** |
| **Вкупно Трошоци** | **124.476.762,00** |

**Спецификација на приходи 2024 година**

| | |
|---|---|
| Приходи од вода и одржување на јавни површини и извшрени услуги-приклучоци | **16.495.459,00** |
| Приходи од субвенција(за сезонски работници) | **31.890.380,00** |
| Приходи од донација и помош, дадени попусти и рабати | **850.240,00** |
| Капитална субвенција | **4.600.000,00** |
| Останати финансиски приходи(префактурирање) | **70.763.664,00** |
| Останати финансиски приходи | **2.015.058,00** |
| **Вкупно приходи:** | **126.614.801,00** |

# ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. 1 бр. 126 Трубарево 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр: 4030007001674
e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел: +389 2 322 48 01


**Годишната сметка на ЈКП Гази Баба-2007 се состои од:**

**Биланс на успех за 2024 година заклучно со 31.12.2024 година**

| | |
|---|---|
| **Остварени приходи** | **126.614.801,00** |
| **Остварени трошоци** | **124.476.762,00** |
| **Добивка пред оданочување** | **2.138.039,00** |
| **Данок на добивка** | **383.830,00** |
| **Добивка по оданочување** | **1.754.206,00** |

**Биланс на состојба за 2024 година заклучно со 31.12.2024 година**

| | |
|---|---|
| **Средства** | **47.481.399,00** |
| **Жиро сметка** | **7.384.688,00** |
| **Пари во каса** | **13.040,00** |
| **Побарувања од физички лица (сметки за вода)** | **1.194.681,00** |
| **Побарувања од купувачи-фактури** | **9.709.990,00** |
| **Побарување за повеќе платен ДДВ** | **647.877,00** |
| **Обврски кон добавувачи** | **19.964.832,00** |
| **Обврски за придонеси и персонален данок за вработени во ЈКП Гази Баба-2007** | **244.114,00** |
| **Обврски за нето плата за вработени во ЈКП Гази Баба-2007** | **564.337,00** |
| **Обврски за нето плата за сезонски работници** | **1.180.070,00** |
| **Обврски за осигурвање за сезонски работници** | **226.524,00** |
| **Обврски за персонален данок за сезонски работници** | **252.555,00** |
| **Обврски за фонд за вода** | **46.323,00** |
| **Залиха на материјали и резервни делови** | **6.174.476,00** |

# ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. 1 бр. 126 Трубарево 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Даночен бр: 4030007001674 Тел: +389 2 322 48 01


Трошоците за вработените во ЈКП Гази Баба-2007 изнесуваат 45,5% од вкупните трошоци, додека пак остатокот од 54,5 % се трошоците кои се направени во врска со дејноста.

Со увид во Билансот на состојба може да се констатира дека вкупните парични средства (жиро сметка и каса) изнесуваат 7.397.728,00 денари,краткорочните побарувања изнсуваат 10.904.671,00 денари додека пак краткорочните обврски кон добавувачи се 6.725.191,00 денари.Други долгорочни задолжувања немаме.

ИЗРАБОТИЛ
АЛЕКСАНДАР АК ДОО Скопје

# С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач**: ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје

**Претставник:** в.д.директор, Игор Атанасовски

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2025 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 11 став (1) точка 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2024 година, бр.02-48/4 од 28.02.2025 година, Советот на Општина Гази Баба на ______________ седница одржана на __.__.2025 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2024 година, бр.02-48/4 од 28.02.2025 година, донесена од управниот одбор.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 11 став (1) точка 3 од Законот за јавните претпријатија (''Службен весник на РМ'' бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ''Службен весник на РСМ'' бр.275/19, 89/22 и 274/22) и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24).

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје до Совет на Општина Гази Баба со допис бр.09-1432/1 од 04.03.2025 година, достави Одлука за распределба на добивката од работењето на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје за 2024 година, бр.02-48/4 од 28.02.2025 година, донесена од управниот одбор.

Член 11 став (1) точка 3 од Законот за јавните претпријатија гласи:

Основачот на јавното претпријатие дава согласност на:
...................

''(3) Актот за употреба на средствата остварени со работењето на јавното претпријатие и покривањето на загубите;''

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Согласно Член 19 став 2 точка 5 од Законот за јавни претпријатија Службен весник на РМ бр. 38/96, 9/97, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 25/2015, 61/2015, 148/2015, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22) член 16 став 1 точка 5 од Статутот на Јавното комунално претпријатие, Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие "ГАЗИ БАБА-2007"-Скопје на својата седница одржана на ден 28.02.2025 година донесе

Јавно комунално претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 Бр. 02-48/4 28.02 2025 год. СКОПЈЕ

# О Д Л У К А

## За распределба на добивката од работење на ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"-Скопје за 2024 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши распределба на нето добивката остварена во 2024 година од страна на ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"-Скопје.

Член 2

Се одлучува нето добивката на ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"-Скопје по оданочување во износ од МКД 1 762 069.00 остварена во 2024 година да се распореди на следниот начин и тоа:

- нето добивката по оданочување ќе биде ставена на конто во акумулирана добивка.

Член 3

Се задолжува Директорот на Претпријатието, согласно член 11 од Законот за Јавни претпријатија и член 23 точка 3 од Статутот на Претпријатието да ја достави оваа Одлука до Советот на Општина Гази Баба.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивањето на согласност од страна на основачот-Советот на Општина Гази Баба.

ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"
УПРАВЕН ОДБОР
Претседател

Јавно комунално претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 СКОПЈЕ

# С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** Сектор за локален економски развој и европски интеграции

**Претставник:** Сашо Трајков, раководител на сектор

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА**
**ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ,**
**НА ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ - ЛОКАЛНА**
**АКЦИОНА ГРУПА "СКОПСКА ЦРНА ГОРА",**
**ЗА ПЕРИОД 2024 - 2027 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2025 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 89 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој ("Службен весник на РМ" бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19 и "Службен весник на РСМ" бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), член 2 став (7) од Правилникот за поблиските услови за запишување во евиденцијата на локалната акциона група, постапката за упис, потребната документација и начинот на водење на евиденцијата ("Службен весник на РМ" бр.40/13 и "Службен весник на РСМ" бр.168/23), член 2 од Правилникот за содржината и методологијата за подготовка на стратегиите за локален развој на руралните средини и начинот за нивно донесување ("Службен весник на РМ" бр.40/13 и "Службен весник на РСМ" бр.168/23), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на __________ седница одржана на __.__ 2025 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ, НА ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ - ЛОКАЛНА АКЦИОНА ГРУПА "СКОПСКА ЦРНА ГОРА", ЗА ПЕРИОД 2024 - 2027 ГОДИНА

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Стратегијата за локален развој на руралните средини, на здружение за рурален развој - Локална Акциона Група "Скопска Црна Гора", за период 2024 - 2027 година.

**Член 2**

Стратегијата за локален развој на руралните средини, на здружение за рурален развој - Локална Акциона Група "Скопска Црна Гора", за период 2024 - 2027 година, се објавува на веб страната на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Одлуката да се достави до соосновачите за здружението, општините Илинден, Бутел и Чучер Сандево.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ, НА ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ - ЛОКАЛНА АКЦИОНА ГРУПА "СКОПСКА ЦРНА ГОРА", ЗА ПЕРИОД 2024 - 2027 ГОДИНА'

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог - Одлуката се член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 89 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој ("Службен весник на РМ" бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19 и "Службен весник на РСМ" бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), а во врска со член 2 став (7) од Правилникот за поблиските услови за запишување во евиденцијата на локалната акциона група, постапката за упис, потребната документација и начинот на водење на евиденцијата ("Службен весник на РМ" бр.40/13 и "Службен весник на РСМ" бр.168/23).

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

Член 89 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој, гласи:

…………..

(6) Поблиските услови од ставот (1) на овој член за запишување, постапката за упис, потребната документација и начинот на водење на евиденцијата од ставот (5) на овој член поблиску ги пропишува министерот."

…………..

Член 2 од Правилникот за поблиските услови за запишување во евиденцијата на локалната акциона група, постапката за упис, потребната документација и начинот на водење на евиденцијата, гласи:

„ЛАГ треба да ги исполнува следните поблиски услови за да биде запишан во Евиденцијата на ЛАГ:

1) да има соодветна правна форма;

2) да има соодветна опфатеност на територија и население, и тоа:

- територијата на ЛАГ треба да ги опфаќа катастарските граници на најмалку две или повеќе рурални заедници кои катастарски граничат помеѓу себе или најмалку две или повеќе општини кои се дефинирани како рурални средини и катастарски граничат помеѓу себе;

- бројот на населението во еден ЛАГ да биде не помалку од 5.000 и не повеќе од 100.000 жители.

3) членовите на ЛАГ да живеат на територијата која истиот ја опфаќа,

4) членовите на ЛАГ, како здруженијата на граѓани, земјоделските производители, жените и младите во руралните средини да бидат застапени со најмалку 50% од сите членови;

5) членовите со право на глас во управниот орган на ЛАГ кој е основан по пат на јавно-приватното партнерство од секој јавен или приватен партнер поединечно да не бидат застапени со повеќе од 50%;

6) жените и младите да имаат најмалку по еден претставник во управниот орган;

**7) да има Стратегија на ЛАГ за локален развој на рурални средини;**

8) да има јасни и транспарентни постапки за донесување на одлуки;

9) да има јасни правила и постапки за избор на членови на органите за управување и нивните права и обрски;

10) да има тековни консултации со сите членови на ЛАГ;

11) да има ефикасен начин за размена на информации и одлуки со сите заинтересирани страни;

12) да има редовно известување за работењето и функционирањето на ЛАГ (полугодишни и годишни извештаи со преглед на склучени договори, реализирани проекти и користени финансиски средства)и

13) да има обучен управител, кој може да го организира работењето на ЛАГ и да го координира спроведувањето на Стратегија на ЛАГ за локален развој на рурални средини.“

**Прилог 1** од Правилникот за содржината и методологијата за подготовка на стратегиите за локален развој на руралните средини и начинот за нивно донесување ("Службен весник на РМ" бр.40/13 и "Службен весник на РСМ" бр.168/23).

Детална содржина на Стратегија на ЛАГ за локален развој на руралните средини

**Поглавја:**

**1. Граница и територија**

1.1. Географски карактеристики

**2. Состав и квалификување на локалната акциона група (ЛАГ)**

2.1. Организациона структура

2.2. Состав на Локалната акциона група

2.3. Планирани активности

2.4. Правила задачи и режим на операции

**3. Основање на Раководно тело на ЛАГ (Управување со ЛАГ)**

3.1. Организирање и работење

3.2. Задачи и одговорности

3.3. Финансирање на ЛАГ

**4. Процес на изработување на Стратегијата на ЛАГ-от (вклученост на сите засегнати страни)**

**5. Територијална анализа на локалната област**

5.1. Население

5.2. Економија и вработување

5.3. Земјоделство

5.4. Природа и животна средина

5.5. Туризам

5.6. Инфраструктура/капацитети

5.7. Образование и структурен развој

5.8. Други мерки за структурен развој (финансирани од ЕУ, државна помош)

**6. Предности и недостатоци на локалната област (СВОТ анализа)**

**7. Усогласеност со другите стратегии и програми**

7.1. Краток опис на односот на стратегијата со другите развојни документи

**8. Стратешко планирање (визија, стратешки цели, приоритети и мерки поврзани со најмалку две од шестте приоритетни теми)**

- Рурална економија
- Рурален туризам
- Локална заедница
- Јавен простор
- Животна средина и
- Вмрежување

**9. Акциски план за спроведување на Стратегијата со табеларен опис на планираните активности и идеи и/или примери за проектите што треба да се спроведат поврзани со следните приоритетни теми: рурална економија, рурален туризам, локална заедница, јавен простор, животна средина и вмрежување.**

**10. Планирана меѓунационална и меѓутериторијална соработка**

**11. Постапка за следење и самооценување**

11.1. Опис на системот за следење и процесот на самооценување

11.2. Индикатори и цели

**12. Односи со јавноста**

**13. Финансиски предвидувања**

13.1 Финансиски план

13.2 Можни извори на финансирање

13.3 Начин на ко-финансирање

**14. Прилози**

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката има финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за тековната 2025 година, од причина што сите четири општини ќе го кофинансираат ЛАГ-от Скопска Црна Гора во наредните најмалку две години. Кофинансирањето ќе оди согласно следниот принцип: број на рурално население х 20 денари по глава на рурално население.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

# ЛАГ
# Скопска
# Црна Гора

## СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ 2024-2027

Општина Гази Баба, Бутел, Чучер Сандево и Илинден

Јули 2024 година

## Содржина

Резиме ........................................................................................................................ 3

1. Граница, територија и местоположба на ЛАГ Скопска Црна Гора .......................... 8
2. Состав и квалификување на Локалната Акциска Група Скопска Црна Гора ......... 10
3. Процес на изработка на стратегија на ЛАГ Скопска Црна Гора ............................. 18
4. Усогласеност на стратегијата на ЛАГ Скопска Црна Гора со останатите стратешки документи од значење за локалниот и руралниот развој ........................................ 19
5. Територијална анализа на областа на ЛАГ Скопска Црна Гора ............................. 21
6. Економски карактеристики .......................................................................................... 28
7. Природа и животна средина на подрачјето на ЛАГ Скопска Црна Гора ................. 34
8. Култура ......................................................................................................................... 41
9. Туризам ......................................................................................................................... 48
10. Здравство и социјална заштита .................................................................................. 52
11. SWOT анализа .............................................................................................................. 56
12. Визија, мисија, стратешки цели, приоритети и мерки на ЛАГ Скопска Црна Гора.............................................................................................................................. 71
13. Меѓунационална и меѓутериторијална соработка .................................................... 87
14. Следење и оценување .................................................................................................. 90
15. Комуникација и односи со јавност ............................................................................ 155
16. Финансиски предвидувања ........................................................................................ 166

# Резиме

ЛЕАДЕР пристапот претставува уникатна можност за заедничко остварување на руралниот развој преку локална поддршка. Постојат седум клучни карактеристики кои го сумираат ЛЕАДЕР пристапот : 1. Стратегија за локален развој заснована на територија; 2. Пристап “од долу нагоре” со моќ за одлучување на Локалните акциони групи во врска со изработувањето и спроведувањето на стратегиите за локален рурален развој, 3. Јавно – приватно партнерство : Локална акциона група (ЛАГ); Иновациски активности; 5. Повеќесекторски активности и спроведување на истите; 6. Вмрежување помеѓу Локалните акциони групи и 7. Спроведување на проекти за соработка. Овие карактеристики претставуваат една целина (сет на алатки) и секоја карактеристика е комплементарна и има позитивно взаемно дејство со другите карактеристики низ целиот процес на спроведување, со трајни ефекти врз динамичноста на руралните средини и нивниот капацитет да ги решат сопствените проблеми.

Токму во таа насока, а согласно критериумите на ЛЕАДЕР принципот за развој заоснован на територија, дел од териториите на општините Гази Баба, Илинден, Бутел и Чучер Сандево се сметаат за територии со ограничени можности за рурален развој, но со огромен потенцијал како ЛАГ затоа што претставуваат една заедничка кохерентна целина која што ја поврзуваат локалниот идентитет, културните и традиционални вредности, протокот на луѓе, стока и добра, но и заедничката традиција и поврзаност векови наназад. Територија препознатлива по локалните природни убавини, Скопска Црна Гора богата со шуми, вода, пештери, региони и локации кои што имаат богато историско и културно минато, но и крај со плодно земјоделско земјиште.

Стратегијата за развој на руралните средини на ЛАГ Скопска Црна Гора се простира на територија од 446,8 km2 со вкупно 42 рурални заедници и се простира на териториите на општина Чучер Сандево, Бутел, Гази Баба и Илинден без урбаните населени места на општина Бутел и Гази Баба. На територијата на ЛАГ-от во руралните средини живеат вкупно 71.412 жители и тоа: општина Чучер Сандево со 9.200 жители, општина Бутел со 13.577 жители, општина Гази Баба 31.200 и општина Илинден 17.435 жители. Учеството на машката популација, на ниво на територијата на ЛАГ СЦГ изнесува 36.264 (%), додека на женската популација е 35.148 (%). Територијата на ЛАГ-от е со слични карактеристики на родова застапеност со онаа на ниво на РСМ, каде отстапувањето е 0.2% на мажите во однос на жените.

По етничка припадност според пописот од 2021 година најголемиот број од жителите кои што живеат на територијата на ЛАГ-от се изјасниле како Македонци 41.895, Албанци 18.431, Срби 3.106, Турци 158, Роми 1.559, Бошњаци 369, Власи 64 и  други. По верска припадност најголемиот дел од нив, односно околу 60.3% се православни, муслимани 24.7% и останатите се изјасниле за други религии.

Миграциските движења се еден од најважните/најзначајни фактори во демографските движења. Според податоците од 2022 година во овие четири општини се доселиле 421 лице, а се отселиле 409 лица од кои 124 лица ја напуштиле државата. Во општина Чучер

Сандево се доселиле 25 лица, а се отселиле 21 лице, во општина Бутел се доселиле 109 лица, а се отселиле 134, во општина Гази Баба се доселиле 233 лица и исто толку се отселиле, а во општина Илинден се доселиле 54 лица а се отселиле 21 лице. Од овие податоци може да  се заклучи дека се зголемува популацијата во руралните средини
На територијата на овие општини  се наоѓаат вкупно  4.842 активни деловни субјекти согласно податоците од Државниот Завод за статистика од 2021 година од кои што најголемиот дел или 1.621 се активни во делот на трговија на големо и мало, поправка на моторни возила и моторцикли, потоа во преработувачката индустија 659, транспорт и складирање 648, градежништво 462, сместување и храна 222 активни субјекти, земјоделство шумарството и рибарството се застапени со 87 активни субјекти итн.
Најзначајни сектори во регионот се прехранбената индустрија, текстилната, печатарската, металопреработувачката, градежништвото, угостителството, трговијата, транспортот и деловните услуги. Носители на економскиот развој во Скопскиот регион се големите претпријатија кои доминираат со околу 51% во вкупното производство во нефинансискиот сектор, а следат малите и средните претпријатија со учество од 36% и 13%, соодветно. Сепак, во поглед на вработените доминираат малите претпријатија со учество од 51% во вкупниот број вработени.
Според официјалните статистички податоци, услугите доминираат со 60% во производството и 52% во вработувањата, а следи индустријата со 30% и 34%, соодветно. Земјоделството учествува со 1% во производството и 3% во вработувањата што упатува на релативно малото значење на земјоделството како примарна гранка, меѓутоа има значење од аспект на концентрацијата на големи преработувачки капацитети од прехранбената индустрија во овој регион.[1]

Условите за развој на земјоделството во Скопскиот плански регион се прилично лимитирани заради високото ниво на урбанизација на регионот и големата фрагментираност на земјоделските посеви што не оди во прилог на развивање на интензивно земјоделско производство.

Во овој регион главно се застапени житните култури и во извесна мера лозарството, додека индустриските култури се многу малку застапени и нема поголеми потенцијали за нивно ширење. Карактеристично за овој регион е што потенцијалот за развој на градинарството што го детерминира побарувачката на најголемиот пазар во земјата не е доволно искористен, иако подрачјето климатски одговара за овој тип култури. Што се однесува до сточарството, не е доволно развиено иако постои висока побарувачка за сточарски производи од страна на преработувачките капацитети.

Потенцијалот за рурален развој го потврдуваат и следните податоци. Имено, на територијата на ЛАГ Скопска Црна Гора има над 12.000 ха обработливо земјиште согласно податоците на Државниот завод за статистика од 2021 година, односно над 7000 ха посеани  со пченица, рж, сончоглед, јачмен, овес, пченка и над 2.500 ха градинарски посеви од кои со една третина доминира компирот па потоа доматот, пиперот, гравот, зелката, лубеницата и кромидот. Понатаму, евидентирани се над 140.000 овошни насади,

[1] Извор: Скопски плански регион - Економски карактеристики на регионот: https://skopjeregion.gov.mk/region/ ; Последна посета на веб страница: 16.09.2024

праски 30.705, сливи 29.185, круши 22.915, јаболки 17.340, кајсии 16.470, цреши 5.222, вишни 8.110, дуњи 4.255, ореви 5020, бадеми 1215, како и лозје со површина од 1.166 хектари. (Табела бр. 1)

| Култура | Површина |
|---|---|
| **Житни култури** | 7.000 ха |
| **Градинарски култури** | 2.500 ха |
| **Праски** | 30.705 ха |
| **Сливи** | 29.185 ха |
| **Круши** | 22.915 ха |
| **Јаболка** | 17.340 ха |
| **Кајсии** | 16.740 ха |
| **Цреши** | 5.222 ха |
| **Вишни** | 8.110 ха |
| **Дуњи** | 4.255 ха |
| **Ореви** | 5.020 ха |
| **Бадеми** | 1.215 ха |
| **Лозје** | 1.166 ха |

Табела бр. 1 – Видови на земјоделски култури и овошни насади кои што се одгледуваат на територијата на ЛАГ Скопска Црна Гора[2]

Кога станува збор пак за сточарството, истото според последниот попис на земјоделството од 2007 на територија на ЛАГ-от, најмногу е присутно говедарството, овчарството и живината, додека пак според бројот на земјоделски стопанства кои што се регистрирани на територијата на ЛАГ Скопска Црна Гора се прикажани во следната табела (Табела бр. 2), при што најголем е бројот на земјоделски стопанства кои што одгледуваат живина, а најмал е бројот на земјоделски стопанства кои што поседуваат пчелни семејства иако според дискусиите на членовите на ЛАГ-от и во текот на одржувањето на работилниците за подготовка на стратегијата за развој на руралните средини на територија на ЛАГ-от една од гранките или дејностите каде што најмногу треба да се вложува е наведено токму пчеларството како и развојот на апитуризмот, како еден гранка од руралниот туризам.

| Земјоделска дејност | Број на земјоделски стопанства |
|---|---|
| **Живина** | 2.619 |
| **Свињарство** | 2.436 |
| **Говедарство** | 1.606 |
| **Одгледување на коњи** | 569 |
| **Козарство** | 563 |
| **Овчарство** | 179 |
| **Одгледување зајаци** | 117 |
| **Пчеларство** | 97 |

Табела бр. 2 – Земјоделска дејност и регистрирани земјоделски стопанства на територија на ЛАГ Скопска Црна Гора[3]

Главен воден ресурс во Скопскиот плански регион е реката Вардар, со притоките Скопска Црна Гора, Лепенец, Пчиња, Маркова и Кадина Река. На реката Скопска Црна Гора

[2] Извор: Државен Завод за статистика, Попис 2021 година, МАК Стат База на податоци
[3] Извор: Државен Завод за статистика, Земјоделски попис 2007 година

подигнати се две акумулации Матка 1 и Козјак, а во изградба е и Матка 2. Покрај хидроенергетскиот потенцијал, Скопска Црна Гора и Кадина река со своите амбиентални убавини нудат извонредни услови за рекреација и развој на туристичко-угостителски содржини.

Исто така она што е вредно да се спомене тука е дека самиот Скопски плански регион предвидува дека неговата основна задача е јакнење на капацитетот на мрежите во локалната и руралната заедница, бизнис секторот, стимулирање на развојот на локално и регионално ниво, јакнење на принципот на јавно приватно партнерство и делување во насока на подигање на квалитетот на живеење, кон што исто така ќе цели и самиот ЛАГ.

Постојат бројни манифестации кои се организираат на територијата на ЛАГ-от, како и огромно природно и културно историско наследство (како на пример што е Акадуктот во општина Бутел и сл.) кое што пак нуди огромен потенцијал за развој на туризмот, како и голем број на цркви и манастири кои што пленат со својата историја и вековна традиција, како што на пример е и манастирскиот комплекс *Дељадровци*, изграден во 1921 година во чиј состав се наоѓаат следните цркви: "Св. Ѓорѓи" – манастирска црква, "Св. Петка"и "Св. Недела", "Св. Архангел, "Михаил и Гаврил","Св. Злата Мегленска" и "Св. Мала Богородица", а се наоѓа во општината Илинден. Црквите и манастирите се многубројни и со голема вредност и на територија на општина Чучер Сандево по што и Општината е нарекувана и Света Гора. Скопската Котлина е изградена од неогени и квартерни седименти, а нејзините периферни планински и ридести делови од карпести маси со различна старост. Планината Скопска Црна Гора е изградена главно од палеозојски карпи и припаѓа на Вардарската зона. Тука се појавуваат повеќе петрографски вариетети (филити, кварцити, мермери, но има и глиновито лапоровити варовници, песочници, флиш, палеогени седименти и друго). Исто така она што е значајно да се спомене тука е и фактот дека дел од заштитените подрачја со природни богатства и карактеристични природни пејзажи, односно споменици на природата влегуваат во територијата на ЛАГ-от, поточно на територијата на општина Гази Баба. Имено, спомeникот на природата „Острово“ е прогласен за заштитено подрачје во 1976 година од Собранието на град Скопје (III степен на заштита што е еквивалентно на III категорија според IUCN). Оваа област зафаќа 0,29 km2 и се карактеризира со специфична флора и фауна на поранешното корито на реката Вардар. Островското подрачје е остаток од поранешен остров што природно го формирала реката Вардар, која се одделила на два потока и го опкружувала островот. Денес фосилните речни корита се зачувани на теренот, покриени со хумусен слој, зеленило и се обраснати со трева и грмушка, поради што островот се третира како фосилен остров на реката Вардар (Слика бр. 1)



Слика бр. 1 – Голем Трубаревски Остров

Оваа стратегија има за цел да ги изгради институционалните капацитети на ЛАГ-от, да придонесе кон економскиот развој на руралните подрачја преку одржливо искористување на природните ресурси преку меѓусебна координација и соработка помеѓу граѓанските здруженија, бизнис секторот и институции за одржливост на ЛАГ-от, искористување на културно-историски и природни вредности за развој на рурален и алтернативен туризам и осовременување на земјоделското производство (вклучувајќи органско производство) преку интензивна едукација на земјоделците како и одржливо управување со природните ресурси во склад со принципите за заштита на животната средина. Исто така ова стратегија има за цел да помогне во подобрување на условите за живот на населението во руралните средини преку подобрување на патната, комуналната и социјалната инфраструктура. Важна цел на стратегијата е исто така да помогне во обезбедувањето на социјалната сигурност, образование и култура според потребите на локалното население преку запирање или намалување на миграцијата (надвор од државата и село-град), намалување на невработеноста во руралните подрачја преку подобрување на знаењата и вештините (формално и неформално) и заштита, промоција и искористување на културните и традиционални вредности.

# 1. Граница, територија и местоположба на ЛАГ Скопска Црна Гора

Подрачјето на ЛАГ Скопска Црна Гора ги опфаќа териториите на општините Чучер Сандево, Бутел, Гази Баба и Илинден без урбаните населени места на Гази Баба и Бутел. Овој ЛАГ е дел  дел од Скопскиот плански регион.



Слика бр. 2– Територија на ЛАГ Скопска Црна Гора

ЛАГ Скопска Црна Гора зафаќа територија од 446,8 км2 и граничи на север се граничи со Република Косово, на запад со општина Ѓорче Петров, Шуто Оризари Карпош и Чаир,на југозапад со Аеродром, на југ со Петровец и на исток со општина Куманово, Арачинови и Липково.




Слика бр. 3 – Територијална организација на ЛАГ Скопска Црна Гора

ЛАГ-от СКОПСКА ЦРНА ГОРА опфаќа вкупно 42 рурални населени места (рурални заедници) и има вкупно 71.412 жители.[4]

| Општина | Територија км2 | Број на жители | Број на рурални населени места | Назив на рурални населени места |
|---|---|---|---|---|
| **Чучер Сандево** | 253 | 9.200 | 12 | Бањане, Блаце, Бразда, Брест, Бродец, Глуво, Горњане, Кучевиште, Мирковци, Побожје, Танушевци, Чучер Сандево |
| **Бутел** | 27,3 | 13.577 | 4 | Визбегово, Љубанци, Љуботен, с.Радишани |
| **Гази Баба** | 59,8 | 31.200 | 14 | Брњаци, Булачани, Гоце Делчев, Идризово, Инџиково, Јурумлери, Раштак, Сингелиќ, Смиљковци, Стајковци, Страчинци, Црешево, Виниче, Трубарево |
| **Илинден** | 106,7 | 17.435 | 12 | Илинден, Ајватовци, Бујковци, Бунарџик, Бучинци, Дељадровци, Кадино, Марино, Миладиновци, Мралино, Мршевци, Текија |

Табела бр. 3 – Број на жители и рурални области по општини на територијата на ЛАГ Скопска Црна Гора[5]

[4] Во бројот на жители на ЛАГ-от не влегуваат жителите од урбаните заедници во општините Гази Баба и Бутел

[5] Извор на податоци: Државен завод за статистика, Попис 2021

## 2. СОСТАВ И КВАЛИФИКУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА АКЦИСКА ГРУПА СКОПСКА ЦРНА ГОРА

Локалната Акциска Група **Скопска Црна Гора** претставува здружение во кое што членуваат претставници од граѓанскиот сектор, јавниот сектор и бизнис секторот. Седиштето на организацијата се наоѓа во општина Општина Гази Баба. Вкупниот број на членови-основачи на ЛАГ-от изнесува 15 основачи.

### 2.1. Организациска структура



2.2. Состав на ЛАГ Скопска Црна Гора

| Р. Бр. | **Назив на субјект/Име и презиме на физичко лице** | **Име и презиме на овластени лица** |
|---|---|---|
| **1.** | Општина Гази Баба | Тони Бојковски – дипломиран економист. Вработен во општина Гази Баба во секторот за локален економски развој и европски интеграции. Во моментот е советник во Советот на град Скопје. Поранешен претседател на Советот на општина Гази Баба. Повеќе од 15 години во имплементација на проекти од локалниот и регионалниот развој. |
| **2.** | Шарлота ДФМ ДООЕЛ Скопје, Подружница Вила Билјана | Филип Гашоски – Дипломиран економист на Универзитетот Американ Колеџ. Моментално е заменик управител во слаткарата Шарлота и нивната фирма ќерка Вила Билјана. Зборува течно повеќе странски јазици. |
| **3.** | Моника Ивановска | Моника Ивановска - Дипломиран професор по географија на Факултетот за природни науки и математика при УКИМ – Скопје. Во тек се последипломиски студии по дигитален маркетинг на Факултетот за економија при Европски Универзитет – Скопје. Познавање на повеќе странски јазици. |
| **4.** | Здружени за негување и збогатување на македонскиот фолклор и народен мелос Фолклорен ансамбл Седенка | Роберт Ангеловски – Претседател на Ансамблот и раководител на оркестарската секција при Ансамблот, професор по народни инструменти, долгогодишен музичар со богато музичко искуство и бројни признанија. |
| **5.** | Омега Констракшн | Ѓорѓи Петковски – сопственик на Омега Констракшн и Ритуал, со големо искуство во сферата на ниско и високо градба, угостителството и туризмот. |
| **6.** | Здружение за развој на општествено – социјални иновации ВАКЕ УП | Марија Јаневска - дипломиран правник на Правниот Факултет „Јустинијан Први“. Поседува искуство во работата на проекти во различни области. Во НВО Wake Up работи како проектен менаџер, каде активно учествува во имплементацијата и управувањето на проекти од значење на локалниот и регионалниот развој. |

| | | |
|---|---|---|
| **7.** | Општина Илинден | Дејан Богдановски – дипломиран машински инжинер на Машинскиот Факултет при УКИМ – Скопје. Вработен во општина Илинден како раководител на одделение за локален економски развој, јавни и комунални дејности и заштита на животнатат средина. Повеќе од 15 години искуство со управување и имплементација на проекти од различни сфери на интерес на општината. |
| **8.** | Друштво за производство и трговија Агроунија Огнен ДООЕЛ | Олга Оровчанец - Дипломирано Филозофија, естетика и филозофија на политика на УКИМ Скопје и магистерски студии на државниот факултет во Берлин со просечна оценка 10 во текот на студирање. Исто така има дипломирано и на Економија и сметководство при Штуловиот Универзитет во Тетово. Во тек магистерски студии на генетски инжењеринг на растенија (житни култури) при УКИМ – Скопје. Вработена во фирмата Агроунија (семеен бизнис), во делот на селекција, создавање и одржување на нови сорти на пченица и тритикале широко признати и раширени низ Балканот, а денес веќе некои од нив се наоѓаат и на Европскиот Каталог на семиња. |
| **9.** | Драган Ѓуровски | Студент на правниот факултет Јустинијан Први, Претседател на Локалниот младински совет на Општина Илинден, младински активист во повеќе организации. |
| **10.** | Земјоделско Здружение АгроИлинден | Соња Бојковска – дипломиран агроном, магистер по земјоделски науки при УКИМ – Скопје. Претседател на здружение за земјоделци Агроилинден, преку кое во комуникација со земјоделците се преземаат заеднички ставови и мерки за актуелни тековни проблеми со кои се соочува земјоделието, проблемите на жителите во руралните населени подрачја. |
| **11.** | Општина Бутел | Сузана Илиевска - дипломирала на Факултетот за Туризам и Угостителство во Охрид. Го продолжила професионалното усовршување преку повеќегодишни стручни обуки, кои и овозможиле да се стекне со квалификации и експертиза за работа на проекти и одржлив развој. Вработена во општина Бутел како Советник за планирање на ЛЕР и подготовка на апликации за проекти, во Општина Бутел, во Секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животна средина и ЛЕР. |
| **12.** | Здружение Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и | Дејан Филипоски – дипломиран машински инжинер и магистар по енергетика на Машинскиот Факултет при УКИМ – Скопје. Извршен директор на ЦеПроСард, со повеќе од 17 години традиција. Организацијата е посветена на руралниот развој и подобрување на животните услови во руралните |

| | | |
|---|---|---|
| | рурален развој ЦеПроСард | заедници, со посебен фокус на зачувување на животната средина, промоција на обновливите извори на енергија и подобрување на енергетската ефикасност. Има изработено повеќе од 50 физибилити студии во сферите на нивното делување. Во последните години го проширува својот опсег на делување и на потребите на лицата со попреченост. |
| **13.** | Ајсулу Омурзакова - Велковска | Ајсулу Омурзакова Велковска - Дипломиран политиколог, со специјализација во обласа на меѓународни односи. Професионалниот ангажман опфаќа искуство во повеќе области меѓу кои професор во средното училиште Јахја Ќемал, ангажман во интернационалната групација АПАВЕ СЕЕ ДООЕЛ Скопје како раководител на проект во Сахалин, Русија. Во моментов нејзиниот професионален ангажман е како Проектен менаџер во здружението на граѓани Интеркултура, Скопје. |
| **14.** | Општина Чучер Сандево | Маја Кметовска Урдаревска – дипломиран професор по одбрана на Институтот за одбранбени и мировни студии при УКИМ – Скопје. Вработена во општина Чучер Сандево како раководител на одделение за јавни дејности. Повеќе од 10 години искуство со управување и имплементација на проекти од различни сфери на интерес на општината. |
| **15.** | Здружение на граѓани – Центар за хербализам, туризам и одржлив развој БИЛКИЛАЈФ | Марија Георгиевска – Управител на БИЛКИЛАЈФ“, и функционира како Центар за одржлив развој, преку хербализам и искористување на неговиот потенцијал за туристички и економски цели, социјално претприемништво, циркуларна економија и инклузивност. Нашите активности се насочени кон рурален развој преку хербалниот туризам, со нови иновативни форми. |

# 3. УПРАВУВАЊЕ СО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА

## 3.1. Организирање и работење

### СОБРАНИЕ

Собранието е највисок орган на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА и во неговата работа учествуваат сите членови на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА. Мандатот на членовите трае од самото зачленување до нивното истапување или исклучување од здружението. Секој член на Собранието има право на еден глас. Правното лице кое е член на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА во Собранието е застапено преку еден претставник, односно лицето овластено за застапување на тоа правно лице. Собранието работи на седници. Седниците можат да бидат редовни и вонредни. Собранието ги врши следниве функции:,

- го донесува Статутот, Стратегијата за локален развој на рурални средини, годишните програми за работа и други акти од негова надлежност;
- го усвојува годишниот извештај на Управниот Одбор и Надзорниот Одбор, насоки и план за работа за периодот од една година или по исклучок за пократки периоди, како и план за идни активности;
- усвојува завршна сметка за претходната година и финансиски план за наредната година;
- одлучува за промена на целта на здружувањето
- одлучува за основање и укинување на ограноци/подружници и други облици на организирање на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА
- одлучува за здружување или разделување од друга асоцијација и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
- констатира прием на нови членови;
- избира и разрешува членови на Управниот одбор;
- избира и разрешува членови на Надзорниот одбор;
- одлучува за барање, односно прифаќање на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА да му се довери вршење на јавно овластување;
- одлучува за престанок на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА со 2/3 мнозинство од вкупниот број на членови;
- одлучува за други прашања кои не се ставени во надлежност на другите тела на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА
- врши и други работи во согласност со Статутот и општите акти на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА

## ПРЕТСЕДАТЕЛ

Претседателот на ЛАГ Скопска Црна Гора го претставува **ЛАГ-от** на јавни настани во земјата и во странство, ги следи состојбите во секторот, е одговорен за работата на Извршниот одбор, дава предлози, креира документи за јавни политики, гради ставови на организацијата во соработка со останатите членови на Извршниот одбор како и во соработка и комуникација со други организации.

## УПРАВЕН/ИЗВРШЕН ОДБОР

Во надлежност и делокруг на работа на Управниот одбор се:

- Ги подготвува седниците на Собранието на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА
- Ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од страна на Собранието на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА
- Го подготвува нацртот на Статутот и другите општи акти што ги донесува Собранието;
- Носи предлог за прием, односно не примање во редовното членство на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА
- Му предлага на Собранието исклучување на член од ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА во согласност со член 24 од овој Статут,
- Дава предлози на Собранието за избор и разрешување на членови во Управниот одбор;
- Превзема активности за институционално и финансиско зајакнување на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА
- Управува и одговара за управувањето со имотот на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА
- Донесува деловник за работа на Управниот одбор;
- Управува со спроведувањето на стратегијата за локален развој на руралните средини;
- Избира и назначува лице за овластување и застапување на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА – Управител/директор на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ-от СКОПСКА ЦРНА ГОРА
- Донесува одлука за формирање стручна служба/извршна канцеларија избира и назначува раководител на службата и врши контрола врз нејзината работа;
- Заедно со Директорот и извршната канцеларија, подготвува предлог програма и годишен план за работа на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА и предлог финансиски план (буџет) за наредната година;
- Подготвува годишен извештај и периодични извештаи за својата работа;
- Одговара за реализација на програмата за работа на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА

- Располага со планираните финансиски средства при што се грижи за намената и правилното користење на тие средства и носи одлуки за спроведување;
- Ја усогласува работата на членовите на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА и го организира делувањето на здружението во целост;
- Ја организира и усогласува соработката со другите организации;
- Одлучува за основањето на работни групи/тимови и ги именува и разрешува нивните членови;
- Ја следи работата на работните тимови/ комисии;
- Врши контрола врз работата на стручната служба;
- Ја уредува и организира издавачката и информативната дејност на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА;
- Доставува на Собранието предлози за членување на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА во домашни и странски професионални организации и здруженија;
- Ја координира и поттикнува соработката со домашни и странски организации;
- Ги именува и разрешува претставниците на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА во телата на другии организации
- Донесува одлука за формирање на постојани и повремени комиси и ја насочува нивната работа;
- Донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и одобрува договори;
- Дава согласност на Правилникот за избор и организација на работите, работните задачи и персоналнот на стручната служба на здружението;
- Организира и активно учествува во организирање на разни акции и манифестации
- Донесува одлука за награди и пофалници;
- Донесува одлуки за приговори и жалби;
- Врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот.

**НАДЗОРЕН ОРГАН**

Надзорниот орган е тело кое ќе врши надзор над работата на управното тело и на работата на другите тела и комисии кои ќе бидат формирани од страна на ЛАГ-от. Членовите на надзорниот орган ќе бидат избирани од страна на членовите на ЛАГ-от и ќе имаат мандат од 4 години со право на резизбор. Надлежностите и задолженијата на членовите на надзорниот орган ќе бидат уредни со Статут и деловодник за работа

**СТРУЧНА СЛУЖБА**

Заради подобро оперативно функционирање на ЛАГ-от ќе биде формирана посебна стручна служба односно канцеларија која оперативно ќе ги опслужува членовите на ЛАГ-от, членовите на управниот орган на ЛАГ-от другите тела на ЛАГ-от, корисниците на програмата на ЛАГ-от, граѓаните и чинителите на трите општини. Со стручната служба ќе управува назначено лице (Управител/Директор/Менаџер) кој е избран од страна на Управното Одбор на ЛАГ-от. Надлежностите и обврските на Управителот на Стручната

Служба како и работата на стручната служба ќе бидат уреден со Статутот на ЛАГ-от, како и со посебни документи (правилници, деловодници итн) усвоени од страна ЛАГ. Локацијата на канцеларијата на стручната служба на ЛАГ-от дополнително ќе биде утврдена. Стручната служба ќе располага со посебен оперативен буџет со кој ќе врши опремување на канцеларијата и исплата на плати и хонорари за посебни консултански и стручни услуги.

Согласно посебна утврдена систематизација на работни места предвидено е стручната служба да биде ангажиран посебен персонал кој ќе работи и ќе ги спроведува работните задачи задени согласно годишната програма за работа на стручната служба. Ангажираниот персонал неможе да членува во управните тела ниту во телата за надзор на ЛАГ-от. Ангажираниот персонал ќе има работен статус на вработени и/или ангажирани лица по основ на договор на дело.

Предлог систематизацијата предвидува:

1. Раководител на стручната служба – лице со најмалку високо образование и 5 годишно исксуство во раководење на организации, подготовка на проекти, спроведување на проекти и оценка и известување на проекти;

2. Технички помошник – лице со најмалку средно образование и работно искуство од најмалку 2 години во подготовка и спроведување на проекти;

3. Канцелариски помошник – лице со најмалку средно образование и работно искуство од најмалку 2 години од административно и канцелариско работење;

4. Соработник за финансии и сметководство – лице со високо економско образование и работно искуство од најмалку 2 години во финансиско управување со проекти, сметководство на проекти и сметководсвени услуги. Изборот на персоналот ќе биде со посебен отворен конкурс кој ќе биде верификуван од управното тело на ЛАГ-от

**УПРАВИТЕЛ НА СТРУЧНА СЛУЖБА/ДИРЕКТОР**

Со Стручната служба раководи Директорот на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА.

Директорот на здружението го бира и назначува Управниот орган.

Директорот на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА учествува во работата на Управниот одбор без право на глас. Директорот и членовите на извршната канцеларија не можат да бидат членови на управниот одбор на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА.

Права, обврски и надлежности на Директорот на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА:

- Го организира и раководи со работењето на извршната канцеларија и учествува на седниците на Управниот одбор на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА

- Се грижи за спроведувањето на Стратегијата за локален развој на рурални и регионални средини, по претходно донесени програми за работа од страна на Управниот одбор и Собранието;
- Собира идеи за проекти предложени од страна на заинтересирани страни од територијата опфатена со ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА;
- Подготвува проектни идеи и управува со нивното спроведување и финансирање;
- Подготвува тендерски документации (документации за набавка) за спроведување на проекти од стратегијата и се грижи за целокупниот процес на огласување и спроведување на набавките;
- Подготвува барања за исплата на трошоци и проверка на прифатливост на трошоците;
- Учествува во подготовка на промотивен материјал за Стратегијата за локален развој на рурални и регионални средини и го охрабрува населението да учествува во нејзиното дефинирање и спроведување;
- Учествува во стратешкото планирање и во подготовката на среднорочни, годишни и периодични програми и планови за работа и финансиски планови;
- Ги следи и ги анализира состојбите и проблемите во дејноста на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА
- Дава прогнози и предвидувања за идни услови и можности;
- Раководи со работата на Извршната канцеларија; ја планира, организира и спроведува работата на истата; воспоставува соодветна процедура за работа на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА;
- воспоставува соодветни показатели за работни достигнувања и ги оценува и коригира работните достигнувања;
- Како раководен орган ги извршува сите права и обврски кои произлегуваат од Законот за работни односи;
- Одговорен за извршувањето на Финансискиот план и Годишната програма за работа;
- Подготвува и поднесува периодични и годишни извештаи за работата на стручната служба и финансиски извештај до Управниот одбор и Надзорен одбор и Собранието;
- Презема активности за изнаоѓање на финансиски средства за работа на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА
- Води грижа за благовремено извршување на одлуките и заклучоците донесени од Собранието, Управниот орган и Надзорниот орган;
- Се грижи за законитоста во работењето на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА и за правилна примена на Статутот и на општите акти на здружението;
- Врши комуникација и соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и други институции и сите релевантни институции (МЗШВ; МЛС; АФПЗРР и др.)
- Врши други задолженија доделени од Управниот одбор и др. органи на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА

## КОМИСИЈА ЗА ЕВАЛУАЦИЈА И ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЕКТИ

Заради спроведување на Стратегијата за локален развој на руралните средини и програмите одобрени од органите ЗРР-ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА, Управниот одбор ќе формира “Комисија за евалуација и одобрување на проекти“.

Основна функција на Комисија за евалуација и одобрување на проекти е оценка и одобрување на проекти за спроведување на Стратегијата за локален развој на руралните средини и програмите одобрени од органите на ЗРР-ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА

Комисија за евалуација и одобрување на проекти на ЗРР-ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА ја избира Собранието за период од две години со право на реизбор на уште еден последователен мандат. Комисија за евалуација и одобрување на проекти брои пет членови од кои едниот е претседател на истата. Комисија за евалуација и одобрување на проекти има целосна автономност во работењето и донесувањето на одлуките. Работата на Комисијата за евалуација и одобрување на проекти се уредува со Правилник за работа.

## ФИНАНСИРАЊЕ

Заради остварување на целите и задачите на ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА може да стекнува предмети, парични средства и имотни права.

Средствата ги стекнува врз основа на:

- членарина, чија висина ја одредува Собранието на предлог на Управниот Одбор.
- прилози во вид на парични средства;
- донации од физички и правни лица;
- подароци од физички и правни лица;
- од профитот на правните субјекти;
- организирање на настани;
- спроведување на проекти;
- од давање на услуги и
- други извори предвидени со законот.

ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА може да добива средства и од буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на единиците на локалната самоуправа на општините.

ЗДРУЖЕНИЕТО ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА може да добива средства и од други ЕУ фондови и други меѓународни извори на финансирање.

## 3.ПРОЦЕС НА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА НА ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА

Територијата на ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА претставува географски поврзана целина, согласно природните и човечките ресурси, економските капацитети, протокот на стоки и добра која опфаќа 71.412 жители и не се преклопува со друга територија на ЛАГ.

Главна идеја за формирање ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА на територијата на општините Гази Баба, Илинден, Бутел, и Чучер Сандево пред се произлегува од територијалната поставеност на општините, заедничките културни, традиционални и историски вредности, секојдневната поврзаност на населението по сите основи, како и заедничките ресури кои ги споделуваат жителите на четирите општини.

Иницијативата и идејата за формирање на ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА беше промовирана од страна на самите општини кои што веќе започнуваат да го препознаваат ЛЕАДЕР пристапот како идна можност за заедничко делување и финансисрање на локалниот и рурален развој на територијата на четирите општини, а самата иницијатива беше поддржана и од сите локални чинители во четирите општини кои што сметаат дека поради високата урбанизација на Скопскиот плански регион најмалку се вложува во руралниот развој на територијата на општините, а често пати тоа се случува и поради ограниченоста на буџетите и средствата со кои што располагаат самите општини. Од друга страна, пак се повеќе куќи, бизниси, како и земјоделски дејности кои што создаваат услови за рурален развој и туризам изникнуваат токму на подрачјето на Скопска Црна Гора која што пак ги поврзува сите четири општини. Сметајќи дека сите предуслови за развој на регионот се целосно исполнети и создадени, јавните институции, општините, бизнис секторот, локалните здруженија, но и граѓани се одлучија да пристапат кон стратешко планирање на економскиот и социјалниот развој на регионот.

## ПРИМЕНА НА ПРИСТАПОТ “ОД ДОЛУ НАГОРЕ“ И УЧЕСТВОТО НА РАЗЛИЧНИТЕ ГРУПИ НА ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

Иницијативата за формирање на ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА започна со формирање на иницијативно работно тело кое што беше составено од претставници од локалните невладини организации, претставници од општините, претставници од бизнис секторот како и граѓани кои се заинтересирани за развојот на руралните заедници во четирите општини. Иницијативното тело одржа неколку состаноци на кои што беше разгледана законската рамка во која што делуваат ЛАГ-овите, пред се Законот за земјоделство и рурален развој, како и условите кои што треба да ги задоволи локалната акциска група, а при тоа консултирани беа и подзаконските акти, односно правилниците изготвени од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а се со цел ЛАГ-от да може да одговори и на потребните критериуми за регистрирање како локална акциска група и во регистарот на МЗШВ, но и за користење на средства како од Националната програма за рурален развој, така и од ЛЕАДЕР мерката чија што акредитација се очекува во следниот период.

Со техничка и финансиска поддршка на општина Гази Баба, во периодот февруари – мај 2024 година се одржаа 4 работилници на која учествуваа преку 150 претставници од граѓанските организации, општините, бизнис секторот, јавните институции, земјоделци, како и индивидуални граѓани. Секоја од работилниците беа организирани во различна општина, а се со цел да му се даде можност на секој заинтересиран граѓанин во секоја од четирите општини да го каже своето размислување, но и потреба чија што реализација ќе доведе до подобрување на квалитетот на живот во руралните заедници во секоја од општините опфатени со ЛАГ-от. На состаноците рамноправно беа застапени претставници од јавниот, деловниот и граѓанскиот сектор како и рамноправна застапеност на жените и присуство на млади.

Како продукти од ваквите работилници произлезе SWOT анализата, потоа анализата на ресурсите со кои располага ЛАГ-от, креирање на Визија и Мисијата на ЛАГ-от, како и дефинирањето на стратешките цели, приоритетите и развојните мерки кои се дел од Стратегијата за локален развој на руралните средини на подрачјето на четирите општини Гази Баба, Бутел, Чучер Сандево и Илинден кои ја претставуваат територијата на Локалната Акциона Група СКОПСКА ЦРНА ГОРА.

Исто така, беа организирани и 7 поодделни работни групи кои што работеа во обласите определени како приоритетни за развој на регионот и тоа:

Работна група 1 – Јакнење на институционалните капацитети и организациска структура на ЛАГ-от

Работна група 2 – Просторно планирање и животна средина

Работна група 3 – Рурален развој и туризам

Работна група 4 – Економска, социјална и здравствена инфраструктура и услуги

Работна група 5 – Смарт село и енергетска ефикасност

Работна група 6 – Култура и туризам

Работна група 7 – Младински активизам и родова еднаквост

# 4. УСОГЛАСЕНОСТ НА СТРАТЕГИЈА НА ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА СО ОСТАНАТИТЕ СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЛОКАЛНИОТ И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Стратегијата за локален економски развој на руралните средини на територијата на ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА е целосно усогласена со Стратегијата за регионален развој 2021-2031 година[6] која што пак е целосно во согласност со основните стратешки цели на Регионалната политика на ЕУ (именувана и како политика за кохезија) како клучна инвестициска политика на ЕУ за одржлив и инклузивен економски раст. Оваа политика на ЕУ поконкретно цели кон намалување на економските, социјални и територијални диспаритети помеѓу регионите на ЕУ низ поддршка за создавање работни места, конкурентност, економски раст, подобрен квалитет на животот и одржлив развој. Спроведувањето на Регионалната политика на ЕУ е финансиски поддржано преку европските структурни и инвестициски фондови но и низа други инструменти вклучувајќи го и клучниот инструмент за претпристапна помош (ИПА) на државите кои се кандидати за зачленување во ЕУ, меѓу кои и Република Северна Македонија.

Притоа треба да се напомене дека искористувањето на алоцираните ИПА средства има за цел да помогне преку процесот на пристапување да се изградат соодветни капацитети и да се воспостави нормативна и институционална рамка како и рамка за програмирање меѓу останатото и на регионалниот развој, со утврдени пристапи и процедури кои ќе овозможат непречено и ефикасно користење на повеќекратно зголемени средства од европските структурни и инвестициски фондови по зачленувањето.

Особено внимание беше посветено на обезбедување кохерентност на целите, приоритетите и мерките со начелата и приоритетите на „Европскиот Зелен Договор“[7] и на Зелената Агенда за Западен Балкан[8], чија стратешка цел е да ја направи економијата на ЕУ и на Западен Балкан одржлива преку трансформација на климатските и еколошки предизвици во можности, и праведна транзиција со вклученост на сите. Ефикасното искористување на ресурсите преку движење кон чиста, циркуларна економија, обновување на биолошката разновидност и намалување на загадувањето на животната средина се специфични цели на Европскиот Зелен Договор и Зелената Агенда за Западен Балкан кои што пак се доследно рефлектирани и ќе придонесат за развој на територијата на ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА.

Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2021-2027 година претставува долгорочен стратешки документ на кој се базира поставувањето и спроведувањето на целите, политиките и мерките за развој на земјоделството и

[6] https://southwestregion.mk/web/wp-content/uploads/2021/07/strategija_za_regionalen_razvoj_na_rsm_2021-2031.pdf
[7] https://ec.europa.eu/info/strategy/priorities-2019-2024/european-green-deal_en
[8] https://balkangreenenergynews.com/adopted-green-agenda-action-plan-for-western-balkans-brings-eur-9-billion-in-grants-2024-deadline-to-align-with-eu-ets/#:~:text=The%20Western%20Balkans%20agreed%20to,the%20entire%20lifecycle%20of%20products.

руралните средини во Република Северна Македонија за периодот од 2021 до 2027 година. Новата стратегија го одразува континуитетот на интересот на државата за земјоделството поради неговото мултидимензионално значење и особено заради обезбедување на одржливост на руралните средини. Како потврда е позитивниот нагорен тренд на издвојувања за поддршка кој продолжува и во периодот после 2020 година и покрај негативното влијание предизвикано од глобалната коронавирус пандемиска криза (во понатамошниот текст КОВИД-19). Земјоделството е еден од најчувствителните сектори од негативни влијанија на климатските промени, а кризите предизвикани од нови заболувања на животните и растенијата се зачестени. Руралните средини имаат намалена компаративна атрактивност во однос на градовите, особено за младото работноспособно население кое мигрира. Оттука, подобрувањето на конкурентноста и одржливост на приходот на земјоделските стопанства, примената на еколошките практики во производството кои водат кон намалување на влијанието на климатските промени и прилагодување кон истите, како и обезбедување на одржлив развој на руралните средини се генералните цели кон кои ќе се стреми секторот како и самиот ЛАГ.

Програмата за развој на Скопскиот плански регион за периодот од 2021 до 2026[9] е базичен стратешки, среднорочен, плански документ, при што потребата за нејзино изготвување и донесување е поврзана со обезбедувањето одржлив развој, како континуиран процес со цел подобрување на состојбите во регионот, а усогласувањето со оваа програма е поради фактот што сите 4 општини припаѓаат кон ист плански регион – Скопски плански регион. Реализацијата на Програмата, преку мерките и активностите, треба да придонесе кон подобрување на квалитетот на живот на населението на просторот на целиот плански регион. Тоа подразбира подобрување на инфраструктурата, создавање на услови за отворање на нови бизниси, подигнување на економските можности на населението, намалување на иселувањето од руралните во урбаните средини, и во последно време и од урбаните средини во странство. Рамномерниот регионален развој во целина треба да се почувствува во општините кои го сочинуваат Скопскиот плански регион, преку нивниот вкупен економски и општествен развој. Позитивното влијание од развојот на општините пак треба да се одрази врз општиот раст на регионот и државата. Програмата претставува основа за подинамична меѓуопштинска соработка, подобрување на нивните релации, поврзување и економско јакнење на населението кое што живее на територијата на планскиот регион, што пак исто така претставува и дел од генералните цели кон кои што ќе се стреми ЛАГ-от во своето делување.

[9] https://skopjeregion.gov.mk/docs/%D0%9F%D0%A0%D0%9E%D0%93%D0%A0%D0%90%D0%9C%D0%90%20%D0%97%D0%90%20%D0%A0%D0%90%D0%97%D0%92%D0%9E%D0%88%20%D0%9D%D0%90%20%D0%A1%D0%9A%D0%9E%D0%9F%D0%A1%D0%9A%D0%98%20%D0%9F%D0%9B%D0%90%D0%9D%D0%A1%D0%9A%D0%98%20%D0%A0%D0%95%D0%93%D0%98%D0%9E%D0%9D%20%D0%97%D0%90%202021-2026%20%D0%BC%D0%BA%D0%B4%20(5).pdf

# 5. ТЕРИТОРИЈАЛНА АНАЛИЗА НА ЛОКАЛНАТА ОБЛАСТ

## 1. Демографски развој

Развојот на ЛАГ-от зависи од карактеристиките на населението, кое претставува - основен – потенцијал во општествените движења. Покрај овде во Стратегијата за економски развој на руралните средини, во исто време, и останатите стратешки документи на национално ниво, во преден план го имаат населението, бидејќи во креирањето на развојните проекции за наредниот петгодишен период треба да се имаат во вид специфичните демографски карактеристики. Ова произлегува од фактот што демографскиот потенцијал е важен фактор и го определува економскиот и општествениот развој. Во тој контекст значајно е да се анализираат обемот и динамиката, густината и концентрацијата, просторната разместеност, структурните белези и миграциските движења на населението.

### 1.1. Обем на населението

Обемот на населението е анализиран согласно последниот попис на ниво на Скопскиот Плански регион, а со цел да се утврди местото на територијата на ЛАГ-от на ниво на Скопскиот плански регион, направена е компаративна анализа со обемот и процентуалното учество во вкупното население во РСМ. Податоците се дадени во табела бр. 4, па така согласно претставените податоци населението на територијата на ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА изнесува околу 12% од вкупното резидентно население во Скопскиот плански регион. Имено, Скопскиот регион е единствен од сите осум статистички региони во државата каде во последните 20 години има раст на бројот на жители, домаќинства и станови. Во Скопскиот регион живеат најголем број жители – 607 007 или 33,04 проценти од вкупното резидентно население, иако е најмал по површина и опфаќа само 1 812 квадратни километри или 7,3 отсто од територијата на државата. Ова е и најгусто населен регион со 334,99 жители на квадратен километар.

| 2021 | Број | % |
|---|---|---|
| **Скопски Плански Регион** | 607.007 | 100 |
| **ЛАГ СЦГ** | 71.412 | 12 |

Табела бр. 4 – Број на жители на територија на ЛАГ Скопска Црна Гора споредено до број на жители на територија на Скопски Плански Регион[10]

### 1.2. Природно движење на населението во општините кои што се дел од ЛАГ-от

Исто така, ова е единствен од сите осум региони каде е зголемен бројот на жители за 28 863, што е по 15,9 жители на квадратен километар или 4,99 проценти во однос на 2002 година. И во 2002 година регионот бил на прво место по бројот на жители со 28,51 отсто од вкупното население.

[10] Извор: Државен Завод за статистика, Попис 2021 година, МАК Стат база на податоци

Во последните 20 години, заедно со растот на населението, има и раст на домаќинствата од 29 204 или 15,14% и раст на становите од 54 858 или 22,55%. Три од четирите општини кои што се дел од ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА влегуваат во скопските општини кои што бележат раст на населението и тоа: Илинден 9,70%, Чучер-Сандево 8,32% и Бутел 1,60%., додека пак Гази Баба бележи пад од – 4,12% во вкупниот број на жители на територијата на општината. Во овој контекст она што е интересно да се спомене е дека општина Гази Баба иако бележи пад на населението сепак има зголемување на бројот на домаќинства и станови и тоа бројот на домаќинства е зголемен за 2 173 или 9,65%, а на станови за 3 738 или 14,05%.[11]

### 1.3. Разместеност на населението по општини

Разместеноста на населението по општини ја дава пак и сликата за демографските потенцијали на секоја општина поединечно, па оттука треба да се разгледуваат и различните потреби на населението кон што ќе придонесе и оваа стратегија на ЛАГ-от како и самата форма на здружување во вид на една ваква локална акциска група.

Населението кое што е опфатено со територијата на четирите општини Гази Баба, Бутел, Илинден и Чучер Сандево живее на територија од 447 km2 со вкупно 42 рурални заедници и се простира на териториите на општина Гази Баба, без жителите од урбаниот дел на општината, општина Бутел исто така без жителите од урбаниот дел на општината, како и општините Илинден и Чучер Сандево кои што влегуваат со вкупната површина и број на население со оглед на тоа штп влегуваат во рурални општини според класификацијата на Државниот завод за статистика. Териториите на четирите општини без жителите на урбаните делови имаат вкупно 71.412 жители и тоа: општина Гази Баба, 31.200 жители, општина Бутел со 13.577 жители, општина Чучер Сандево со 9.200 и општина Илинден со 17.435 жители. Од вкупното население кое што живее на територијата на Скопски плански регион и чиј што број изнесува 607.007 жители согласно проценките и пресметките на планскиот регион, овие општини опфаќаат околу 12% од целокупното население кое што живее на територијата на сите општини кои што го сочинуваат Скопскиот плански регион. Согласно пак територијата која што ја зафаќа ЛАГ-от истата укажува на важноста на местоположбата на ЛАГ-от и потребата од негово делување во насока на задоволување на специфичните потреби на населението кое што живее на територијата на овие четири општини.

[11] Извор: Државен Завод за статистика, Попис 2021 година, Статистичка споредбена анализа на бројот на жители по плански региони; https://libertas.mk/popis-2021-analiza-po-statistichki-regioni-bro-ot-na-zhiteli-se-namaluva-a-raste-bro-ot-na-stanovi/

| Регион/општини | Број на жители | Учество (%) |
|---|---|---|
| **Скопски плански регион** | 607.007 | |
| **Гази Баба** | 31.200* | 5.2% |
| **Илинден** | 17.435 | 2.8% |
| **Бутел** | 13.577* | 2.6% |
| **Чучер Сандево** | 9.200 | 1.4% |

Табела бр. 5 –Број на жители по општини на територија на ЛАГ Скопска Црна Гора (без урбаните делови од општините Гази Баба и Бутел)[12]

Графичкиот приказ на разместеноста на населението во ЛАГ Скопска Црна Гора може да се види преку следниот илустративен приказ:




Графикон бр. 1 – Разместеност на населението по општини – ЛАГ Скопска Црна Гора

### 1.6. Структурни белези на населението

Структурните белези се однесуваат на половите, возрасните и образовните особености/карактеристики на населението кое што живее на територијата на ЛАГ-от. Анализата треба да го отслика балансот на овие категории на популацијата и во таа смисла да ги утврди потребите во понатамошните развојни цели.

### 1.6.1 Полова структура на населението

Анализата ја отсликува половата структура по општини и застапеноста на мажите и жените, односно соодносот помеѓу машката и женската популација на територијата на ЛАГ-от. Таа е важна за да може да се запази родовата еднакост при планирањето на развојните потреби на населението.

[12] Извор: Државен Завод за Статистика и податоци доставени од пооделните општини-членови на ЛАГ Скопска Црна Гора

Учеството на машката популација, на ниво на територијата на ЛАГ Скопска Црна Гора, изнесува 36.264 (50.8%), додека на женската популација е 35.148 (49.2%), или 1.6% помалку во однос на машката популација. Територијата на ЛАГ-от е со слични карактеристики на родова застапеност со онаа на ниво на РСМ, иако таму за прв пат по пописот во 2021 година имаме повеќе жени од мажи односно жените се застапени со 50.4% додека пак мажите со 49.6%. (Табела бр. 6)

| | | |
|---|---|---|
| **Чучер Сандево** | вкупно | 9.200 |
| | Мажи | 4.731 |
| | Жени | 4.469 |
| **Бутел** | вкупно | 13.577 |
| | Мажи | 6.852 |
| | Жени | 6.725 |
| **Гази Баба** | Вкупно | 31.200 |
| | Мажи | 15.905 |
| | Жени | 15.295 |
| **Илинден** | Вкупно | 17.435 |
| | Мажи | 8.776 |
| | Жени | 8.659 |

**Табела бр. 6 – Полова структура по општини опфатени со територијата на ЛАГ Скопска Црна Гора**[13]

Од податоците во табелата бр. 5 може да се види дека, во сите општини на територијата на ЛАГ-от, застапеноста на машкото население е за мал степен поголема во однос на женската популација. Генералните регионални параметри укажуваат на еднаква разместеност/застапеност на машката и женската популација по општини, што е во контекстот/рамката на соодветната структура на ниво на државата.

### 1.6.2 Етничка и верска структура на населението

По етничка припадност според пописот од 2021 година најголемиот број од жителите кои што живеат на територијата на ЛАГ-от се изјасниле како Македонци (58,2%), Албанци (25,6%), Турци (0.3%), Роми 2.3%, Срби (4.8%), Бошњаци (0.5%) и 8.2% други. По верска припадност најголемиот дел од нив, односно над 66% се православни, околу 28% муслимани и останатите се изјасниле за други религии.

| Општина | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Чучер Сандево | 9.200 | 5.032 | 1.224 | 14 | 23 | 16 | 1932 | 84 | |
| Бутел | 13.577 | 5.750 | 5.449 | 85 | 236 | / | 244 | 131 | |
| Гази Баба | 31.200 | 16.355 | 11.391 | 55 | 824 | 40 | 302 | 146 | |
| Илинден | 17.435 | 14.758 | 367 | 4 | 476 | 8 | 628 | 0 | |
| Територија на ЛАГ | 71.412 | 41.895 | 18.431 | 158 | 1559 | 64 | 3106 | 369 | |
| | 100% | 58.2% | 25.6% | 0.3% | 2.3% | 0.1% | 4.8% | 0.5% | 8.2% |

**Табела бр. 7 – Преглед на етничката структура на населението на територијата на ЛАГ Скопска Црна Гора**[14]

[13] Извор: Државен завод за статистика, попис 2021 година, МакСтат база

### 1.6.3 Образовна структура на населението

Образовната структура на населението е значаен развоен фактор, а со цел да се согледаат состојбите во оваа сфера, анализата ги опфаќа обемот и структурата во основното и средното образовние, завршените ученици и дипломираните студенти.

Обемот и структурата на учениците во основните училишта се дадени по пол и застапеност по општини. Овие податоци се дадени во табела бр. 8.

| Општина | Вкупно | Ученички | Ученици |
|---|---|---|---|
| **Чучер Сандево** | 569 | 264 | 305 |
| **Бутел** | 5145 | 2.500 | 2.645 |
| **Гази Баба** | 6.701 | 3.150 | 3.551 |
| **Илинден** | 1.694 | 784 | 910 |

Табела бр. 8 – Ученици во основни училишта по пол и општини во учебната 2023/2024[15]

Согласно вака претставените податоци територијата на ЛАГ Скопска Црна Гора има вкупно 14.109 ученици, при што во сите општини поголем е бројот на ученици од машки пол. Обемот и структурата на учениците во средните училишта ја опфаќа половата застапеност и разместеноста по општини, и овие податоци се дадени во Табела бр. 9. Од истата може да се види дека во општина Бутел има најмногу ученици кои што се запишале во средно училиште односно вкупно 2.624 ученици, додека пак она што е карактеристично за општина Гази Баба е дека далеку е поголем бројот на машки ученици во средните училишта отколку на ученички, па така од 1934 ученици само 252 се женски. Слична е состојбата и во општина Илинден каде што пак од 300 ученици во учебната 2022/2023 година само 63 се од женски пол. Во општината Чучер Сандево нема средно училиште.

| Општина | Вкупно | Ученички | Ученици |
|---|---|---|---|
| **Чучер Сандево*** | / | / | / |
| **Бутел** | 2.624 | 1.281 | 1.343 |
| **Гази Баба** | 1.934 | 252 | 1.682 |
| **Илинден** | 300 | 63 | 237 |

Табела бр. 9 – Ученици во средни училишта по пол и општини 2022/2023[16]

Кога говориме пак за високото образование, бројната состојба со лицата кои што се запишани на стручни, академски и интегрирани студии во четирите општини кои што се дел од ЛАГ Скопска Црна Гора е следна:

[14] Извор: Државен завод за статистика, попис 2021 година, МакСтат база
[15] Извор: Државен завод за статистика, МакСтат база
[16] Извор: Државен завод за статистика, МакСтат база

| Дипломирани студенти според степенот на студии, пол и според местото (општината) на постојано живеење | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 | | | | | | | | | | | |
| | Вкупно | | | Стручни студии | | | Академски универзитетски студии | | | Интегрирани студии | | |
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| **Бутел** | 126 | 38 | 88 | 9 | 1 | 8 | 117 | 37 | 80 | - | - | - |
| **Гази Баба** | 191 | 57 | 134 | 14 | - | 14 | 174 | 56 | 118 | 3 | 1 | 2 |
| **Илинден** | 38 | 5 | 33 | 6 | 2 | 4 | 31 | 3 | 28 | 1 | - | 1 |
| **Чучер - Сандево** | 13 | 4 | 9 | 2 | 1 | 1 | 11 | 3 | 8 | - | - | - |

Табела бр. 10 – Дипломирани студенти според степенот на студии, пол и општината на постојано живеење во 2023 година

Она што е забележително за сите општини е дека бројот на жени кои што завршиле високо образование е поголем од бројот на мажи. Исто така, најголем број од жителите завршиле академски универзитетски или стручни студии додека пак, многу е мал бројот на жители кои што имаат диплома од интегрирани студии, а ваквите бројки се согласно системот на високо образование во нашата држава каде што фокусот е ставен на првите два вида на студии додека пак интегрираните се поретко застапени во системот.

### 1.7 Миграциски движења

Миграциските движења се еден од најважните/најзначајни фактори во демографските движења, со негативна конотација, затоа што станува збор за отселување/заминување на претежно работоспособно население кое е еден од развојните столбови на општеството. Состојбата со миграцијата е дадена согласно податоците од Пописот од 2021 година, а се однесува на обемот на доселени и отселени граѓани на ниво на општина, при тоа опфаќајќи уште еден податок, а тоа е отселувањето во странство како дополнителен негативен тренд со кој што се соочува државата. На овој начин се определуваат најголемите имиграциски и емиграциски тенденции по општини. Податоците се однесуваат како на внатрешен, така на меѓународен план, и истите се дадени во Табела бр. 11

| Општина | Доселени | Отселени | Отселени во странство |
|---|---|---|---|
| **Чучер Сандево** | 25 | 21 | 4 |
| **Бутел** | 109 | 134 | 32 |
| **Гази Баба** | 233 | 233 | 77 |
| **Илинден** | 54 | 21 | 11 |

Табела бр. 11 – Миграциски движења на територија на ЛАГ Скопска Црна Гора[17]

[17] Извор: Државен Завод за Статистика, Попис 2021, МакСтат база на податоци

Од табеларниот преглед се гледа дека постои изразита миграциска динамика во сите општини на територија на ЛАГ Скопска Црна Гора, при што иселувањето и доселувањето се одвиваат со слична динамика.

### 1.8. Образовни институции на територија на ЛАГ Скопска Црна Гора

Образованието на населението е уште еден многу значаен фактор кој влијае на севкупниот развој во локалната заедница. Од таму, **е**дукацијата на населението преку посебни програми и проекти за извршување на одредени економски активности е неопходна во функција на создавањето на одржлив развој во регионот.

На територијата на ЛАГ Скопска Црна Гора има вкупно 8 градинки, 24 основни училишта, како и 7 средни училишта што пак доволно говори за добрата поставеност на образовната структура на територијата на ЛАГ-от.

Во општините функционираат голем број институции и центри кои што нудат најразлични видови на неформално образование од сите области, а освен тоа граѓаните имаат можности за преквалификација и доквалификација во центрите за вработување каде што се организираат и курсеви за познати и непознати работодавци и преку кои што се спроведуваат и мерките за вработување од оперативниот план за вработување на Министерството за труд и социјална политика, како и мерките за поддршка на вработување на ранливи и маргинализирани групи на граѓани кои што се креираат и имплементираат од меѓународните донатори (УНДП).

# 6. ЕКОНОМСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

## 6.1. Активни деловни субјекти

На територијата на ЛАГ Скопска Црна Гора се наоѓаат околу 5000 активни деловни субјекти согласно податоците од Државниот Завод за статистика од 2020 година, при што најголемиот дел од нив се микро, а нивната застапеност е најголема на територијата на општина Гази Баба. Потоа доаѓаат малите деловни субјекти чиј што вкупен број на територијата на ЛАГ-от изнесува 1912, додека пак најмалку се застапени средните и големи деловни субјекти.

| Активни деловни субјекти по општини во 2019 и 2020 година | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2019** | | | | | **2020** | | | | |
| | **Вкупно** | **микро** | **мали** | **средни** | **големи** | **Вкупно** | **микро** | **мали** | **средни** | **големи** |
| **Бутел** | 1468 | 901 | 513 | 35 | 19 | 1389 | 816 | 514 | 36 | 23 |
| **Гази Баба** | 2877 | 1705 | 1065 | 62 | 45 | 2720 | 1511 | 1101 | 60 | 48 |
| **Илинден** | 588 | 342 | 213 | 19 | 14 | 615 | 355 | 226 | 21 | 13 |
| **Чучер - Сандево** | 192 | 117 | 65 | 8 | 2 | 183 | 103 | 71 | 6 | 3 |

Табела бр. 12 – Број на активно деловни субјекти по општини во 2019 и 2020 година[18]

## 6.2. Стопански дејности

Кога станува збор пак за видовите на стопански дејности кои што се застапени на територијата на ЛАГ Скопска Црна Гора состојбата е прикажана во табелата бр. 13.

| | | **Бутел** | **Гази Баба** | **Илинден** | **Чучер - Сандево** |
|---|---|---|---|---|---|
| **2020** | **Вкупно** | 1389 | 2720 | 615 | 183 |
| | **А Земјоделство, шумарство и рибарство** | 2 | 48 | 20 | 5 |
| | **Б Рударство и вадење на камен** | | 6 | - | 1 |
| | **В Преработувачка индустрија** | 99 | 351 | 105 | 31 |
| | **Г Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација** | | 10 | 1 | 2 |
| | **Д Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината** | | 13 | 4 | 2 |
| | **Ѓ Градежништво** | 15 | 211 | 85 | 29 |
| | **Е Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли** | 09 | 870 | 186 | 43 |

[18] Извор: МакСтат база на Државен Завод за Статистика

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Ж Транспорт и складирање** | 46 | 363 | 87 | 29 |
| | **З Објекти за сместување и сервисни дејности со храна** | 5 | 109 | 31 | 11 |
| | **Ѕ Информации и комуникации** | 8 | 69 | 5 | 1 |
| | **И Финансиски дејности и дејности на осигурување** | | 11 | 2 | 1 |
| | **Ј Дејности во врска со недвижен имот** | 4 | 35 | 2 | 1 |
| | **К Стручни, научни и технички дејности** | 0 | 199 | 23 | 6 |
| | **Л Административни и помошни услужни дејности** | 4 | 82 | 13 | 4 |
| | **Љ Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување** | | 3 | 1 | 1 |
| | **М Образование** | 3 | 41 | 8 | 4 |
| | **Н Дејности на здравствена и социјална заштита** | 5 | 89 | 15 | 6 |
| | **Њ Уметност, забава и рекреација** | 7 | 55 | 10 | 2 |
| | **О Други услужни дејности** | 6 | 155 | 17 | 4 |
| | **П Дејности на домаќинствата како работодавачи** | .. | ... | ..<br>. | .<br>.. |
| | **Р Дејности на екстратериторијални организации и тела** | .. | ... | ..<br>. | .<br>.. |

**Табела бр. 13 – Застапеност на стопански дејности на територијата на ЛАГ Скопска Црна Гора во 2020 година**[19]

Најголемиот дел од стопанските дејности застапени на територијата на ЛАГ Скопска Црна Гора се фокусирани во делот на трговија на големо и мало, потоа во преработувачката индустрија, транспорт и складирање, како и во делот на струлните, научни и технички дејности. Земјоделските дејности, услужните дејности, како и културните и уметнички дејности се помалку застапени што пак упатува на потребата од вложување во нивниот развој и зголемување, што пак е и една од причините за потребата од формирање на ЛАГ како здружување кое што ќе ги придвижи работите во нагорна линија во руралните средни пред се.

Во моментот од бизнис секторот на рурално подрачје на ЛАГ-от, присутни се: капацитети од винарската и пивска индустрија, капацитети за откуп преработка и сушење на зеленчук, рударство и вадење на камен, угостителски објекти, мали земјоделски стопански капацитети на индивидуални земјоделски производители, преработка на индустриски мазива и масло, сепарација на камен и песок и транспортни претпријатија, трговски објекти со магацински складишта, центри за развој на пчеларството и апи-туризмот итн.

[19] Извор: МАКСтат База на податоци, Државен Завод за статистика

Кога станува збор пак за индустриските капацитети, односно големите деловни субјекти, дел од истите ги зафаќаат и териториите на општините на ЛАГ Скопска Црна Гора, што пак е од особено значење за економскиот одржлив развој на регионот. Такви индустриски капацитети се, на пример, Виталиа или Скопска пивара кои што зафаќаат дел од територијата на општина Гази Баба. Во општина Бутел доминираат економските субјекти поврзани со производство додека пак територијата на општина Илинден се наоѓа во непосредна близина на индустриската зона Бунарџик.

## Земјоделство, сточарство и шумарство

Територијата на ЛАГ Скопска Црна Гора согласно Националниот попис на земјоделството од 2007 година поседува над 8.870 ха површина на користено земјоделско земјиште, 7145 ха се под ораници, бавчи и куќни градини, околу 1000 ха ливади, 283 ха пасишта, 116 ха овоштарници и 329 ха лозје. Земјоделството со вклучување на сточарство, рибарство, лов, пчеларство и шумарство е трет по големина сектор со учество во БДП во државата, во однос на услугите и индустријата иако мора да се забележи дека во последниве години овој удел на земјоделството во БДП бележи пад, па така ако во 2007-2008 година истиот изнесувал околу 12%, во 2021 година истиот е 8.2%.[20]

Над 80% од земјоделското земјиште припаѓа на обработливо земјоделско земјиште и се наоѓа под ораници и бавчи, градинарски култури, а помал е делот кој што отпаѓа на лозја, ливади, пасишта, а пак шумарството е застапено со 0.5 до 5% во зависност од општината. Во последниов период, поради поголема заинтересираност на населението, особено на младите за користење на ИПА/ИПАРД-фондовите, се прават инвестиции во земјоделството за искористување на земјоделските површини за засадување овошни насади од малини, лешници, ореви и други култури, како и за набавка на земјоделска механизација.

| Површина на користеното земјоделско земјиште по категории, Попис на земјоделството 2007 | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | **Вкупно користено земјоделско земјиште** | **Ораници, бавчи и куќни градини** | **Ливади** | **Пасишта** | **Овоштарници** | **Лозја** | **Расадници** |
| Бутел | **1352.79** | **1182.28** | **39.54** | **30.11** | **31.19** | **69.67** | **-** |
| Гази Баба | **2370.81** | **2146.35** | **81.57** | **38.46** | **41.19** | **62.69** | **0.56** |
| Илинден | **2852.76** | **2629.42** | **65.78** | **50.89** | **23.59** | **82.45** | **0.64** |
| Чучер - Сандево | **2300.66** | **1187.93** | **812.81** | **163.52** | **20.27** | **114.17** | **1.95** |
| Вкупно: | **8877.02** | **7145.98** | **999.70** | **282.98** | **116.24** | **328.98** | **3.15** |

[20] Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2021-2027

**Табела бр. 14 – Површина на земјоделско земјиште поделено по класификации и општини според Земјоделски попис 2007 година**[21]

Најпрепознатлива земјоделска култура од Општина Чучер-Сандево е кромидот и, особено, расадот за кромид (познат меѓу населението како арпаџик или кокар), а исто така и компирот, којшто се одгледува во планинските предели на Скопска Црна Гора, односно во атарот на село Брест, познат како бресјански компир. Житните култури особено пченицата и јачменот се карактеристични за општината Илинден каде што се развиваат и нови сорти на пченица и јачмен благодарение на развиениот агро-бизнис сектор во овој регион (АгроУнија), а во последниве години се бележи особено раст на пчеларството на територијата на сите општини и производството на мед и пчелни производи. Во општина Гази Баба пак препознатливо е производството на градинарски култури, а особено на пиперката "каварџик" по чие што производство е познато селото Стајковци каде што има и формирано земјоделско здружение со називот на пиперката "Каварџик", а се организира и посебна манифестација – "Промоција на пиперката Каварџик".



**Слика бр. 4 – Одбележување на денот на пченицата во општина Илинден во организација на Агро Унија**[22]

Најголемата планина која што доминира на територијата на ЛАГ Скопска Црна Гора е истоимената планина по која што и ЛАГ-от го носи својот назив. Скопска Црна Гора

[21] Извор: Национален попис на земјоделството 2007 година, Државен Завод за статистика
[22] https://ilinden.gov.mk/se-odrzha-manifestacijata-den-na-pchenicata-2023/

— средно-висока планина во северниот дел на Македонија. Се издига помеѓуСкопската Котлина на југ, Кумановската Котлина на исток, Гниланската на север (во Косово) и долината на река Лепенец на запад. Планината се протега во правец ЈЗ-СИ, со највисок врв Рамно (1.651 м). Со долината на Липковска Река поделена е на два дела: западен повисок и источен понизок, познат под името Карадак. На Скопска Црна Гора се наоѓаат изворишта на поголем број речни текови. Целиот крај околу планината понекогаш се вика Црногорија и е многу богат со цркви и манастири. Привлечна е за развој на туризмот, како и земјоделството и сточарството, развој на планинскиот туризам, апитуризмот, а потребата од уредување на овој планински масив е еден и од првите стратешки приоритети на локалната акциска група.



Слика бр. 5 – Дел од падините на планината Скопска Црна Гора

Најголем дел од површината, пак на општина Чучер Сандево е под шуми. Во шумскиот фонд во општината доминираат листопадните шуми, од кои дабовите и буковите шуми. За жал, шумите најчесто страдаат од безмилосната сеча на дрвокрадците и честопати се изложени на пожари, а од друга страна, пак, не се врши пошумување.

На територијата на ЛАГ-от се наоѓа рудникот Бањани и каменоломот Бразда, од кои се врши експлоатација на минерални суровини: гранит, мермер, кварцит и варовник.



**Слика бр. 6 – Рудник Бањани, општина Чучер Сандево**

Од вкупната шумска површина на град Скопје (3.531 ха), 29%, односно 1037 ха се наоѓа на територијата на општина Гази Баба, при што најголемиот дел се површини со чисти листопадни насади (даб и бука), а значително помала површина од само чисти иглолисни насади од 13ха (главно бор) и мешани шуми од листопадни и иглолисни насади (16 ха). На територијата на општина Гази Баба се наоѓа и парк-шумата Гази Баба на околу 100 ха која се наоѓа во самото средиште на градот поради што општината претставува најзелената општина во склоп на градот Скопје. Парк шумата Гази Баба во исто време претставува и заштита од најголемата индустриска зона во РСМ која што исто така се наоѓа на територијата на општина Гази Баба. Парк шумата претставува зелено богатство кое што се карактеризира со ендемична флора и фауна.[23]

[23] Потстратегија за рурален развој на општина Гази Баба 2020-2025; https://gazibaba.gov.mk/wp-content/uploads/2023/03/podstrategija_rr_OGB_2020_2025.pdf

# 7. ПРИРОДА И ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА

**Релјеф и хидрографија**

ЛАГ Скопска Црна Гора зафаќа поголем дел од скопската котлина која што претставува е пространа котлина која се наоѓа во северниот дел на Република Северна Македонија. Претставува длабока и спуштена потонатина по должината на раседните линии и целосно влегува во составот на Вардарската тектонска зона. Заградена и опкружена е со високи планини од сите страни. Таа претставува дел од композитната долина на реката Вардар, која навлегува во котлината од Дервенската Клисура на северпзапад, а ја напушта влегувајќи во Таорската Клисура на југ. Котлината зафаќа површина од 1924 км$^2$ и има правец на протегање севрозапад-југоисток. Средишниот дел на котлината е пространата алувијална рамнина на реката Вардар, односно Скопското Поле. Се издигнува од 225 метри како најниска до 2540 метри како највисока точка.



Слика бр. 7 – Поглед на Скопската котлина од Ајватовски рид

Во нејзиниот источен и југоисточен дел, од левата страна на реката Вардар, се простира Општина Гази Баба, една од четирите скопски општини кои што се дел од ЛАГ-от. Вкупната површина на Општината изнесува 92 км2, од кои 59,8 км2 се обработлива

површина. Во однос на геолошкиот состав и релјефните карактеристики на територијата на Општина Гази Баба може да се каже дека тие се многу различни и орографски многу разгранети. Староста на геолошките формации на територијата на Општината е неизедначена и различна, почнувајќи од прекамбриумот па се до палеогенот, додека дното на котлината е исполнето со неогени и квартерни седименти. Карпите се од периодот на прекамбриумската, на палеозојската и на мезозојската ера. Покрај овие, на територијата на Општината најзастапени се квартерните творби, бидејќи го покриваат речиси целиот терен. Издвоени се како флувиоглацијални, профулувијални, барски и алувијални седименти, речни тераси и травертин.

Релјефот на територијата на ЛАГ-от орографски е многу разгранет. Се состои од повеќе разновидни морфолошки елементи и облици кои настанале во една долготрајна еволуција. Всушност, целата територија има облик на пространа котлина која се состои од два дела: високиот обод и нискиот средиштен дел - дно на котлината. Застапеноста на рамничарскиот релјеф условува развој на полјоделството и градинарството што е карактеристика и за општините кои што ја опфаќаат територијата на ЛАГ-от

Од посебен интерес за разместеноста на селата и нивната локација е геоморфолошката еволуција на релјефот од времето на палеогенот па наваму. Тогаш, всушност, бил создаден иницијалниот релјеф, скопската потолина, во која е формирано олигоценото езеро. Целата територија на Општина Гази Баба била потопена од некогашното Скопско Езеро. Реките кои се вливале во езерото биле кратки течни текови, но со сукцесивното спуштање на езерото се продолжувале и започнале да формираат флувијални тераси. Поради тектонските движења и големата сеизмичка нестабилност, како и честата појава на земјотреси со епицентар во самата Скопска Котлина, особено во нејзиниот источен дел (каде се наоѓа територијата на Гази Баба), започнало неговото истекување и тоа ритмички, со задржување на одредени нивоа, со што се моделирал прибрежниот облик на Скопската Котлина. Целата рамничарска територија на Општината е прекриена со најмлади флувијални седименти претставени со мил, песоци и чакал, а освен тоа има и неогено езерско песокливи - глинени седименти, кои можат да се видат на многу мала длабочина од 2 до 5 метри. Затоа и на територијата на Општина Гази Баба, поради рамничарскиот релјеф, отсекогаш постоеле поволни услови за одгледување на мошне квалитетни земјоделски култури, како и на територијата на другите општини кои што се дел од ЛАГ-от.

Значајни водни ресурси што се наоѓаат на територијата на ЛАГ-от се и Раштанскиот Поток во с. Раштак и Страшката односно Булачанска Река во с. Булачани. Раштанскиот Поток извира на надморска височина од 1.500 метри. Тој претставува мал но прилично постојан поток поради изворите на поголема височина. Водотекот има четири извори: Делидере, извор Раштак и Калеш Мара 1 и 2. Страшка односно Булачанска Река извира на североисток од селото Булачани. Страшка Река претставува лев изворишен крак на Булачанска Река. Реката протекува низ селото. Во периодите кога е полноводна мал дел од нејзините води се користат за наводнување. Водотекот има мал и варијабилен проток.

Во Општината постојат и повеќе извори, меѓу кои најголемиот број се наоѓаат во околинта на селата Булачани - вкупно 4 и Раштак - вкупно 5. Изворите кај с. Раштак се на голема височина и сите слободно истекуваат. Ист е случајот и со изворите кај с. Булачани, каде само еден е каптиран како чешма, и тоа најблискиот до селото.

Освен површинските, во потесниот простор на алувијалните рамнини, а и нешто пошироко, се јавуваат големи резерви на подземна вода како бунарска така и артеска. Подземните води лежат врз непропустливите подлоги, односно под пропустливите слоеви составени главно од крупен песок и чакал. Најбогатите терени со подземна вода од 101/с

се наоѓаат во непосредна близина на Вардар и се поврзани со неговото ниво. Подземните води се јавуваат на различни длабочини од 2 до 18 метри и тие лесно можат да се користат за наводнување и за водоснабдување. Во пониските делови подземната вода се користи за обезбедување на населението со вода за пиење преку копање бунари.

На територијата на ЛАГ-от кој што го зафаќа општина Илинден издвоени се следниве геолошки формации: квартер, неоген, креда, тријас, рифеј и прекамбриум. Територијата на Општината лежи на алувијален нанос и органомочуришни седименти кои се развиле во текот на квартер. Алувијалните наноси претставуваат мека и трошна маса погодна за обработување. Органогено-мочуришните седименти се застапени во најголем дел од површината на Општината. Овие седименти се изградени од органогена тиња со висока содржина на хумусна материја, поради што, денес тоа е најплодна почва. Поголемиот дел од територијата на Општината е под 400 надморска височина и е благобрановиден со падови кои постепено се спуштаат кон полето наречено Блатија. Затоа и на територијата на Општина Илинден, поради рамничарскиот релјеф, отсекогаш постоеле поволни услови за одгледување на мошне квалитетни земјоделски култури. Покрај ова, во рамничарските предели на Општината процесот на ерозија е слаб, што придонесува негативните последици да бидат минимални.

Од особено значење за подобрување на квалитетот на искористување на површините, како и нивно површинско зголемување, се хидромелиоративните зафати извршени во блиското минато. Со нив главно биле зафатени ниските рамничарски делови низводно до градот. Од 1970 година е пуштен во употреба систем за наводнување кој потекнува од малата акумулација “Камник”, изграден источно од Железарницата. Со овој систем се наводнуваат површини од околу 2.677 ха, од кои 2.597 се под ораници.

Реката Серава е најголема река која минува низ населени места на Општина Бутел од горната зона на Радишани до вливот во реката Вардар во должина од 12 км и припаѓа на сливното подрачје на реката Вардар.



**Слика бр. 9 – Река Серава**

Реката Серава се образува од два водотека кои извираат под врвовите на Скоска Црна Гора:

Јазирска река и Радишки поток. Јазирска река извира североисточно од селото Љуботен на надморска височина од 1,500м. Радишки поток пак се образува од три водотеци: Побушка,Турчевска и Љубанска река, чии извори се наоѓаат под билото на Скопска Црна Гора, во месностите Пржар и Црни камен, на надморска височина од 1,300-1,400м.

Трите водотеци се сооединуваат под селото Љубанци и ја сочинуваат Радишка река (наречена според населеното место низ кое поминува-целото Радишани). Радишка река недалеку од селото Радишани навлегува во рамното и плодно Бутелско поле и го менува своето име во река Серава.

Во минатото реката Серава го снабдувала Скопје со вода за пиење. Откако е регулирана Серава е запуштена и подзаборавена река. На повеќе места, долж течението на реката се исфрла шут и се создаваат диви депонии. По течението на реката се изградени неколку инфраструктурни објекти (куќи, стопански објекти), како и неколку импровизирани премини, но и помали мостови. При појава на поголеми води доаѓа до излевање на водите од коритото и поплавување на изградените инфраструктурни објекти.

На територијата на Општина Чучер-Сандево течат следниве реки: Лепенец, Побушка Река, Бањанска Река, Чучерски Поток, Кучевачка (Урвичка) Река и Турчевска Река.

Иако се располага со големи водни ресурси, сепак тие не се доволно истражени. Така, во иднина се планира да се истражат и да се обезбедат потребните предуслови за нивно искористување за обновливи извори на енергија – мали хидроцентрали.

Што се однесува пак до општината Илинден, од хидролошки аспект, истата има скромна хидрографија, бидејќи на својата територијата нема постојани природни водотеци, освен сливот на Сува река, кој го сочинуваат две помали реки кои се во поголемиот дел од годината пресушени. Сува река се формира од две притоки, од кои едната минува низ населените места Бучинци, Мршевци и Бујковци со должина од 6.000 метри, а другата поминува низ населените места Дељадровци, Текија и Миладиновци со должина од 4.000 метри и продолжува кон Петровец со должина од 5.000 метри, наводнувајќи ги овие подрачја. На поголем дел има отворени одводни канали за одводнување на површинската и високата подземна вода кои се користат и за наводнување на земјоделските површини. Каналската мрежа која е дел од системот Скопско Поле се состои од главни, секундарни и терцијални канали за одводнување на површините, чија вкупна должина изнесува околу 100 км. Исто така, постои и мала вештачка акумулација на Сува река кај населбата Бучинци со површина од околу 2 ha и длабочина 3 до 4 метри која се користи за собирање на надојдените води од падините на Скопска Црна Гора и заштита од поплава на населените места по сливот на реката (Мршевци, Бујковци и Миладиновци). Во минатото, се користела за наводнување на земјоделските површини во околината. Во тек на подолготраен сушен период и оваа акумулација пресушува.



Слика бр. 10 – Акумулација Бучинци општина Илинден

Вегетацијата е застапена со 3 основни подрачја: рамичарскиот дел, шумското подрачје и подрачјето на високо планинско земјиште. Во пониският шумски појас од вегетацијата доминира шикара на белиот габер и даб и нискостеблеста и средностеблеста шума, а по течението на водните текови и по падините присутни се оревот, тополата, базелот, разни овошни насади, дренот, црниот јасен, киселото дрво, брестот, багремот и друго. Во средниот дел преовладува дабот, а во највисоките делови буката. Овие шуми порано биле многу распространети и зафаќале најголем дел од пониските подрачја. Шиповите и остатоците од благун-белограбови шуми се наоѓаат распространети по течението на реката Вардар. Пасиштата се застапени во погорните делови на територијата на ЛАГ-от, додека голините и други површини ги има насекаде.
Како растителниот, така и животинскиот свет овде е разновиден и богат. Во минатото присуството на пастрмката било многу големо, додека денес ја нема. Се среќаваат крапот, вардарската мрена, поточната мрена и некои други риби. Во речните корита на овие реки и во блиските крајбрежни делови живеат жаби, како претставници на водоземците. Од влекачите застапени се гуштерот и змијата. Од змиите најкарактеристични се поскокот и шарката. Се среќаваат и желките, ежовите, полските глувци, кртовите итн. Птиците ги има во голем број. Од нив најмногубројни се врапците, биљбиљчето, страчката, гулапчињата, гавранот, враната, алпската чавка, ластовичката, јастребот, бувот итн.

Цицачите се застапени со голем број претставници. Меѓутоа, некои од нив се пред истребување, како срната и еленот, а дивата коза скоро ја нема, додека рисот на овие подрачја е одамна исчезнат. Од постојните претставници најкарактеристични се: волкот, лисицата, дивата свиња, зајакот, верверицата, куната, јазовецот, кртот и сл. Големото сечење на шумите и преорувањето на пасиштата ги ограничиле условите за живот на овие и на останатите животни. Затоа и кај одредени претставници на животни бројот драстично се намалил, а одредени видови засекогаш исчезнале. Бујниот вегетациски покривач и разновидноста на животинскиот свет им давале отсекогаш посебна

привлечност на овие предели, а чистиот воздух и пријатната околина претставувале дополнителен и важен фактор за основање живеалишта уште од најстари времиња во повеќето селски населби, како и на изградба (во поново време) на нови викенд-населби.

## **<u>Планини</u>**

### **<u>Скопска Црна Гора</u>**

Скопска Црна Гора — средновисока планина во северниот дел на Република Северна Македонија. Се издига помеѓу Скопска котилина од југ, Кумановската Котлина од исток, Гниланската од север (во Косово) и долината на река Лепенец од запад. Планината се протега во правец ЈЗ-СИ, со највисок врв Рамно (1.651 м). Останати повисоки врвови се Соколовец и Душановец. Настаната е со раседнување. Составена е од кристалести шкрилци и еруптивни карпи, преку кои лежат мезозојски карпи и терциерни седименти. Со долината на Липковска Река поделена е на два дела: западен повисок и источен понизок познат под името Карадак. На Скопска Црна Гора се наоѓаат изворишта на поголем број речни текови. Целиот крај околу планината понекогаш се вика Црногорија и е многу богат со цркви и манастири, на пример манастирите Матејче и Свети Ѓорѓи на источната страна и манастирите Свети Архангел и Света Богородица на западната страна.
Не е познат периодот од кога оваа планина се нарекува со своето денешно име или назив со кој се именува, меѓутоа се смета дека за првпат била спомената во XIII век кога бугарскиот цар Константин Асен ги оставил селата во својата задужбина, потоа Црна Гора повторно се споменува во 1300 г., во повелбата на кралот Милутин во црквата Свети Ѓорѓи во Скопје. Во XV век Црна Гора е спомената во житието на деспотот Стефан Константин Филозоф. Турците по освојувањето на Скопје го превеле името од Црна Гора во името во Кара-Даг, и овој израз сѐ уште може да се најде во употреба до ден денес.
Скопска Црна Гора или уште позната и како Света Гора поради присуството на цркви и манастири во поголемиот дел на територијата, претставува населено место со селата (тргнувајќи во правец општина Гази Баба - кон север) Смилковци, Брњарци, Црешево, Горно Оризари, Радишани, Страчинци, Бразда, Глуво, Чучер-Сандево, Мирковци, Булачани, Горањне, Бањане, Кучевиште, Побожје, Раштак, Љубанци, Љубпотен, Блаце, Бродец, Брест и Танушевци. Сите овие села се наоѓаат на оддалеченост од 1,2.-4-7 км едни од други. Секое православно село се одликува со посебна црква и манастирски комплекс кои изобилуваат со природна убавина и пленат со својата старост.
На планината има неколку планинарски патеки кои нудат можност да се посетата големиот број на цркви и манастири, да се разгледаат природните реткости на планината и да се ужива во панорамскиот поглед кон Скопската Котлина. За сега постојат околу 12 маркирани планинарски патеки кои водат од селата во подножјето на планината кон билото и врвовите.[24]
Патеката ,,Костените” води од атарот на селото Љубанци, преку густата букова шума и покрај Мала Река до местото викано Костените во близина на врвот Црн Камен. Инаку Мала Река заедно со реките Побошка, Турчевска, Љубанска и Љуботенска ја формираат Раштанската Река, која е дел од притоките на Вардар. Патеката е добро маркирана, но

[24] https://doma.edu.mk/zagaduvanje/niz-planinarskite-pateki-na-skopska-crna-gora/

некои делови оштетена од пролетните порој кои на некои делови насобрале почвени наноси. Веднаш по излезот од селото Љубанци веднаш може да се забележи огромно количество на цврст и кабаст отпад кој го следи малиот локален пат што води кон манастирот Св. Никола. Дел од отпадот со гравитацијата завршува во течението на Мала Река која во овој дел формира мали каскади и слапови. Сето ова сериозно ја нарушува природноста на овој дел од патеката.

На падините над селото може да се забележи забрзана урбанизација и развој на инфраструктурата. Се пробиваат и нови патишта низ планинските долови со цел да се поврзат новите мали викенд населби со селото. Иако овој дел е катастарски уреден, сепак начинот и методи кои се употребуваат за градење на овие објекти влијае на пејзажот и релјефот.

Од повисоките делови на патеката се забележуваат голи делови од шумата, како и појава на интензивна ерозија како резултат од сечата. Според Валоризација на геовредностите на Скопска Црна Гора поради поволните природни карактеристики (стрмни наклони на теренот, слабо отпорен геолошки состав, погодни климатски одлики), како и неповолното влијание на човекот во минатото и денес, Скопска Црна Гора е изложена на силни ерозивни процеси. Во поројните сливови водата од врнежите речиси воопшто не се задржува, туку се концентрира во помали или поголеми млазеви кон подножјето, формирајќи се поголем пороен водотек. Ова најдобро може да се забележи на северо-источната граница на селото Љубанци каде од ерозија не само што се губат огромни количество на почва од долот, туку ерозијата полека ги уништува и земјоделските површини и насади.

Според досегашните истражувања, Скопска Црна Гора крие многу геолошки и биолошки вредности кои треба да се заштитат, но сѐ уште нема план за заштита на некој дел или локалитет на планината. Во Студијата за валоризација се предложени неколку геолошки локалитети кои се значајни за националниот геолошки диверзитет.

Во меѓувреме, Скопска Црна Гора останува релативно слабо посетена планина со голем потенцијал.



Слика бр. 11 – Планина Скопска Црна Гора

## Климатски карактеристики

Климатските карактеристики на територијата на ЛАГ Црна Гора произлегуваат од повеќе фактори: географската положба, влијанието на Егејското Море, надморската височина и локалните орографски услови. На територијата на ЛАГ-от се чувствува влијанието на континенталната и медитеранската клима. Средната годишна температура на воздухот варира од општина до општина со оглед на тоа што дел од нив се наоѓаат во рамничарскиот дел, а дел во подножјето на Скопска Црна Гора, па така истата се движи од 12 до 15 степени целзиусови. Зимите се умерено студени, додека пак во летните месеци се јавуваат и високи летни температури кои што се движат од 35,5 до 42,2 степени целзиусови (Табела бр. 15) . Релативната влажност на воздухот се движи од 46,3% до 78%, додека пак просечниот број на сончеви денови се движи од 156 до 257 во зависност од годината и во зависност од општината.

| Климатска карактеристика | Минимална | Максимална |
|---|---|---|
| Средна годишна температура | 12-15,5°C | 35,9 – 42,2°C |
| | | |
| Релативна влажност на воздухот | 46.3% | 78% |
| Просечен број на сончеви денови | 156 | 257 |

Табела бр. 15 - Просечни годишни температури на територијата на ЛАГ Скопска Црна Гора[25]

[25] Извор: УХМР, споредбена анализа на температури по општини 2023 година

# 8. КУЛТУРА

Развојот на културата во општините на територијата на ЛАГ Скопска Црна Гора се одвивал во специфични услови, детерминирани од постоечките економско-политички прилики и традициите на живеење на месното население во минатото и денес.

Културното живеење во општините веднаш по ослободувањето и во наредните години главно се одвивало преку масовните манифестации по повод државните и верските празници, разни јубилејни прослави, свадби, вечеринки итн. На овие собири највеќе биле застапени македонските песни и ора, поврзани со традиционалните обичаи по повод чинот на венчавањето, раѓањето на новороденче, одењето во војска и сл. На тој план посебно треба да ги споменеме самоуките музичари кои со своите прекрасни музички изведби дале белег на развојот на музичката култура особено во општина Гази Баба.

Најзначајното културно живеење на територијата на Општината било поврзано со формирањето и развојот на КУД "Трајко Попов" од с. Раштак. Друштвото било формирано во далечната 1932 година како играорна група "Раштак". Еден од првите играорци во групата бил Трајко Попов, чие име денес Друштвото со гордост и пиетет го носи.

Во општина Чучер Сандево, од 1962 година функционира КУД Александар Урдаревски. Друштвото е составено од стотина членови, деца на школска возраст. Активностите на друштвото ги води и координира дома на Култура Партизански дом Сандево. Истиот се наоѓа во село Чучер Сандево кадешто е и споменикот на народниот херој од село Чучер-Александар Урдаревски. Домот е изграден во 1965 година, дрвена барака за канцеларии и сала. Салата е срушена пред неколку години а во моментов се одвиваaат активности за нејјзина повторна изградба. Физичката состојба на салата допринесе многу активности на Домот да бидат намалени или целосно замрени.

Значаен белег на културното живеење во Општина Гази Баба и дава и Ансамблот за народни игри и песни "Јонче Христовски". Формиран е 2003 година од група ентузијасти со цел да ги истражува, развива и презентира македонскиот фолклор и македонските народни обичаи изразени низ народните игри, песни, инструменти и народни носии кои го изразуваат богатото културно и историско наследство на македонскиот народ. Во Ансамблот членуваат околу 150 играорци, поделени во повеќе групи, како и оркестар составен од 10 члена.

На програмата на ансамблот се наоѓаат игри од повеќе региони на Македонија, како и игри и песни од Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија.

Исто така, културното живеење во Општината се одвива и преку трите Дома на културата, во кои порано биле сместени голем број на друштва и секции во кои цутел аматеризмот и се негувале културно-уметничките самодејности. Во поново време овие активности се драстично намалени. Еден од првите изградени Домови на територијата на Општина Гази Баба е Домот на културата "Димитар Влахов". Се наоѓа во населбата Автокоманда. Изграден е 1949 година. Домот има површина од 656 м2, сценски простор од 64 м2 и две сали од различна големина со вкупно 306 седишта.

Во Колонија Идризово се наоѓа Домот на културата "Колонија Идризово", изграден 1954 година. Тој располага со површина од 784 м2, со сценски простор од 70 м2 и една сала со 306 седишта. Порано во Домот годишно се реализирале до 50 разновидни културни содржини, а во него работеле повеќе литературни секции со масовно учество на

населението од овој дел на Општината. Денес Домот на Културата не работи и целосно е запуштен.

Во населба “Чento” се наоѓа Домот на културата “11 Октомври”. Тој е еден од поновите Домови во Општината, изграден 1972 година, кој располага со површина од 2.800 м2, со сценски простор од 85 м2 и една сала со 328 седишта. Порано во Домот годишно се организирале и до 50 разновидни културни програми, а како матична форма на самодејности во него работеле литературната и ликовната секција, како и една рок-група. Денес Домот воопшто не функционира и целосно е запуштен и руиниран.

На територијата пак на општина Бутел карактеристични се две традиционални манифестации и тоа:

**Денови на ликовна уметност Чучер Сандево - Ликовна колонија Љубанци**

Овој настан две години по ред се одржува во општина Чучер Сандево. За многу кратко време се постигна голем успех, пред се откривање на талентирани ученици на кои им е дадена можност да се изразат и да бидат видени.

Оваа културна манифестација, започнувајќи од 2010 година, традиционално се одржува во месец јуни во селото Љубанци. Во период од една недела, еминентни уметници од земјата и странство сликаат различни мотиви на повеќе локации во околината на селото Љубанци, со цел да ја прикажат автентичната стара архитектура на селото како и убавините на Скопска Црна Гора. За време на одржувањето на колонијата еден ден е посветен на најталентираните ученици од основните училишта во општината и тој ден се оддржува детска ликовна колонија, каде еминентните уметници и најмладите уметници сликаат заедно. Во месец ноември се организира ликовна изложба на која насликаните уметнички дела се изложуваат за граѓаните. Самото село Љубанци, пак, е една од постарите населби на Скопска Црна Гора за што сведочат повеќето цркви и манастири во неговата околина кои датираат од XI и XII век, како и големиот број на сочувани старинечки родови и родови доселени од две околни села (Лопушани и Згуровци), кои сега не постојат. На атарот на селото Љубанци има остатоци од различни културни епохи, а особено стари гробови, пари, остатоци од црквишта, кои селаните ги ископувале на местата Гребиште, Делба и Св. Јован.

Опширен и детален опис за Љубанци и неговите жители, нивниот дух, стопански занимања и живот во XIX век, во својата книга „Материјали по изучувањето на Македонија“ од 1896 дава македонскиот револуционер Ѓорче Петров. Во тоа време Љубанци имало 120 македонски куќи, а атарот бил мал сразмерно со селото, планината повеќе гола, заради што жителите биле бедни, но печалбарството ги направило доста будни. Отворени, живи и весели луѓе се љубанчани и не паѓаат подолу и во гостопримството, па изреката: „На село, на гости, на тевна ќотек“ е вистинита и применлива за сите села, но во Љубанци останувaш толку задоволен и задолжен од нивната услужливост што ги заборавaш вообичаените селски незгоди.

**Љубански карневал и карневал во селото Кучевиште**

Оваа манифестација  традиционално се одржува во селата Љубанци и Кучевиште на верскиот празник Прочка. На овој ден голем број на граѓани излегуваат на улиците во селото маскирани во традиционални и рачно направени маски. Карневалот го организира Здружението за заштита на културното наследство „Љубански карневал – Прочка“. Според Здружението, карневалот има вековна традиција, а потекнува од паганскиот период. Жителите на село Љубанци успеале да го одржат во различни облици, со многубројни обичаи, зачувувајќи ја притоа автентичноста. Оваа традиција е стара со векови, за почит е како историска реткост во овие краишта, има своја специфична содржина и се разликува од сите карневали што се одржуваат на територијата на нашата држава. Почетоците на овој карневал се уште во паганскиот период, а главна цел било протерувањето на лошите духови од овие простори. Овој карневал денес има поинаква содржина, но, секако, и ја задржува автентичноста од паганскиот период, со што на него можеме да го видиме целокупното историско минато на нашиот народ, а, исто така, и денешницата што ја живееме. Можат да се видат традиционалните маски, кои секоја година се подготвуваат: свадба со невеста, младоженец и сватови, потоа комити, како и луѓе облечени во кожа со прапорци. Самите жители си ги подготвуваат маските, а Здружението за заштита на културното наследство „Љубански карневал Прочка“ помага за групните маски: свадбата, комитите и луѓето облечени во кожа. Карневалот завршува во училиштето „Гоце Делчев“, каде се избира најубавата маска.

Најчесто, карневалот во Кучевиште го организраат млади ентузијасти кои се трудат да допринесат оваа традиција да опстане поради нејзиното големо културно значење.



Слика бр. 12 – Љубански карневал Порчка

Во општина пак Чучер Сандево, од областа на културата, функционира ОЈУ Партизански дом „Сандево“ – с. Сандево. Објектот во вид на дрвена барака, изграден по 1963 година, односно по големиот земјотрес во Скопје, работи во крајно тешки услови. Администрацијата работи без елементарни услови за тоа, додека салата која се користела за подготовки и организирање манифестации од областа на културата е целосно распадната.

Најпозната манифестација што се организира од страна на ОЈУ Партизански дом „Сандево“ е „Станкови денови“, во чест на народниот херој Александар Урдаревски – Станко. Во минатото, кога имало услови, манифестацијата траела 7 дена, опфаќајќи и спортски и културни активности, додека во денешни услови, само една скромна приредба го одбележува Денот на патронот Алекандар Урдаревски. Секоја година, во периодот август-септември, во с. Глуво се одржува Меморијален турнир во мал фудбал во чест на реномираниот фудбалер Љубомир Рајчевски – Рајче.

Културното живеење го збогатуваат и трите библиотеки во кои се чуваат поголем број книги и списанија за едукација на учениците и сите граѓани кои се наоѓаат во

општина Гази Баба. Библиотеката “Кочо Рацин” е сместена во просториите на Домот на Културата во Автокоманда и располага со книжен фонд од 22.000 книги и списанија. Библиотека “Коле Неделковски” е сместена во една просторија во Домот на културата “11 Октомври” во населба Ченто. По рафтовите на Библиотеката сместени се околу 16.000 книги, списанија и други стручни помагала. Просториите на библиотеката “25 Мај” се наоѓаат во ОУ “25 Мај”, исто така во населбата Ченто. Оваа Библиотека располага со околу 12.000 книги и списанија. Во Библиотеките се вработени вкупно три библиотекари со средно стручно образование.

Во рамките на развој и унапредување на културата во општина Илинден изградени се и функционални се 12 Домови на културата.



Слика бр. 13 – Дом на култура Бучинци

Во рамките на културните активности на Општината, се одржува Литературна манифестација “Илинден”, на која учествуваат поголем број на реномирани поети од земјата и од странство. На Манифестацијата своја можност да се претстават имаат голем број на млади и неафирмирани поети.

Општина Илинден традиционало организира и поддржува бројни спортски манифестации меѓу кои: турнири во голем и мал фудбал, турнири во баскет, турнир во шах, а по повод Денот на Општината го организира и традиционалниот Спортски викенд “Илинден”, на кој се одржува и професионална велосипедска трка во должина од 100 километри.

## Археолошки локалитети

Археолошките локалитети на територијата на Општина Гази Баба потекнуваат од праисторијата и од антиката. Се наоѓаат на целата територија на Општината и претставуваат редок материјален доказ за духовната и материјалната култура на луѓето кои тука живееле пред два милениума.

### Археолошки локалитет во с. Брњарци

Ирма, населба од римско време. Се наоѓа југоисточно од селото, каде во ниви се откриени темели од поголем објект.

Љатина, некропола од римско време. Се наоѓа 2 км јужно од селото, на простор 50 x 50, каде се гледаат остатоци од римски надгробни стели, а пронајдени се и повеќе стари монети.
Тумба, населба од неолитско време. Се наоѓа 1 км јужно од селото, каде на површина од 0,50 ха откриени се фрагменти од керамички садови, кремени и камени орудија и др.

**Археолошки локалитет во с. Булачани**

Кула, утврдување - рефугиум од доцноантичко време. На 2,5 км северно од селото и исто толку од с. Раштак, на еден висок планински гребен, на простор 100 x 30 м се гледаат ѕидови од камен и варов малтер.

**Археолошки локалитет во Камник**

Некропола од римско време, каде биле откриени 7 гроба, од кои четири со инхумирани и три со кремирани покојници.

**Археолошки локалитет во Маџари**

Ограда, населба од римско време, која е откриена во една нива на површина од 5 ха. При ископот најдени се поголем број фрагменти од керамички садови и многу градежен материјал, а откриени се и темели на повеќе објекти.



Слика бр. 14 – Музеј на отворено Тумба Маџари, музеј на отворено, населба од неолитско време

Се наоѓа на североисточниот крај на Скопје, во просторот меѓу современите населби Маџари 2 и Ченто, непосредно до фудбалското игралиште. Констатирано е дека се работи за остатоци од повеќеслојна населба, со културен слој од 3 м во кој се разграничуваат три хоризонти на живеење од времето на средниот неолит. Најдени се голем број остатоци од керамички садови. Покрај керамиката, значајна е и откриената култна пластика. Големата мајка божица, - заштитничката на плодноста, е претставена на начин што засега е непознат меѓу неолитските култури од другите балкански простори.

Тоа е божица со наративна иконографија, која е збогатена со палеоетнографски содржини.
Улица “Димче Милошевски”, осамен наод од римско време, каде е пронајден поголем фрагмент од надгробна плоча со латински натпис.

**Археолошки локалитет во с. Раштак**

Чифлик, населба од доцноантичко време, која се наоѓа на околу 300 м јужно од селото, на површина од околу 3 ха. Тука се среќава изобилство од градежни материјали, но и многубројни фрагменти од керамички садови, питоси и неколку императорски монети.

**Археолошки локалитет во Рокомија**

Осамен наод од римско време при што бил откриен гроб од ИВ век за чија конструкција се употребени четири надгробни стели со латински натписи.
Археолошки локалитет во с. Стајковци
Тумба -Круша, населба од неолитско и римско време. Помеѓу селата Стајковци и Синѓелиќ забележлива е тумба која зафаќа простор од околу 2 ха. Ископани се повеќе фрагменти од керамички садови, кремени и камени орудија, куќен лепеж, а поретко се среќаваат и наоди од римско време.

**Археолошки локалитет во Хиподром**

Клучка - Хиподром, некропола од доцнобронзено време и населба од средниот век. Пронајдени се гробови со кремирани покојници погребани во урни. Откриени се вкупно 11 гробови-урни, а исто така и остатоци од средновековна населба.
Археолошки локалитет во с. Црешево
Крши Дол, некропола од римско време, каде се пронајдени повеќе надгробни споменици со латински натпис .
Селиште, осамен наод од римско време, каде е откриен жртвеник со латински натпис, посветен на божествата Јупитер и Јунона.
Смиљковце, населба од римско време, каде се откриени темели од објекти градени од камен со варов малтер. По површините се среќаваат градежни материјали и фрагменти од керамички садови.

На територија на Општина Бутел се наоѓаат петнаесетина средновековни цркви и манастири, а како најзначаен се издвојува Скопскиот Аквадукт во Визбегово.

- **Скопски Аквадукт, Визбегово**

Најважен споменик од културноисториски аспект во општина Бутел е Скопскиот Аквадукт во Визбегово. Околу датирањето на Аквадуктот се искажани повеќе мислења. Според едни истражувачи тоа е римска а според други Византиска градба. Според овие мислења тој бил поврзан со градот Скупи и овозможувал да биде доведена вода од Скопска Црна Гора.

Меѓутоа, со последните истражувања се тврди дека Аквадуктот бил изграден во 16 век, кога во Скопје се започнува со интензивно градење на амами и џамии, за чие

функционирање биле потребни големи количества чиста вода. Водата била преку аквадуктот дотурана од каптирани извори во Скопска Црна Гора.



Слика бр. 15 - Скопски Аквадукт

Најголем белег по кој што Општина Чучер-Сандево се идентификува и се разликува од останатите општини во државата е богатството со културно-историско наследство: 16 цркви и 5 манастири. Според Студијата за прикажување на културното и природното наследство во Скопскиот Регион од 2012, во Општина Чучер-Сандево има и 21 археолошко наоѓалиште и 2 други објекти и површини од јавно значење и природно наследство. Од архелошките наоѓалишта, најпознати се т.н. Монуметалната раноримска гробница во село Бразда и Давина кула во Чучер. Покрај нив, автентичната архитектура на куќите со големи дрвени чардаци е уште едно големо обележје и сето тоа заедно би можело многу да придонесе за развој на туризмот.

**"Бања", водовод од римско време, с. Бањане** – На повеќе места во полето констатирани се остатоци од стар водовод, цели и фрагментирани тубулуси што се протегаат во правецот северно од селото, кон месноста Бања каде се наоѓаат силни извори од кои водата била носена до римскиот Скупи.

**"Дуло", вила рустика од доцноантичко време, с. Бањане** – Се наоѓа на 1км југоисточно од селото, во близина на изворот —Дуло—, на вакафска парцела (Св. Ѓорѓи), каде се откриени темели од вила рустика. Основата на објектот е втемелена по оската северозапад-југоисток во вид на буквата —Г—, со 6 простории од кои едната е

формирана апсидално кон северозапад, а тремот е кон југоисток. Ѕидовите се од кршен камен со доста антички мермерни сполии, поврзани со хидрауличен малтер. Има остатоци од камени столбови, капители, архитрави, имбрекси, тегули, тубулуси и многу керамички материјал. Два сада се чуваат во НУ Конзерваторски центар – Скопје.

**“Св. Ѓорѓи“, осамен наод од римско време, с. Бањане** – Во прагот на црквата вѕидана е надгробна стела со релјеф и латински натпис кој е оштетен.

**“Градиште“, утврдена населба од железно, раноантичко, римско и доцноантичко време, с. Бразда** – Се наоѓа на високиот рид, обграден од двете страни со Чучерска Река, на чие плато со површина од 4,5 хектари има остатоци од утврдена населба. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и друг градежен материјал. На акрополт, врз предримскиоот опидум бил изграден доцноримски кастел со квадратна основа од 110 x 90 метри, чии одбранбени ѕидови се од камен и варов малтер. Со археолошки истражувања откриени се дел од работилница за преработка на метал (оловна руда) и керамика од V-IV век пред н.е. Во северното подножје откриена е раноантичка гробница од делкани блокови травертин со две фази на градба и многубројна жртвена керамика од крајот на V и раниот IV век пред н.е. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија.

**“Ѓорѓоец“, водовод од римско време, с. Бразда** – На 1км југозападно од селото откриени се остатоци од стар водовод – тубулуси, со правец на протегање кон римскиот Скупи.

**“Царевец“, населба од римско време, с. Бразда** – Се наоѓа на 3км западно од селото, на левата страна на Лепенец, каде на простор од околу 50 x 50 метри има фрагменти од керамички садови, градежен материјал и дел од вотивен споменик со латински натпис.



Слика бр. 16 – Монуметална раноримска гробница (Античка градба од V и IV п.н.е.)

**“Куќетини“, населба од раниот среден век, с. Глуво** – Се наоѓа на околу 800 метри северозападно од селото, на десната страна на рекичката Бањанска, каде се регистрирани три големи јами со фрагменти од византиска глеѓосана керамика, насликана со спирални и флорални мотиви. На 200 метри северно од јамите, има урнатини од повеќе станбени објекти.

**“Штитиње“, осамен наод од римско време, с. Глуво** – Во дворот на приватна куќа најден е фрагмент од надгробна плоча употребен како стожер, со латински натпис и фриз, донесен од местото —Штитиње—. Денес се наоѓа во Музејот на град Скопје.

**“Бошњачка Чешма“, некропола од доцноантичко време, с. Кучевиште** – При изведување на земјени работи за водовод, откриен е доцноантички гроб, чија конструкција е од обработени камени блокови, помал фрагмент од саркофаг, една цела и една фрагментирана надгробна плоча со латински натписи. Стелите и гробните наоди се чуваат во Музејот на град Скопје.

**“Град“, градиште од доцноантичко време, с. Кучевиште** – Се наоѓа на 6км северно од селото, на гребен со карпест врв и кота над 1.000 метри, каде има темели од одбранбен бедем зачувани на западната и југоисѕочната падина, како и површински наоди од керамички садови, питоси, тегули и друг градежен материјал.

**“Градиште – Беговиште“, утврдена населба од доцноантичко време, с. Кучевиште** – Се наоѓа на 3км северно од селото, на доминантен рид со кота од 900 метри, каде има

остатоци од утврдена населба и површински наоди од голем број фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.

**“Кучевиште“, осамени наоди од римско време, с. Кучевиште** – Во атарот на селото пронајдени се две надгробни плочи со латински натписи, едната се чува во Музејот на Македонија, а другата во селската црква.

**“Радишко“, некропола од римско време, с. Кучевиште** – Се наоѓа на 2км јужно од селото, каде се откриени во приватна нива 7 надгробни споменици со латински натписи и делови од камен саркофаг. Се наоѓаат во полска куќичка во месноста ―Бреслики―.

**“Преку Река“, осамен наод од римско време, с. Мирковци** – Од ова место потекнуваат повеќе споменици од бел мермер, евидентирани во стручната литература, кои се чуваат во Музејот на Македонија.

**“Шуманица“, некропола од доцноантичко време, с. Мирковци** – Се наоѓа северно од селото, каде се констатирани остатоци од гробови на повеќе места, како и уништени гробни конструкции со изведување на земјоделските работи.

**“Врбиче“, некропола од доцноантичко време, с. Побожје** – Се наоѓа на 1км југоисточно од селото, во правец на селото Љубанци, каде се констатирани остатоци од некропола и од каде биле вадени камени плочи од гробни конструкции.

**“Гробишта“, некропола од доцноантичко време, с. Побожје** – Се наоѓа во центарот на селото, каде на левиот профил на главната улица се гледаат петнаесетина гроба градени од масивни камени плочи.

**“Зајкино“, осамен наод од римско време, с. Побожје** – Како дел од конструкцијата на еден доцноантички гроб пронајдени се две надгробни плочи со латински натписи, кои се чуваат во Музејот на Македонија.

**“Давина–Маркова Кула“, кастел – градиште од римско и доцноантичко време, с. Чучер-Сандево** – Се наоѓа на 3км југозападно од селото Чучер, на јужниот крај на Качаничката Клисура, високо над реката Лепенец и магистралниот пат Скопје-Качаник, каде на врв зарамнет во долги тераси има остатоци од доцноантичко градиште. На највисоката кота е акрополот со двоен појас на одбранбени ѕидови градени од камен и варов малтер, а во внатрешноста има остатоци од ранохристијанска базилика и десетина други објекти. Северно од акрополот се наоѓа јадрото на градот опфатено со два појаса на ѕидови со кули, во центарот со квадратен форум и многу јавни и приватни градби околу него. На северното чело од надворешниот бедем има голема порта, а целиот простор во ѕидините изнесува околу 8,5 хектари. Северно од градиштето се наоѓа некрополата.

**“Маркова Кула“, некропола од римско време, с. Чучер-Сандево** – Се наоѓа северно од градиштето ―Давина – Маркова Кула―, каде случајно е откопан гроб со три надгробни плочи во секундарна употреба, кои се чуваат во Музејот на Македонија.



Слика бр. 17 – Остатоци од ранохристијански храм и ѕидините на Давина Кула

На територија на општина Илинден се наоѓа локалитетот „Градиште“ во с. Бучинци каде во 2008 годиа се откриени пајонски погребување од железно време (од крајот на 8 до 6 век пр.н.е). Дополнително во архелошки истражувања откриени се керамички садови и модели на женска фигура во атарот на с. Мржевци.

Исто така во селото Миладиновци има две остатоци од археолошки наоѓалишта, едното е археолошко наоѓалиште Тумба односно населба од римско време и второто е локалитетот Турски гробишта кој претставува осамен наод од римско време.

# 9. ТУРИЗАМ

Од аспект на туризмот, ЛАГ Скопска Црна Гора исто така нуди неограничен број на можности за развој на сите видови на туризам затоа што ги има неколкуте природни предности:

1. Погодна надморската висина
2. Здрава животна средина особено во делот на планината Скопска Црна Гора
3. Изградена инфраструктура и објекти
4. Постоењето на етнолошките знаменитости, археолошки локалитети, векони традиции
5. Развиена сообраќајна инфраструктра
6. Близина до главниот град на државата

Она што исто така може да се забележи за регионот на ЛАГ Скопска Црна Гора е дека во текот на изминатите години не е многу вложувано кога станува збор за туризмот и покрај тоа што има бројни локалитети и можности за развој на различни видови на туризам. Во текот на последните години веќе се забележуваат приватни капацитети или угостителски објекти кои што се градат во руралните и планински делови на Скопска Црна Гора со што се дава можност за развој на алтернативниот туризам.

**Скопска Црна Гора**

Имено пределот над селата Љубанци и Љуботен, под падините на Скопска Црна Гора, изобилува со исклучителни погодности и потенцијали-културно историски споменици, рекреативни подрачја, отворени видици, богатство и разновидност на природата и живиот свет, можности за разновидни видови на рекреација но и потенцијали за развој на еко туризмот. Зголемената урбанизација и пренаселеноста во градот Скопје, од една страна, и исклучителната природа  во комбинација со културното наследство, во изминативе неколку години го враќаат населението во општина Бутел, со оглед на зголемениот интерес за планинарење, велосипедизам, ловство и други активности. Скопска Црна Гора нуди извонредни патеки за планинарење, посебно за планински велосипедизам и downhill, а исто така има можност за развој на горскиот и ектремниот спортски туризам.

**Скопскиот Аквадукт**

Исто така од особена важност во рамките на Општина Бутел е и Аквадуктот, лоциран во населбата Визбегово, кој е културно историскиот споменик со непроценлива вредност, и исклучително голем потенцијал за развој на туризмот во општина Бутел. Изграден е од камен и тули со 55 лакови кои се потпираат на масивни столбови. Тој служел за носење вода до античкиот град Скупи, кој, пак, се наоѓа во непосредна близина на Скопје.

**Селото Љубанци**

Селото Љубанци е една од постарите населби на Скопска Црна Гора за што сведочат повеќето цркви и манастири во неговата околина кои датираат од XI и XII век, како и големиот број на сочувани старинечки родови и родови доселени од две околни села (Лопушани и Згуровци), кои сега не постојат. На атарот на селото Љубанци има остатоци од различни културни епохи, а особено стари гробови, пари, остатоци од црквишта, кои селаните ги ископувале на местата Гребиште, Делба и Св. Јован.

Како дел од верските објекти кои што исто така може да придонесат кон развој на манастирскиот и верски туризам на територијата на ЛАГ-от се забележуваат и следните:

**Црква “Св. Спас”, село Раштак**

На местото на денешната црква претходно постоел стар верски црковен објект. Постоечката мала и разурната црква била обновена 1861 година од месното население. Иконостатост бил довршен 1866 година, а во 1928 година била поставена и камбанаријата. Во обновената црква посебно внимание привлекува иконостасот со ликот на светата маченица Злата Магленска со народна носија од ова село. Во црквата се наоѓала и една стара црковна книга печатена во Венеција во 1537 година, која од 1992 година се чува во Народната библиотека во Скопје.

**Населба Виниче, Манастир “Св. Илија”**

Манастирот бил изграден околу 1900 година на една доминантна височинка во Долна Маала. Претходно на тоа место бил поставен стар исклесан крст од камен, како симбол на христијанството и прославата на празникот “Св. Илија”, кој традиционално, секоја година се паѓа на 2 август. Тука се лоцирани и селските гробишта, кои порано се наоѓале во с. Цршево. Манастирот е целосно обновен 2003 година од страна на месното население.

**Црква “Св. Ѓорѓи Победоносец“, с. Трубарево**

Црквата е нова градба, а била осветена 1982 година. На ова место уште од турско време постоел крст, каде месното население секоја година се собирало за време на верскиот празник Ѓурѓовден. За да се овековечи ова традиционално свето место, кое со векови било собиралиште на верниците, по иницијатива на месното население подигната е црквата, вековна желба на многубројни генерации жители на селото од најстари времиња до денес.

Црквата била изградена на место каде, според верувањата, луѓето од најстари времиња се собирале да го прославуваат верскиот празник посветен на свети Ѓорѓија. Црквата е обновена и декорирана со фрески и икони. Во поново време е изградена и црковната камбанарија, како и оградата околу црквата.

**Црква “Св. Кирил и Методиј”(меѓу народот позната и како “Св. Ѓорѓи”), с. Синѓелиќ**

Црквата е новоградба, чии темели биле поставени во 1973 година, а била осветена во 1975 година. На ова место во далечната 1938 година бил поставен крст од исклесан

камен. Местото имало големо верско значење и е собиралиште за одбележување и прославување на верскиот празник посветен на св. Ѓорѓи - Ѓурѓовден.

### Џамија во с. Синѓелиќ

Џамијата во с. Синѓелиќ е стара и потекнува од втората половина на 19 век. Во 1977 година старата џамија била урната и на нејзино место е подигната нова, поголема џамија. Џамијата е една од поголемите во овој дел на Скопје, со убаво уреден двор и одаи за верски обреди.

### Џамија, с. Страчинци

Џамијата во с. Страчинци потекнува од 19 век. Била изградена од камен и била мала. На местото на старата, 1997 година е започната изградбата на новата џамија, која целосно е завршена 1999 година. Џамијата е со големи пропорции и доминира во центарот на селото.

### Црква “Св. Спас”, Маџари

Била изградена 1925 година во тогашното село Маџари, на место каде што дотогаш постоел стар руиниран црковен објект изграден на примитивен начин од плот и кал. Целосната обнова на црквата е од 1992 година, кога по иницијатива на месното население биле удрени темелите на сегашната црква, која е сеуште во фаза на изградба.



Слике бр. 18 – Црква Св. Спас, Маџари

**Црква "Воведение на Пресвета Богородица - Пречиста". с. Идризово**

На местото на сегашната црква уште од најстари времиња бил поставен крст исклесан од камен. Не се знае кога бил поставен крстот. Но на ова место луѓето од памтивек ја прославувале селската слава во чест на свети Јован (јануари). Црквата, по иницијатива и со пари од месното население, започнала да се гради 1996 година, а била осветена 1998 година.

**Црква "Св. Спас", с. Цршево**

Црквата била изградена околу 1850 година. Во нејзината близина се наоѓало и старото црквиче посветено на св. Јован, во чија околина биле лоцирани и најстарите гробишта на месното население. Црквата "Св. Спас" е меѓу најстарите цркви во овој реон, а богатата орнаментика, а особено старите фрески и икони, кои потекнуваат од 1853 и 1858 година, ја вбројуваат оваа црква во верски објекти од непроценливо национално значење.

**Црква "Св. Јован Крстител, с. Булачани**

Црквата била изградена на старо црквено земјиште на кое од памтивек се собирало месното население по повод селската црковна слава посветена на св. Јован. Карактеристичен за црквата е стариот и прекрасно декориран иконостас, како и повеќето

стари фрески и икони насликани по ѕидовите на црквата кои потекнуваат од 1861 година. Се зборува дека иконостасот го направил некој Турчин од Јаја-пашината џамија во Скопје.

**Црква “Света Великомаченица Недела”, с. Смилковци**

Црквата е изградена на црквено земјиште, сопственост на црквата “Св. Спас” од с. Црешево. Започнала да се гради 1989 година, а била осветена 1994 година од тогашниот македонски архиепископ г.г. Михаил. Црквата била изградена од доброволни прилози на населението од с. Смилковци и населението од околните селски населби.

**Црква “Св. апостоли Петар и Павле”, с. Јурумлери**

На местото на сегашната црква претходно се наоѓала стара и трошна црквичка изградена од плот и кал. Меѓу луѓето од селото и околните селски населби постои верување дека оваа црква била меѓу најстарите во Блатијата. Тука луѓето од Блатијата секоја година масовно се собирале на верскиот празник Велигден. Пред околу 30 години старата црква била урната и била изградена нова од цврст материјал. Црквата е богато декорирана со фрески и икони и со добро уреден двор и трпезарија.

**Црква “Св. Петар и Павле”, с. Брњарци**

Црквата е изградена 1950 година, на местото каде дотогаш постоел стар камен крст. Старата црква била мала и изградена од камен. Реновирањето и проширувањето на црквата започнало 1999 година, а било завршено 2002 година. Црквата е реновирана со сопствени средства и други донации од жителите на селото и околните селски населби. Во тек е изработка на иконостасот и цртањето на фреските.

**Црква “Св. Архангел Михаил”, Автокоманда**

Сегашната црква била подигната на темелите на постара црква во 1927 година. Во 2006 година е реновиран надворешниот дел на црквата. Карактеристичен за оваа црква е мермерниот иконостас, кој бил поставен уште кога се градела црквата. Таков иконостас, кој е многу скап и тежок за обработка, многу ретко се наоѓа во македонските цркви. Специфичен е и релјефот на “Св. Архангел” поставен на надворешниот горен дел, веднаш над влезната врата во црквата. Во составот на црквата се наоѓа и црквениот параклис посветен на “Покров на пресвета Богородица”, каде извира, според верувањата, света и чудотворна вода. Изградена е во средината на 18 век. Во 1995 година била изградена и осветена мала црковна крстилница посветена на “светите бессребреници и чудотворци Кузман и Дамјан”. Во склопот на црквата се наоѓаат и англиските воени гробишта од Првата светска војна.

**Манастир “Св. Никита“, с. Горњане, Општина Чучер-Сандево**

Црквата е изградена во 1307/1308 година како задужбина на српскиот крал Милутин, на темели на постара црква. Во 1574 година јужниот влез бил поправен, а во 1692 година црквата била обновена. Во XIX век на куполата е изградена нова калота, старата била урната. Живописана е околу 1320 година, а некои делови биле живописани во XV и XIX век. Црквата има основа во форма на впишан крст во правоаголен простор,

со една апсида на источната страна, петострана однадвор. Има купола потпрена на четири четвртасти столбови и пандантифи. Ѕидана е од камен и тули со малтер. За украс на фасадите применети се слепи аркади исполнети со разни геометриски орнаменти, кои на споменикот му даваат декоративен и живописен изглед, посебно потенциран на олтарната апсида. Првобитните мали прозорци на јужната и северната страна биле затворени и на нивно место отворени други во вид на бифори. Живописот е од времето кога е изградена црквата, со исклучок на некои делови како што се фреските во куполата каде има понов живопис од XIX век. Во црквата има фрагментарно сочуван и постар живопис од старата првобитна црква на чии темели е подигната денешната, во делови на ѕидовите од столбовите и во олтарната апсида. За живописот е карактеристично што покрај грчките натписи, се среќаваат и старословенски кои биле многу подостапни за населението.

**(Манастир) Црква “Св. Архангели Михаил и Гаврил“, с. Кучевиште, Општина Чучер-Сандево**

Не е познато кога е изградена. Врз основа на начинот на градењето и стилските одлики на архитектурата, се претпоставува дека е изградена во крајот на XIV или почетокот на XV век. Во 1631 година изведен е живописот во припратата, а според натпис над влезната врата во црквата, таа била живописана во 1701 година. Во историските извори манастирот се споменува во XVII век. Конаците се подигнати во XIX и XX век. Манастирот има една црква и конаци што ја опкружуваат од сите страни.

Црквата има основа во форма на триконхос, со купола на четири столба. На источната страна има апсида тристрана од надворешната страна. На горниот дел од фасадите, особено околу прозорците и венецот, употребени се декоративни керамички лончиња, во форма на крст, што придава особен декоративен изглед. Авторот на живописот не е познат, но една од карактеристиките на неговата работа е што во композициите внесол елементи на пејсаж, кој ќе биде особено негуван во XIX век. На иконостасот се наоѓаат царски двери, многу постари од живописот на црквата, секако од периодот на XVI-XVII век. Од стариот црковен мебел останале две певници инкрустрирани со коска, кои потекнуваат од XVIII век. Во оваа црква се наоѓала и една извонредно интересна икона со илустрација на 158, 159 и 160 псалми Давидови, а денес се наоѓа во Националната галерија на РМ (Даут пашин амам).

**Црква (Манастир)“Св. Илија Горни“ со конаци, с. Бањане, Општина Чучер-Сандево**

Се претпоставува дека црквата е изградена во XIV или во XV век. Живописот потекнува од XIV и од XVI век. Мала еднокорабна градба, слепена со северната страна до една карпа. Затоа во литеартурата се среќава дека се споменува како пештерска црква. Апсидата од надворешната страна е тристрана. Во внатрешноста има два слоја живопис. Вториот слој не претставува уметничка вредност, но за првиот слој се претпоставува дека потекнува од XIV век. Конаците се убаво изградени, имаат приземје и кат. На катовите има соби за ноќевање, а во приземјето кујна, трпезарија, магацински простор и сл. На 26 септември 1967 година во конаците на манастирот е организирано и основано првото македонско богословско училиште. Според народни преданија, црквата ја доградувале а конаците ги изградиле комити за време на турскиот период. Комитите дење како мајстори граделе, ноќе или на некои празници оделе во борба против арнаутските арамии и турските зулумќари за да го заштитат населението. На ден Свети Илија (2 август) манастирот слави, има богослужба и се дели бесплатен ручек и пијалок, се собираат

доброволни прилози и многу луѓе ветуваат што ќе му подарат на манастирот во текот на годината. Пред Втората светска војна народот се облекувал во народни носии.

На територијата, пак на општина Илинден постојат 11 православно христијански цркви и тоа: *Св. Елена и Костадин* (Илинден), *Св. Троица* (Марино), *Св. Пророк Илија* (Кадино), *Св. Покров на пресвета Богородица* (Мралино), *Св.Спас* (Бунарџик), *Св.Трифун* (Ајватовци), *Св. Илија* (Миладиновци), *Св.Богородица* (Бујковци), *Св. Спас* (Мршевци), *Св.Троица* (Бучинци) и *Св. Петка* (во комплексот на хотел Белви).

*Во општина Илинден се наоѓаат и 2 манастирски комплекси и тоа: Манастирскиот комплекс Дељадровци и* изграден во 1921 г. во чиј состав се наоѓаат следните цркви: Св.Ѓорѓи-манастирска црква, Св. Петка и Св. Недела; Св. Архангел, Михаил и Гаврил; Св. Злата Мегленска и Св. Мала Богородица. Овој манстирски комплекс претставува црковна ларва и е единствена во Полошко-Кумановската Епархија. Во текот на секоја година во манастирскиот комплекс Дељадровци има два црковно-народни собира и тоа на 6 мај се слави Ѓурговден и на 21 септември се слави раѓањето на Богородица. Во склоп на овој манастирски комплекс има и конаци за престој на верниците и ресторан со македонски национални јадења. Во текот на 2002 година е извршена целосна реконструкција на манастирскиот комплекс, како и реконструкција на фреско-живописот на дел од црквите сместени во овој манастирски комплекс. Вториот комплекс е манастирот Св. Петар и Павле во населбата Ајватовци.



**Слике бр. 19 – Манастирски комплекс Св. Ѓорѓија - Дељадровци**

## 10. ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Развојот на здравството на територијата на Општина Гази Баба доживува динамичен развој по земјотресот во 1963 година. Поголемиот дел од дотогашните стари амбулантни згради беа без соодветна медицинска опрема и со мал број на високообразован медицински персонал. Значаен напредок во здравството беше постигнат со отворањето на новоизградени здравствени домови и амбуланти во новооснованите населби, а се проширувaше и мрежата на здравствени станици и амбуланти и во селските населби во Општината. Паралелно со создавање и проширување на мрежата на здравствените институции биле основани и здравствени домови и амбуланти и во рамките на поголемите стопански и нестопански организации, кои својата функција ја извршувале се до пред околу петнаесетина години.

Генерално гледано, појдовни основни критериуми во оценката за нивото на успешноста во здравствената заштита на населението во Општина Гази Баба е создавање и подобрување на животните услови на граѓаните, степенот на смртноста - морталитетот на новородените, животниот стандард, висината на просекот на среднотраење на животот на населението и неговата просечна старост, а посебно дали и колку се подобрува и продолжува долговечноста на животот на луѓето. Сите овие критериуми во голема мера дојдоа до висок степен на развој во Општината, пред се благодарение на развојот и широката разгранетост на амбулантните станици низ целата територија и високата ангажираност и посветеност на целиот медицински персонал. Во тој поглед најзначајна улога одигра Здравствениот дом во Општина Гази Баба, изграден 1974 година на местото на стариот здравствен дом, кој беше сместен во дрвена барака и немаше соодветни услови за работа.

Здравствениот дом во Гази Баба, односно работната единица Служба за примарна здравствена заштита е формирана 1984 година чиј управник беше Прим. Др. Градимир Чаневски. Таа е здравствена организација од амбулантно-поликлинички карактер која обезбедува здравствена заштита на подрачјето на Општините Гази Баба, Арачиново, Петровец и Илинден за околу 120.000 илјади жители. Во 2001 година во состав на РЕ функционирале следниве организациони единици: Поликлиника “Ченто”. ПЗС “Автокоманда”, “Арачиново, “Петровец” и “Илинден”, единица за домашна посета и лекување, ЗС “Маџари 1”, “Житиште”, “Миладиновци”, “Кадино”, “Идризово”, “Црешево”, “Булачани”, “Средно Коњаре” и “Грушино”, диспанзерите за медицина на труд: “МЗТ”, “Индустрија за кожи и чевли - Скопје”, “ФАС 11 Октомври” и “ОКТА- Рафинерија за нафта”. Покрај нив, во основните училишта беа дисперзирани неколку стоматолошки ординации, и тоа во ОУ “25 Мај”, “Вера Јоциќ”, “Глигор Прличев” и МУЦ “Никола Тесла”. Широко разгранетата мрежа на здравствени установи придонела во 2000 година само во амбулантите за општа медицина да бидат извршени 169.927 прегледи, што претставува голема бројка која е постигната само благодарение на целосното професионално и хумано ангажирање на целокупниот здравствен персонал. Во ова време во РЕ Служба за ПЗЗ Гази Баба биле вработени 301 лице, од кои 23 доктори специјалисти, 82 доктори на медицина и стоматологија, 82 медицински сестри, како и друг стручен медицински кадар и здравствени соработници.

Во меѓувреме дел од овие здравствени установи, посебно во стопанските организации, заминаа во стечај или се трансформираа, ја прекинаа својата работа. Поради тоа дојде и до намалување на бројот на вработениот медицински персонал. Денес на територијата на Општина Гази Баба работи Поликлината “Чентo” во населбата Ченто, ПЗС “Автокоманда”, ЗС “Маџари”, ЗС Житоше, ЗС “Колонија Идризово”, ЗС “Цревево и ЗС “Булачани”, како и стоматолошките ординации во ОУ “Вера Јоциќ”, “25 Мај”, “Григор Прличев” и во училиштето за средно образование МУЦ “Никола Тесла”. Вкупно во овие здравствени установи на ниво на Општина Гази Баба вработени се 176 медицински лица и лица од административниот персонал, кои деноноќно се грижат за здравјето на 72.000 жители на Општината. Од медицинскиот персонал, 3 се специјалисти по општа медицина, 22 се доктори на медицина, 1 е доктор-специјалист по училишна медицина, 4 се специјалисти по гинекологија, 4 се акушерки, 36 - медицински сестри и 44 - специјалисти и доктори по стоматологија, забни асистенти и забни техничари.172

Во рамките на општината Гази Баба работи и Центар за социјална работа, кој ја анализира и насочува социјалната политика во правец на согледување и отстранување на социјалните проблеми на граѓаните, меѓу кои пред с# е грижата за прием на нови работници во стопанските и нестопанските организации, водење грижа за инвалиди и млади невработени, за општествена исхрана и слични активности. Во одделни периоди, а ,за жал, и денес, дел од ова население, а посебни невработените, не по своја вина, останаа без работа и социјално-здравствена згриженост.

На територијата на Општина Гази Баба е сместена и првата приватна општа болница Ремедика.

Во општината Илинден изграден е и нов здравствен дом кој што зафаќа бруто површина од околу 600м², изграден на два ката, два влеза (преден и заден влез), две чекални, два шалтера, четири тоалети и 14 ординации. Во надворешниот дел ќе се обезбеди паркинг простор како и партерно и хортикултурно уредување.

Со изградбата на здравствениот дом на граѓаните ќе им се овозможи широк спектар на здравствени услуги во местото на живеење, со што повеќе не ќе мораат да патуваат по дваесеттина километри за да ги задоволат своите здравствени потреби, а во новиот здравствен дом, покрај основната здравствена заштита ќе има можност и за други специјалистички здравствени услуги.

Во однос на дејностите од областа на социјалната заштита во Општина Бутел функционираат следниве Јавни установи за социјална заштита на граѓаните:

- Јавна Установа Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје, во Скопје Север
- Јавната установа за згрижување на деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение – Скопје, во Радишани
- Јавната установа за сместување на лица баратели на азил “Прифатен центар за баратели на ази, во Визбегово

**Услуги за социјална заштита во Општина Бутел**

За разлика од оние парични права кои се поврзани со подобрување на финансиската ситуација на граѓаните, социјалните услуги се ориентирани кон помош и задоволување на нефинасиските потреби. Тие понекогаш се нарекуваат лични социјални услуги, хумани

социјални услуги или услуги за социјална нега. Социјални услуги во системот на социјална заштита се: информирање и упатување, стручна помош и поддршка, советување, услуги во домот, услуги во заедницата и услуги на вон-семејна заштита.
Социјалните услуги за информирање и упатување, стручна помош и поддршка, како и советување на граѓаните на Општина Бутел се обезбедени од страна на ЈУМЦСР, Скопје, согласно Законот за социјална заштита.
На подрачјето на Општина Бутел се обезбедуваат и следниве социјални услуги во домот и заедницата:

- ★ Помош и нега во домот за стари лица

Услугата помош и нега во домот за стари лица на подрачјето на Општина Бутел и Општина Чучер Сандево е воспоставена во 2021 година. Услугата се обезбедува од страна на Здружението АДРА, Скопје. Корисници на услугата помош и нега во домот се стари лица со навршени 65 години, со најтешка или комбинирана попреченост, потполно слепи лица, и други лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе. На подрачјето на двете општини вкупно 70 стари лица добиваат бесплатна социјална услуга за помош и нега и истата е испорачана во нивниот дом од страна на 30 сертифицирани Негователи/ки на стари лица. Со оваа услуга се опфатени и старите лица кои живеат во руралните населби на Општина Бутел.

- ★ Дневен центар за деца и млади со интелектуална попреченост

Заводот за рехабилитација на деца и младинци – Скопје е Јавна установа, која е дел од мрежата на Јавни установи од социјален карактер, и во рамките на истата е воспоставен дневен центар за деца и млади со интелектуална попреченост. Во дневниот центар се обезбедуваат следниве услуги: дневен престој и третман на деца од 7-14 години, како и дневно згрижување на млади корисници над 26 години.
Овие услуги ги користат вкупно 27 корисници, односно 8 деца на возраст од 7-14 години, и 19 млади лица со возраст над 26 години. Во зависност од потребите, установата за корисниците на услугите обезбедува рехабилитација, третман, пристап до образование, стекнување на животни вештини, работно оспособување и професионална рехабилитација, поддршка при вработување, социјални, културни и рекреативни активности.

- ★ Јавна установа за згрижување на деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение

Јавната установа за згрижување на деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение - Скопје, е установа која е лоцирана на подрачјето на Општина Бутел во која се сместуваат и згрижуваат деца и младинци со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение, на возраст од 7 до 18 години. Децата со воспитно – социјални проблеми и нарушено поведение во установата се упатуваат со решение од страна на центарот за социјална работа во времетраење до три години или до заокружување на образовниот процес согласно потребата на корисникот. Децата во судир со законот на

возраст од 14 - 18 години согласно Законот за правда за децата може да бидат упатени со Решение од страна на судот за извршување на санкција во оваа установа во времетраење од 6 месеци до три години.
Во рамките на оваа установа функционираат два мали групни домови кои се воспоставени на подрачјето на Општина Бутел, во населбите Радишани и Визбегово, и во кои во моментот се згрижени вкупно 8 деца со воспитно – социјални проблеми и нарушено поведение.

- ★ Живеење со поддршка

Ј.У. Завод за рехабилитација на деца и младинци во рамките на својата дејност остварува активности за вон-семејна заштита за лица со попреченост преку испорака на социјалната услуга за живеење со поддршка. Во рамките на оваа услуга на подрачјето на Општина Бутел се воспоставени и функционираат 4 посебни станбени единици, или мали групни домови, во кои се згрижени вкупно 20 лица со попреченост.

Во насока на социјалната заштита на децата без родители и родителска грижа, Службата за живеење со поддршка во рамките на СОС Детското село, ја спроведува социјалната услуга за организирано живеење со поддршка за корисници кои се без родители и без родителска грижа. За таа цел на подрачјето на Општина Бутел во населбата Радишани е воспоставена една стамбена единица со капацитет за 14 млади корисници над 14 години и во рамките на истата се обезбедува помош и поддршка заради нивно оспособување за самостоен живот и интеграција во општеството.

- ★ Згрижување во установа

Јавната установа за сместување на лица баратели на азил “Прифатен центар за баратели на азил”, која е лоцирана во Визбегово – Општина Бутел, е установа во која се сместени и згрижени лица баратели на азил. Основната дејност на установата подразбира прифаќање, сместување, исхрана, културно-забавни и рекреативни активности, услуги на социјална работа и други услуги во согласност со стандардите за прифаќање на барателите на азил. Во соработка со установата Здружението Отворена порта ја спроведува програмата за Ранливи категории на лица кои во процесот на мигрирање имаат потреба од итна интервенција, стручна помош и поддршка во Р. С. Македонија.

Во општината пак, Чучер Сандево, здравствени ординации има на ниво на амбуланти со лекар од општа пракса. Амбулантите се приватни и функционираат во с. Кучевиште, с. Мирковци, с. Чучер-Сандево, с. Побожје и с. Блаце. Потоа, постојат две приватни стоматолошки ординации, две аптеки и една ветеринарна амбуланта.
Посебен проблем во насока за навремено откривање, спречување и превенција на болести кај жените е немањето гинеколошка ординација на територијата на Општина Чучер-Сандево.

Исто така, на подрачјето на Општина **Општина Чучер Сандево** се обезбедуваат и услуги согласно Законот за социјална заштита кои што се даваат во подрачна канцеларија на ЈУМЦСР, Скопје, канцеларија која е сместена во Партизански Дом Сандево, с.Сандево. Социјални услуги се обезбедуваат на територија на општината и во вид на:

- ★ Помош и нега во домот за стари лица

Услугата помош и нега во домот за стари лица на подрачјето на Општина Бутел и Општина Чучер Сандево е воспоставена во 2021 година. Услугата се обезбедува од страна на Здружението АДРА, Скопје. Корисници на услугата помош и нега во домот се стари лица со навршени 65 години, со најтешка или комбинирана попреченост, потполно слепи лица, и други лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе. На подрачјето на двете општини, стари лица, добиваат бесплатна социјална услуга за помош и нега и истата е испорачана во нивниот дом од страна на 30 сертифицирани Негователи/ки на стари лица.

- Јавна установа за згрижување на деца

Прва Јавната установа за згрижување на деца лоциран во Општина Чучер Сандево со работа започна пред 2 години. Објектот е со капацитет од 110 деца, корисна површина од 960 м2 и дворна површина од 7000 м2.

# 11. SWOT Анализа

**SWOT анализата** (кратенката потекнува од почетните букви на англиските зборови **S**trengths, **W**eaknesses, **O**pportunities, **T**hreats) е техника за едноставно и ефикасно прибирање информации. Со нејзина помош се идентификуваат силните страни, слабостите, можностите и заканите. Предностите и слабостите треба да се бараат во самата организација и на нив може да се влијае, а можностите и ризиците доаѓаат, најчесто, од надворешната средина, па тешко може да се дејствува врз нив (особено врз заканите), но може активностите во организацијата да се прилагодат во насока на искористување на можностите кои се нудат од окружувањето.

SWOT анализата претставува метод со којшто се овозможува воспоставување рамнотежа меѓу интерните способности и екстерните можности. Таа е збир од аналитички методи со коишто се споредуваат сопствените сили и слабости со можностите и ризиците од окружувањето. SWOT анализата се применува како алатка за определување на можните правци за донесување стратегиски одлуки во ситуација на неизвесност и динамично окружување.

Со анализа на интерното окружување (ресурсите) и микро окружувањето се добива одговор за предностите и слабостите на организацијата, додека со анализа на микро и макроокружувањето се доаѓа до можностите и ризиците за организацијата. Со анализа (вкрстување) на предностите, слабостите, можностите и ризиците се доаѓа до стратегијата што е најповолна да се примени во наредниот период.

SWOT анализата на ЛАГ Скопска Црна Гора беше изработена низ инклузивен и партиципативен процес спроведен во секоја од општините при што истата ја има следната содржина:

| **Силни страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| - Голем број на млади<br>- Активна партиципација на граѓаните на локално ниво<br>- Поддршка од страна на локална самоуправа<br>- Отворени општини за соработка<br>- Одлична поврзаност со главниот град Скопје<br>- Младите се вклучени во активностите на општините кои што го сочинуваат ЛАГ-от<br>- Изградена инфраструктура<br>- Добра канализација, водовод, патишта во најголемиот дел од територијата опфатена со ЛАГ-от<br>- Добра соработка со бизнис секторот<br>- Бизнис зона во Визбегово<br>- Близина на ТИРЗ Бунарџик<br>- Општините-членки на ЛАГ-от се отворени за развој на нови | - Разбирањето на младинскиот активизам и родовата еднаквост<br>- Слаба информираност за младинскиот активизам и родовата еднаквост<br>- Тешко се задржуваат младите во руралните средини<br>- Поголем број од населението во руралните средини припаѓа на повозрасните групи<br>- Неактивни и изолирани млади во помалите општини кои што се дел од ЛАГ-от<br>- Недоволно пристапни информации за граѓаните на веб страниците на општините<br>- Недоволна промоција на бизнисите во општините<br>- Нема мапа на ресурси и надлежности во помалите општини |

| | |
|---|---|
| социјални услуги<br>- Поставена железничка структура<br>- Скопскиот аквадукт како заштитена зона на природно наследство во општина Бутел<br>- Голема површина на земјоделско земјиште<br>- Богато културно наследство, манастири, цркви, традиционални манифестации препознаени и пошироко во регионот и државата<br>- Добра соработка на општините во делот на нега на стари лица и обезбедување на услуги во домот<br>- Зголемен број на посетители на Скопска Црна Гора<br>- Добра соработка со ГО<br>- Посветени општини кон енергетска ефикасност и развиена прекугранична соработка<br>- Голем број на верски објекти<br>- Ликовна колонија Љубанци<br>- Добро обучен кадар за подготовка за проектни апликации (пример)<br>- Одлична географска местоположба<br>- Близина на 8 и 10 коридори, меѓународна пруга<br>- Во близина на територијата на ЛАГ-от се наоѓа и најголемата економска зона Бунарџик<br>- Поволна средина за инвестиции и економски развој<br>- Голем број на активнис мали и средни претпријатија<br>- Позитивен годишен прираст на населението<br>- Се зголемува бројот на учениците<br>- Ридско планински делови кои што се поволни за фотоволтаци<br>- Разновидно земјоделско производство<br>- Чиста природа<br>- Има природни места слични како Водно погодни за развој на планински и рекреативен туризам<br>- Се вложува во зачувување на традицијата, се обновуваат селски слави, традиционални манифестации, собири итн.<br>- Плодно земјиште | кои што се дел од ЛАГ-от<br>- Слаба инфраструктура и обележаност на планинарските патеки<br>- Недоволна патна, водоводна и канализациона инфраструктура во руралните делови<br>- Наплив на урбанизација на земјоделското земјиште<br>- Нема редовен јавен транспорт во поодалечените рурални средини<br>- Нема доволно градинки<br>- Нема доволно локални продавници поради строгите фискални политики во селата и руралните општини<br>- Недоволна организираност на пласманот на земјоделските производи<br>- Заштитниот појас на аквадуктот тешко се одржува<br>- Не се доволно консултирани крајните корисници/граѓаните за нивните потреби<br>- Нема стратегија за млади особено во руралните општини<br>- Премногу диви депонии<br>- Загадување на водните ресурси<br>- Несоодветен менаџмент и управување со отпад<br>- Застарена механизација<br>- Несоодветно информирање за користење на ИПА и национални фондови за земјоделство и рурален развој<br>- Недоволно спортски сали и терени на отворено (спортски комплекси)<br>- Земјоделското плодно земјиште се користи за поставување на фотоволтаици<br>- Недоволно дрвја и шумски предели<br>- Нема уредување околу земјоделските патишта не се сечат дрвјата и не се пристапни патиштата<br>- Дел од домовите за култура се рунирани и не се функционални<br>- Нема домови/објекти за активности на младите и на пензионерите<br>- Нема откуп на дурум пченица (семе)<br>- Младите немаат доволно можности, но и информации за вклучување во |

| | |
|---|---|
| - Спирова колиба (велосипедски, планинарски патеки)<br>- Доселување на нови жители во селата и руралните средини<br>- | процесите на донесување на одлуки во општината па и во домот<br>- Недоволно простории и канцеларии за млади и младинско учество во општините<br>- Во руралните општини и средини многу малку се говори, а и разбира суштината на родовата еднаквост и еднаквите можности на жените и мажите<br>- Помалите општини немаат долгорочни планови/стратегии за развој во спортот, земјоделството, поддршката на бизнис секторот итн. (нема предвидливост)<br>- Недоволно средства во општините за вложување особено во спортски, земјоделски активности или за развој на мали бизниси<br>- Нема соодветно информирање<br>- Недоволна здравствена заштита (мал број на амбуланти) во руралните средини |

| Можности | Закани |
|---|---|
| - Закон за младинско учество<br>- Имплементација на родово единство/буџетирање<br>- Искористување на локални објекти за потребата на младите<br>- Искористување на ЕУ фондови<br>- Железничка инфраструктура<br>- Потенцијал за развој на органско производство<br>- Економска зона Расадник<br>- Можност за развој на планински и рекреативен туризам на Скопска Црна Гора<br>- Непосредна бизина до скопска обиколница<br>- Развој на различни видови на спортови на Скопска Црна Гора (адреналински спортови и сл.)<br>- Отворање на енергетска задруга на територијата на општина Бутел која | - Слаба економска состојба на младите во руралниот дел<br>- Задржување на континуирана активност на младите<br>- Обид на наметнување на нетрадиционални вредности преку форми на надградена родова еднаквост (ЛГБТ и др. движења)<br>- Дива сеча<br>- Недоволно организираност з на капацитетите и ресурсите за развој на планинскиот туризам<br>- Обемна документација, недоволно финансиски средства од страна на земјоделците да вложуваат во модернизација на земјоделството<br>- Доцна исплата на државната финансиска поддшка до корисниците<br>- Ниска свест за користењето на водата како ресурс |

| | |
|---|---|
| што ќе нуди поддршка на млади за локални бизниси<br>- Развој на туристички тури/понуди за верски објекти<br>- Развој на ЈПП во делот на јавен превоз<br>- Застапување за промени и подобрувања во руралните средини<br>- Вклучување на училиштата во развојот на планинскиот и природен туризам<br>- Поврзување на младите со бизнис секторот<br>- Застапување за поповолни земјоделски политики<br>- Подигнување на јавната свест за можностите во земјоделскиот сектор и руралниот развој<br>- Зголемување на знаењата за ИТ секторот, дигитализацијата и едукацијата<br>- Голем број на земјоделци со мали површини кои што произведуваат еколошки чисти земјоделски производи<br>- Природно земјоделско производство/органско производство<br>- Развивање на брендови на земјделоски производи/идентитет<br>- Вклучување на различни социјални категории на граѓани во малите бизниси<br>- Користење на диви плодови, производи<br>- Пренамена на дел од општинските објекти за градинки (с. Љубанци, Визбегово итн.)<br>- Развој на социјално претпрриемништво<br>- Гасификација како можност за развој на територијата на ЛАГ-от<br>- Бучинско езеро можност за развој на туризмот<br>- Да се вложува во обнова на земјоделска механизација и заживување на машинските прстени<br>- Одгледување на посебни сорти на пченица кои што се развиваат на територијата на општината<br>- Зачувување на македонски сорти на | - Недоволно директни автобуски линии од едно до друго место (пример, поврзување на Визбегово со Бутел)<br>- Иселување на младите<br>- Стареење на популацијата<br>- Нема пречистителна станица во општина Бутел<br>- Недостаток од здравствени услуги<br>- Примарната здравствена заштита не е децентрализирана<br>- Недоволно дежурни служби<br>- Недоволно полициски станици во руралните општини<br>- Недоволно згрижувачки центри за деца со посебни потреби (аутизам)<br>- Нема можност за извоз на семенска пченица произведена во нашата држава<br>- Нема извозна лабораторија за семе пченица (семенски материјал)<br>- Има увоз на странски сорти, а нема можност за извоз<br>- Недоволно поддршка на локалните бизниси<br>- Бавни процеси за заштита на автохтони сорти (сертификати) над 10 години<br>- Високи трошоци за земјоделско производство<br>- Несоодветна заштита на домашното производство на земјоделски култури<br>- Нема работна сила во земјоделството и бизнис секторот<br>- Нерегулирани договорни односи<br>- Несоодветна политика за извоз на земјоделски производи |

| | |
|---|---|
| жито<br>- Зголемување на годишното призводство на житни култури<br>- Производство на тритикале и производство на јачмен (семе)<br>- Стимулација на мали и големи производители и да се форсира домашното производство и на семиња и на земјоделски производи<br>- Зголемување на домашното производство на пченица, пченка, сончоглед<br>- Едукација на децата и родителите за заштита и чување на природата и животната средина (враќање кон природата)<br>- Развој на алпинизам<br>- Искористување на стари неискористени објкети<br>- Развој на селски туризам<br>- Развој на спортски објекти и рекреативен спорт особено за мали деца<br>- Воведување на малите во спортот<br>- Враќање на автохтони сорти на земјоделски култури<br>- Поддршка на младински иницијативи<br>- Формирање и активна работа на Локалните младински совети<br>- Поврзување со други ЛАГ-ови во државата, но и надвор од неа | |

## 12.Визија и мисија, стратешки приоритети и цели на ЛАГ Скопска Црна Гора

Во овој дел на стратегијата на ЛАГ Скопска Црна Гора се детално претставени визијата, мисијата, како и стратешките цели и приоритети на локалната акциска група дефинирани низ процесот на изработка на стратегијата кој што беше детално објаснет во погорните редови на овој стратешки документ.

## Визија

ЛАГ Скопска Црна Гора привлечна, економски атрактивна, еколошка територија со препознатлив потенцијал за одржлив зелен рурален развој и туризам, во која се штити природното и културно-историско наследство, а се вложува во економската, здравствена и социјална инклузија на населението во функција на подигање на стандардот и квалитетот на живот.

## Мисија

Создавање на економски здрави, одржливи, паметни, зелени рурални заедници на територијата на ЛАГ Скопска Црна Гора преку подобрување на руралната инфраструктура, пристапот до здравствени и социјални услуги, одржливо управување со природните ресурси, зачувување на биодиверзитетот, едукација, вложување во човечки ресурси и максимално искористување на потенцијалот за раст и развој на регионот и негово прерасунување во квалитетен животен простор кој што ќе ја гарантира благосостојбата на локалните чинители.

## Приоритети, цели и мерки

**Цел 1: Јакнење и развивање на идентитет преку развивање на институционалните и организациски капацитети на ЛАГ Скопска Црна Гора**

**Приоритет 1.1:** Креирање на организациска структура за непречено оперативно делување на ЛАГ Скопска Црна Гора

| Мерка 1.1.1: Уредување на организацискиот делување на ЛАГ Скопска Црна Гора | |
|---|---|
| Опис на активности/проекти: **Изготвување на деловници и правилници за работа на ЛАГот, создавање на оперативни структури и тела итн.** | |
| **Резултат:** | Изработени и усвоени документи за непречено оперативно делување на ЛАГ-от |
| **Извор на верификација:** | Документи, одлуки за усвојување на документите |
| **Период на реализација:** | 2024-2025 година |
| **Корисници** | Членови на ЛАГ Скопска Црна Гора |
| **Потребни** | 167.450 денари |

| | |
|---|---|
| **финансии:** | |
| **Извори на финансирање:** | Буџет на ЛАГ Скопска Црна Гора/проекти за институционално јакнење на капацитетите на здруженијата |

| Мерка 1.1.2: Опремување и ставање во функција на извршна канцеларија на ЛАГ Скопска Црна Гора, како и градење на институционални и финансиски капацитети за непречено делување на ЛАГ-от | |
|---|---|
| Опис на активности/проекти:<br>- **Изнаоѓање на простор (под наем или пак бесплатно со поддршка на општините) за воспоставување на оперативна и функционална канцеларија на ЛАГ Скопска Црна Гора**<br>- **Техничка и финансиска поддршка за опремување на извршна канцеларија на ЛАГ Скопска Црна Гора – набавка на мебел, инвентар, канцелариска опрема и опрема за комуникација**<br>- **Набавка на теренско возило**<br>- **Вработување на персонал за непречено функционирање на ЛАГ Скопска Црна Гора (извршен директор; финансиски менаџер; координатор, административен асистент и сл.)**<br>- **Организирање на обуки за финансиско работење, јакнење на организациска структура, лидерство и тимска работа, начин на делување и функционирање на здруженијата и ЛАГ-овите итн.** | |
| **Резултат:** | Функционална и оперативна канцеларија на ЛАГ Скопска Црна Гора со целосно подготвен и обучен кадар за работа |
| **Извор на верификација:** | Договори за вработување/ангажирање, јавни настани за промоција на канцеларијата, фотографии, објави на социјални медиуми |
| **Период на реализација:** | 2024-2025 година |
| **Корисници** | ЛАГ Скопска Црна Гора |
| **Потребни финансии:** | 7.380.000 денари |
| **Извори на финансирање:** | Буџет на ЛАГ Скопска Црна Гора/проекти |

| Мерка 1.1.3: Уредена постапка и процедури на ЛАГ Скопска Црна Гора за избор на проекти и проектни иницијативи | |
|---|---|
| Опис на активности/проекти:<br>- **Изработка на правилници, процедури, начин на објавување на повици за финансирање на проекти, евалуација, избор и селекција на проекти и проектни активности** | |
| **Резултат:** | Спроведени минимум 5 повици |
| **Извор на верификација:** | Извештаи од спроведени повици, изготвени правилници, објавени повици итн. |
| **Период на реализација:** | 2025-2027 година |
| **Корисници** | ЛАГ Скопска Црна Гора |
| **Потребни финансии:** | 315.500 денари |

| | |
|---|---|
| **Извори на финансирање:** | Буџет на ЛАГ Скопска Црна Гора |

| Мерка 1.1.4: Програмско планирање на активности за имплементација на стратегијата на ЛАГ-от | |
|---|---|
| Опис на активности/проекти:<br>- **Изработка на програми и планови со активности на годишно ниво, а во насока на имплементација на стратегијата** | |
| **Резултат:** | Изработени 3 годишни програми за работа |
| **Извор на верификација:** | Програми како документи, реализирани активности согласно програмското планирање итн. |
| **Период на реализација:** | 2025-2027 година |
| **Корисници** | ЛАГ Скопска Црна Гора |
| **Потребни финансии:** | / |
| **Извори на финансирање:** | Буџет на ЛАГ Скопска Црна Гора |

**Приоритет 1.2:** Јакнење на капацитетите на ЛАГ Скопска Црна Гора и локалните чинители

| Мерка 1.2.1 - Промовирање на работата на ЛАГ-от и стратегијата за локален развој на руралните средини | |
|---|---|
| Опис на активности/проекти:<br>- **Изработка и одржување на веб страна и профил на социјални медиуми;**<br>- **Издавање на публикации и промотивни материјали;**<br>- **Објавување на повици, интервјуа во локални, регионални и национални медиуми (ТВ, радија, е-портали итн.)**<br>- **Одржување на трибини, состаноци, работилници, конференции, семинари, организирање на отворени денови, учество на саеми итн.** | |
| **Резултат:** | Организирани минимум 2 настани и издавање на 1 публикација |
| **Извор на верификација:** | Фотографии, листи на учесници, записници, линкови, прес клипинг, агенди, програми, фактури, извештаи од реализирани настани итн. |
| **Период на реализација:** | 2025-2027 година |
| **Корисници** | Членови на ЛАГ Скопска Црна Гора |
| **Потребни финансии:** | 922.500 денари |
| **Извори на финансирање:** | Оперативен буџет на ЛАГ Скопска Црна Гора |

| Мерка 1.2.2: Зајакнување на капацитетите на членовите на ЛАГ-от за изработка на проекти и нивна имплементација |
|---|
| Опис на активности/проекти:<br>- **Организирање на обуки за членовите на ЛАГ за управување со проектен** |

| | |
|---|---|
| **циклус, финансиски менаџмент, административни активности итн.;**<br>- **Организирање на менторски сесии при изработката на проекти;**<br>- **Размена на искуства и знаења со тимови на други ЛАГ-ови во делот на пишување и управување со проекти и проектни активности итн.** | |
| **Резултат:** | Организирани минимум 2 обуки годишно |
| **Извор на верификација:** | Фотографии, листи на учесници, презентации, агенди, материјали |
| **Период на реализација:** | 2025-2027 година |
| **Корисници** | Членови на ЛАГ Скопска Црна Гора |
| **Потребни финансии:** | 422.300 денари |
| **Извори на финансирање:** | Оперативен буџет на ЛАГ Скопска Црна Гора |

| Мерка 1.2.3: Споделување на искуства и знаења со другите ЛАГ-ови кои што делуваат на територијата на РСМ како и со Мрежата на ЛАГ-ови и тематската група за ЛЕАДЕР во рамките на Мрежата за рурален развој | |
|---|---|
| Опис на активности/проекти:<br>- **Организирање на регионални студиски посети на ЛАГ-овите кои што успешно делуваат на територијата на државата (Мрежа на ЛАГ-ови на МРР)**<br>- **Активно учество во работата на тематската група за ЛЕАДЕР во рамките на МРР** | |
| **Резултат:** | Организирана минимум 1 теренска студиска посета годишно, минимум 1 состанок на тематска група за ЛЕАДЕР во рамките на МРР |
| **Извор на верификација:** | Фотографии, листи на учесници, презентации, агенди, материјали |
| **Период на реализација:** | 2025-2027 година |
| **Корисници** | Членови на ЛАГ Скопска Црна Гора |
| **Потребни финансии:** | 60.000 денари |
| **Извори на финансирање:** | Програма за техничка поддршка за имплементација на ИПАРД и оперативен буџет на ЛАГ Скопска Црна Гора |

| Мерка 1.2.4: Размена на искуства и знаења за јакнење на капацитетите и структурата на ЛАГ-от со ЛАГ-ови надвор од територијата на РСМ (студиски посети, learning by doing, know-how итн.) | |
|---|---|
| Опис на активности/проекти:<br>- **Организирање на студиски посети на ЛАГ-ови во други земји и размена на искуства, знаење, ЕУ практики итн.**<br>- | |
| **Резултат:** | Најмалку 1 студиска посета годишно |
| **Извор на верификација:** | Фотографии, листи на учесници, материјали, програма за студиска посета, фактури, сметки, извештај од организирана студиска посета итн. |
| **Период на реализација:** | 2025-2027 година |

| | |
|---|---|
| **Корисници** | Членови на ЛАГ Скопска Црна Гора и чинители од територијата на ЛАГ Скопска Црна Гора |
| **Потребни финансии:** | 615.500 денари |
| **Извори на финансирање:** | Програма за техничка поддршка за имплементација на ИПАРД |

| Мерка 1.2.5: Вмрежување и создавање партнерства на локално, регионално и национално ниво и воспоставување на меѓународна соработка | |
|---|---|
| Опис на активности/проекти:<br>- **Зачленување и учество во работата на Мрежата на ЛАГ-ови во рамките на Мрежа за рурален развој на РСМ;**<br>- **Размена на искуства и позитивни практики преку присуство на заеднички настани, настани организирани од одредени општини, организации и сл.**<br>- **Размена на искуства и знаења со мрежи на ЛАГ-ови во рамките на Балканската Мрежа за рурален развој**<br>- **Организирање и учество на регионални форуми за ЛЕАДЕР мерката (Балкански рурален парламент, саем на ЛАГ-ови и слично)**<br>- **Соработка со ЛАГ-ови и мрежи од ЕУ (Хрватска, Словенија, Грција, Бугарија, Шведска итн.)**<br>- **Учество во TWINLAG (меѓународна соработка со ЛАГ-ови од Финска, Франција, Молдавија, Ирска, Полска и други)** | |
| **Резултат:** | Учество на најмалку 4 состаноци годишно |
| **Извор на верификација:** | Фотографии, листи на учесници, записници итн. |
| **Период на реализација:** | 2025-2027 година |
| **Корисници** | ЛАГ Скопска Црна Гора |
| **Потребни финансии:** | 610.000 денари |
| **Извори на финансирање:** | Програма за техничка поддршка за имплементација на ИПАРД, оперативен буџет на ЛАГ и други донатори |

Многу автори, односите со јавноста ги сметаат за составен дел на деловната политика, така што не ги вбројуваат во промотивни активности, туку како функција тесно поврзана со раководењето. Меѓутоа, односите со јавноста, гледано од аспект на организациите и здруженијата, каде секој поединец е вклучен во создавање и спроведување на политиката на здружението, а уште повеќе е потребна вклученоста на скеој чинител на ЛАГ-от со оглед на тоа што се опфаќаат сите видови на чинители во локалната заедница (општини, јавни институции, бизнис сектор, здруженија) треба да се сметаат за значајна промотивна активност, координирана со сите елементи на комуницирање со јавноста. Односите со јавноста претставуваат многу важен сегмент на секоја промоција. Тие се интегрален дел од целокупниот промотивен напор и мора да бидат управувани и координирани со останатите елементи од промотивниот микс. Како посебен дел од промотивниот микс, тие имаат значајно влијание врз широката јавност, која ги опфаќа не само чинителите и оние кои што се директно вклучени во работата на ЛАГ-от или запознаени со неговата работа, туку и целото окружување со сите интересни групи, конкуренцијата, медиумите па и самата држава.

Односите со јавноста се присутни дури и кога не се организирани како самостојна активност во рамките на секоја една организација. Тие постојат и пораките одат во јавноста, без разлика дали здруженијата/организациите го сакаат тоа или не. Тоа всушност го овозможуваат сите чинители кои што се дел од ЛАГ-от, престедател, УПравен одбор, членови итн.. Сите тие испраќаат пораки за ЛАГ-от како структура, добри или лоши, некогаш лошо толкувани, а некогаш помоќно и од пропагандните пораки кои потекнуваат од пропагандните служби или агенции. Сите тие комуникации треба да се опфатат и координираат со промотивните активности. Останатите промотивни активности помагаат во стекнувањето доверба во јавноста, но поради природата на својата дејност тие не можат да влијаат на тоа.

**Односите со јавноста** овозможуваат да се проектира имиџот или личноста на една организација кај својата „јавност“ — корисници, поддржувачи, спонзори, дарители, локалната заедница и друга публика.

Се работи за пренесување на порака до публиката, но тоа е двонасочен процес. Вие мора да комуницирате со вашата публика, но треба исто така да и овозможите на публиката полесно да комуницира со вас. Вистинските односи со јавноста вклучуваат дијалог — вие треба да ги слушате другите, да ги гледате нештата од нивна перспектива.

Односите со јавноста може да бидат корисни за секоја организација, не заради сензационалната промоција на нејзините постигнувања, туку за да станат покритични кон својата работа. Гледајќи ја организацијата на начинот на кој ја гледаат другите, може да станете подобри и сигурни дека на корисниците им ја давате најдобрата можна услуга.

Токму во таа насока, за да биде успешна стратегијата, стратешки цели и имплементација на истите, буквално секој постигнат напредок треба да биде јасно и прецизно дистрибуиран до клучната публика. Ефективното споделување на овие информации ќе бидат клучни за градење и одржување на поддршката за ЛАГот помеѓу членовите и засегнатите страни. Тоа ќе ја промовира транспарентноста и отчетноста при работењето и ќе поттикнува дополнително градење на доверба помеѓу членовите и партнерите во заедницата, додека истовремено ќе ги споделуваме клучните пораки на ЛАГот до нив.

Главната комуникациска цел на ЛАГ Скопска Црна Гора е:

“Да се подобри позиционирањето и видливоста на ЛАГ Скопска Црна Гора кон сите дефинирани целни групи и организацијата да биде препознаена на локално и регионално ниво како организација која ги застапува интересите на своите целни групи, создава позитивни промени во заедницата и придонесува за унапредување на квалитетот на живот во руралните средини.”

За остварување на главната комуникациска цел, исто така е потребно да се постават и потцели, и тоа првата се однесува на сите надворешни целни групи, а втората кон внатрешната целна група (членството и проектните тимови на ЛАГ-от):

1. Воспоставен систем за комуникација за ефективно и ефикасно информирање на целните групи за работата на ЛАГ Скопска Црна Гора што ќе води кон препознаеност на организацијата.

2. Да се обезбеди усогласеност меѓу проектните тимови и членките на ЛАГ-от при пласирање на пораките поврзани со целите и резултатите на стратегијата и проектите, како и за начинот на комуникација со целните публики.

За постигнување на овие цели, ќе се оствари комуникација со различните целни групи и ќе се употребат соодветни методи за комуникација кои ќе одговараат на секоја поединечна целна група. Конечниот избор на методи за постигнување на овие цели во даден временски период ќе се направи во Годишен акционен план кој ќе се изработи врз основа на оваа стратегија како и врз основа на достапните ресурси односно буџетот на ЛАГ-от.

Со имплементирање на ваквите активности предвидени во делот за комуникација и односи со јавноста, пред сè, ќе се воспостави стандардна практика на редовно споделување информации со целните групи и пошироката јавност, преку утврдените канали на комуникација.

Основните комуникациски алатки и пристапи се фокусирани во неколку главни столбови: пакет промотивни материјали, директна комуникација со целните публики и grass-root активности, медиумски и онлајн кампањи, промоција преку младински амбасадори и влијателни поединци и групи.

Комбинацијата на приложените ПР алатки и техники, како и нивното доследно спроведување, се очекува да ги даде следните резултати:

- Постигнување на стратешките цели;
- Да се поттикне и зголеми учеството на различните целни групи во ЛАГ-от;
- Зголемување на свеста за потребата од здружување и заедничко делување во руралните средини;

- Прикажување на успехот во работењето;
- Доследна, јасна и ефикасна комуникација со целните групи;
- Пораките да бидат слушнати од страна на целната публика и пошироката јавност;
- Следењето и мерењето на ефикасноста на комуникациските активности;
- Ќе се зајакне идентитетот, кредибилитетот и репутацијата на ЛАГ-от;
- Ќе се зајакне мотивираноста на организациите членки, активно да се вклучат во градењето на капацитетите на ЛАГ-от, а ќе се засили и соработката помеѓу членството на ЛАГ-от;
- Документирање на постигнатите резултати.

ЦЕЛНИ ГРУПИ

За остварување на зацртаните цели, неопходно е и дефинирање на целните групи, кои во однос на приоритетноста, а во согласност со сферата на делување на ЛАГ-от, се делат на примарни и секундарни целни групи.

Примарни целни групи

Примарните целни групи се оние со кои ЛАГ-от како организација редовно комуницира, ги застапува, директно соработува или има споделени сфери на заеднички интерес. За секоја таргетирана целна група има одредена цел зошто се комуницира, но и различна содржина на пораката која се пренесува.

• **Внатрешна целна група** – во оваа група спаѓаат сите чинители кои што се дел од управните/извршните органи, претседателот, проектните тимови, членовите на ЛАГ-от. По добивање на пораката чинителите на оваа целна група треба да ги сфатат придобивките од членството во ЛАГ-от, и моќта на здруженото делување за приоритетни прашања; да се поттикне поголема вклученост на членките во работата на ЛАГ Скопска Црна Гора и во процесите на донесување одлуки; да ја воочат и искористат можноста за актуелизирање на одредени младински прашања преку обединетиот глас на ЛАГ-от

• **Жените во руралните средини** – да се информираат за постоењето на форми и активности кои што придонесуваат кон унапредување на социо-економската положба на жените од руралните средини, а кои што може да го реализираат преку вклучување и активен придонес во работата на ЛАГ-от

• **Руралното население** – да се информира за проектите и поддршката која ја нуди ЛАГ-от во насока на унапредување на економските и социјалните услови за живот во

руралните средини, можности за развој на модерното производство на храна, рурален туризам и други рурални бизниси.

• **Младите во руралните средини** – да се информираат за постоењето на ЛАГ-от и потребата од нивно здржување и вклучување во работата на ЛАГ-от и со заеднички сили и идеи да придонесат кон унапредување на социјалните услови за живот, но и атрактивноста, како и економските бенефити од земјоделството и руралниот развој и живеењето во руралните средини.

• **Медиумите** – да станат свесни за важноста и значењето на ЛАГ Скопска Црна Гора, за фокусот на работа и делување, тековните проекти, активности и иницијативи:

- Националните медиуми (новински агенции, сите национални телевизии, национални печатени медиуми, портали) имаат мал капацитет а премногу настани кои е потребно да ги покријат. Нема многу медиуми ниту новинари кои се специјализирани за покривање на теми од областа на земјоделството и руралниот развој. Ова е особено видливо кога станува збор за дописничката мрежа. За нив не се приоритетни настаните организирани од граѓанските организации, освен кога тие вклучуваат видни личности. Кај нив содржината на информациите кои ги споделуваат се повторува, а истражувачкото новинарство не е нивна најсилна страна. Кога ги објавуваат информациите од граѓанскиот сектор на кои не присуствувале самите тие, најчесто ја пренесуваат информацијата во целост без дополнително информирање околу темата.

- Локалните медиуми (локални телевизии, локални печатени медиуми, локални портали) известуваат за настани во градот и/или регионот и за голем дел од населението претставуваат главен дневен информатор. Тие обрнуваат поголемо внимание на темата и брзо ја споделуваат веста со јавноста. Кај нив стандардот за квалитетно информирање не е услов за објавување на веста. Преку градење на посилна врска со нив, би им се овозможил поголем увид во настаните и случувањата во граѓанското општество.

- Онлајн портали

- Радио

• **Државни институции и агенции**: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за труд и социјална политика, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, Агенција за фиансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, Секретаријат за европски прашања, општините, итн. – да го препознаат и поддржат ЛАГ Скопска Црна Гора во реализацијата на својата визија, мисија и цели, да го прифатат како независен и релевантен фактор во креирањето политики, да го перцепираат како партнер во одлучувањето, но и како партнер за заеднички акции и проекти.

Секундарни целни групи

Секундарните целни групи се сите активни чинители во општеството кои на посреден или непосреден начин можат, или влијаат на околностите во кои ЛАГ Скопска Црна Гора работи и делува, а со тоа и на успешноста на акциите и проектите кои ги иницира и спроведува. Во суштина секоја комуникациска активност која ЛАГ Скопска Црна Гора ја насочува кон своите примарни целни групи, претставува воедно и информација која има општествена релевантност или е во некаков контекст значајна и за припадниците на некои од издвоените секундарни целни групи. А во нив се вбројуваат:

- Меѓународните организации
- Невладин сектор
- Потенцијалните донатори (ЕУ делегација, Амбасади, Бизнис сектор, Фондации)
- Приватниот сектор
- Пошироката јавност.

Со придобивање на вниманието и поддршката од што поширока и разнолика публика, ЛАГ Скопска Црна Гора застанува на добар пат во насока на етаблирање како подеднакво релевантен општествен чинител.

Клучни предизвици

При реализацијата на комуникациските цели треба да се земат предвид и одредени актуелни општествени околности и специфики кои можат да го попречат или отежнат нивното остварување. Овие предизвици се сублимирани во следните неколку прашања, за кои треба да се најдат одговори преку реализација токму на оваа стратегија:

♣ Како да се поттикнат членовите на ЛАГ-от активно и посветено да учествуваат во градењето на капацитетите на ЛАГ-от, но и во формулирањето и промовирањето на целите и активностите;

♣ Како да се променат ставовите кај младите во земјата кои поради ниските можности за вработување, нискиот животен стандард и политизацијата на општеството, стануваат демотивирани да останат во руралните средини, да инвестираат во себе, во своите афинитети и интереси, и веруваат дека подобро образование и иднина ќе имаат некаде во странство;

♣ Како да се мотивираат новинарите, и воопшто медиумите, да обработуваат теми поврзани со руралните средини и животот на младите и жените, и преку пренесување релевантни информации да поттикнат заинтересираност кај различните целни групи;

♣ Како да се мотивираат институциите, и останатите групи или индивидуи со општествено влијание, да ги поддржат целите на ЛАГ-от и да ги промовираат во јавноста.

## КОМУНИКАЦИСКИ КАНАЛИ, АЛАТКИ И ПРИНЦИПИ

### Комуникациски канали

Различните целни групи имаат свои канали и алатки за комуникација кои ги преферираат. Истите треба да бидат прилагодени на нивото на време и однесување, и на достапните човечки и финансиски ресурси.

- ✓ **Медиуми**

ЛАГ Скопска Црна Гора ќе го постави, зајакне и задржи своето интернет присуство и присуството во медиумите (локални и национални, печатени и електронски како и новински агенции). Ќе се направи мапирање на конкретни кредибилни медиуми и новинари кои покриваат теми од областа на граѓанското општество, како и земјоделството и руралниот развој и ќе се градат релации со истите со цел перманентно и квалитетно дисеминирање на информациите кои ќе ги пласира ЛАГ Скопска Црна Гора. Ќе се организираат онлајн и настани во живо во вид на тренинг на кои ќе се поканувaат новиарите и ќе се информираат за состојбите но и за можностите за развој на земјоделството и руралниот развој како гранка која може да донесе побрз раст на економијата во земјата.

Брифинзи за новинарите ќе се практикуваат како инструмент за пренесување на некој став на ЛАГ-от, како и за лобирање кај медиумите за поддршка и зацврстување на позициите и ставовите. Неформални средби со претставници на медиумите како начин за градење на добри и стабилни односи со медиумите и обезбедување нивна поддршка за активностите на ЛАГ-от, а во насока на реализација на целите. Соопштенија за медиумите се праќаат на маил на сите релевантни медиуми најдоцна до 12:00 часот, но исто така и после 14:00 часот за одредени настани и известувања. Соопштението треба да содржи клучна порака за информацијата, изјава од лице за комуникација доколку има потреба (Претседател или Извршен директор) и на крајот на соопштението кратка информација за ЛАГ-от. Во атачмент се праќа и логото или фотографија од проект или активности за кои се однесува соопштението. Доколку станува збор за материјал кој е изработен и поставен на веб страната на ЛАГ-от, задолжително се атачира и се става и линк до истиот.

Во врска со односите со медиумите за време на настаните, потребно е да се контактираат по e-mail два пати: еднаш пред и еднаш по завршување на настанот. Поканите до медиуми за следење настан се испраќаат најдоцна до 11 часот еден ден пред одржување на настанот. Соопштенијата за јавност се испраќаат до истите контакти веднаш по одржување на настанот, по можност не подоцна од 15 часот. Доколку е лесно предвидливо што ќе се случува на настанот (пр. Се знаат сите говорници и нивните обраќања) соопштението може да се спреми и пред почетокот на настанот, а да се испрати веднаш по завршувањето за да не се губи време кое може да чини повеќе објави во медиумите. Соопштението се праќа на официјален меморандум. Доколку има можност

може да се прати и на два јазика -македонски и албански и пожелно е да содржи и фотографии од настанот.

- ✓ **Онлајн медиуми**

Целта е да се претставаат иновативни и структурирани механизми за споделување на информации со граѓанските организации и засегнатите страни. Употребата на новите медиуми ќе обезбеди поширок досег кај онлајн публиката. ЛАГ Скопска Црна Гора ќе има сопствена веб-страна профил на Facebook, Instagram и сл., а ќе се користат и други социјални медиуми како YouTube за споделување видео записи и SlideShare за споделување документи и презентации итн.

Социјалните мрежи треба постојано да се ажурираат со нови содржини како од активности на проектот така и од други релевантни извори кои објавуваат информации од областа на проектот. #lagskopskacrnagora е хаштагот кој ќе се користи при објавување содржини онлајн. Истиот ќе се мониторира и агрегира за содржини објавени од други ентитети. Потребно е да се поработи на збогатување на содржини кои се атрактивни за целните публики. Интеграција со мејлинг платформа, подобрување на навигација, уредување на повеќејазичноста на содржините, и воведување нови секции како видео/подкастови, вебинари, најава за членови со пристап до дополнителни информации (пр. електронски календар, документи и сл.), колумни(ставови), радио емисии и сл.

Секоја информација првенствено се објавува на веб-страната, а потоа се споделува на социјалните медиуми. Социјалните медиуми треба постојано да се ажурираат со нови содржини за активности на организацијата и да споделува содржини од други извори кои се релевантни за темата на делување. На овој начин ќе се обезбеди поголем број на објави на социјалните медиуми, особено оние објави кои се од едукативен карактер. Примери за добри практики од други организации, земји или активности може да се споделат со коментар кој би го дополнил контекстот и би дал аспект кој е од важност за целната група. Балансот помеѓу авторска и споделена содржина може да достигне и до 50-50%. Доколку станува збор за обемен материјал или истражување кое може да има едукативен карактер или пак има импакт фактор, задолжително се комуницира со спонзорирана објава на социјални медиуми.

Основните информации на веб-страната пожелно е да бидат преведени на два јазици. На Фејсбук ќе се користи опцијата за внесување на истата содржина на други јазици, наместо да се објавува посебна објава. Да се користи официјален преведувач за квалитетни преводи. Соработка со Интернет портали каде би се обезбедил простор за пласирање содржини е неопходна. За таа цел потребно е да се направи база на постоечки организации, институвии, проекти кои ќе имаат интерес за споделување на информациите. Со Членките и лицата од руралните средини ќе може да се подобри комуникацијата преку дизајнирање и праќање имејл со циркуларни пораки и употреба на сервиси за автоматизација на процесот. Потребно е да се креира база на контакти сегментирани по категории. Комуникацијата покрај маил може да се одвива и преку вибер групи или вибер бродкаст групи бидејќи земјоделците, но и останатите членови на ЛАГ-от како и руралното население не секогаш имаат можност редовно да прочитаат маил, или воопшто немаат маил.

- ✓ **Настани**

ЛАГ Скопска Црна Гора ќе организира настани во живо, онлајн и хибридни и ќе ја ја подобри комуникацијата поврзана со настани преку употреба на стандарден промотивен материјал, со тројно информирање односно во три наврати: најава на настан, за време на настанот, по завршување на настанот. Ќе се користат банери за брендирање на просторот и друг промотивен материјал. Настаните ќе бидат евидентирани во календар и за истите ќе се сподели информација со линк на Фејсбук.

ЛАГ Скопска Црна Гора ќе биде и партнер во организирање на настани од други субјекти а кои се однесуваат на земјоделството и руралниот развој и чии цели се совпаѓаат со визијата и мисијата на ЛАГ-от. За време на настаните ќе се дистрибуираат соодветни промотивни материјали. Ќе се користат банери за брендирање на просторот и друг промотивен материјал како папки, тефтери и пенкала кои ќе го следат бренд идентитетот на организацијата. Нивното производство ќе зависи од потребите на организацијата од нив, а истите можат да се прилагодуваат врз основа на целта на настанот и на употребата на материјалите. При годишно планирање на средствата кои ќе се употребат за видливост, потребно е да се предвидат и промотивните материјалите кои ќе се произведат во претстојната година по цена и количина. Тоа не значи дека материјалите кои се предвидени не смее да се заменат со други – поприкладни, доколку тоа го наговестува ситуацијата. Заеднички настани со други институции и организации може исто така да придонесат за видливоста на организацијата, се додека се работи за интерактивен настан/ натпревар/ отворен ден или конференција а кои се однесуваат на теми од интерес за ЛАГ-от. Покрај настаните кои ги организира ЛАГ-от, ќе се разгледа можност за учество и на отворени настани во организација на други ЛАГ-ови или чинители во руралниот развој.

- ✓ **Бренд Амбасадори**

Со цел да се изгради имиџот на ЛАГ Скопска Црна Гора како и полесно да се допре и да се дисеминираат информациите и да се ангажираат во проектите, особено младите и жените како целни групи, потребно е да се идентификуваат и да се регрутираат за амбасадори на ЛАГ-от, но и воопшто на руралниот развој во регионот. Истите може да се едуцираат за комуникација, да им се дефинираат задачи и по можност да се стимулираат преку учество на проекти.

- ✓ **Промотивни материјали**

Промотивните материјали се алатка пред се за еднострана промоција на активностите и резутатите од работењето на ЛАГ-от, но се мошне корисни согласно карактеристиките на руралното население. ЛАГ Скопска Црна Гора ќе произведува вакви материјали, но ќе се даде повеќе акцент и на подготовката на дигитални презентации преку инфографици на кои ќе се презентира сработеното и постигнатите резултати. Овие промотивни материјали ќе бидат доставувани соодветно до различните целни групи преку различни канали. (Е-билтени, печатени материјали итн.)

- ✓ **Внатрешна комуникација**

Во внатрешната комуникација ЛАГ Скопска Црна Гора ќе практикува неделни известувања за активностите, средби со членството на квартално ниво и електронски организациски календар за полесно следење на активностите.

- **Неделни средби** - Континуирана координација за текот на активностите во делокругот на проектните тимови ќе биде постигната преку комуникација со кратка информација за претходната недела и планираното за следната недела од секоја канцеларија. Се препорачува понеделник како ден во кој ќе се реализираат овие состаноци преку некоја онлајн платформа или во живо доколку има услови.

- **Квартални средби** - Средбите се организираат еднаш на три месеци (на крајот од кварталот) каде се претставува што е сработено во изминатиот квартал и што следи во наредниот квартал. Времетраење на средбата, не повеќе од три часа, побарано присуство од цел персонал. Се одредува модератор на средбите.

- **Електронски организациски календар** за надминување на конфликт со датуми, подобро планирање состаноци и следење на јавни настани/активности на ЛАГ Скопска Црна Гора. Покрај емаил комуникација, по потреба пожелно е да се користи мобилен софтвер за брза размена на пораки за полесна и поефикасна координација и комуникација.

**Креирање на База на контакти за комуникација**

За време на настаните потребно е да се назначи лице (може и волонтер) кое ќе ја искористи можноста за собирање на емаил адреси од посетителите кои ќе изразат интерес за добивање пораки по е-пошта или други канали на комуникација. Најчесто тоа се прави преку листите за присутност, каде една колона е барање за согласност за додавање на имејл адресата или телефонски број во листата за информирање. За време на прес конференции, задолжителна е евиденција на присуство на новинати и нивна регистрација со маил и телефонски број. При комуникација преку онлајн канали, задолжително се користи проширување на мреќата на контакти преку соодветно поканување, анкетирање и собирање на податоци на постителите. Оваа задача може да се спроведува од страна на лицата кои ќе бидат задолжени за водење на социјалните медиуми. Со цел проширување на базата, може да се искористи тактика за “добивање на вредност” од страна на ЛАГ Скопска Црна Гора за оние кои ќе споделат свои податоци или ќе одговорат на некоја анкета. Пр. Секој кој ќе остави свои контакт податоци ќе добие БЕСПЛАТНО некој материјал/содржина/видео/пристап до некоја информација.

**Агро-рурален е-информатор** - Квартален билтен насочен кон пошироката заедница посветен на руралниот развој. Овој документ ќе содржи вести од спроведените квартални активности на ЛАГот и неговите членови, како и останати позначајни новости поврзани со заедницата и руралниот развој.

**Најчесто поставувани прашања (FAQ)** - Овој документ од една страница ќе биде насочен кон заинтересирани странки и локални и регионални чинители од областа на руралниот развој. Документот ќе биде составен со концизен јазик и ќе нуди одговори на важни прашања во врска со ЛАГот и руралниот развој во целина, а ќе содржи и позначајни линкови до надворешни ресурси. Овој документ ќе се разгледува квартално од

Управниот одбор за да информациите во него се ажурираат по потреба и за да се осигура дека најактуелните информации се достапни и точно претставени.

**Информативен пакет за медиуми**. Развој на концизен информативен пакет за зајакнување на клучните пораки се препорачува да биде дистрибуиран на и за секој одржан настан и состанок во и со заедницата за да се обезбеди чуството на соственост и припадност. Тој ќе биде креиран со едноставен јазик, идеално, ова ќе биде во форма на визуелно динамичен двостран памфлет. Таквиот документ може да се користи и како основа за информативниот пакет на ЛАГот. Развојот на компонентите за овој пакет е директно поврзан со достапните финансии.

**Лични приказни**. Клучна компонента на комуникациите и ангажманот на ЛАГот ќе биде ширењето на лични приказни од членовите и каде е можно од засегнатите страни кои ги застапуваме. Претставниците на ЛАГот, заедницата, а и други контакти можат да помогнат во идентификувањето на лицата кои сакаат да ги споделат своите лични искуства. Ова ќе го олесни споделувањето на информациите со додавање на човечки елемент во комуникациските материјали. Членството ќе биде охрабрено да поднесат профил за себе и за нивната работа, да ја зајакнат соработката и вмрежувањето како во самиот ЛАГ, така и во заедницата

**Комуникациски алатки**

Комуникациските алатки се инструменти кои што ќе се користат за што подобро разбирање и спроведување на процесот на комуникација. Алатките за комуникација служат за поттикнување и презентација на комуникацијата која е најчесто текстуална а може да биде аудио и видео комуникација Истите служат за навремено, брзо и лесно спроведување на комуникациските активности. Комуникациските алатки во текот на имплеметацијата на Стратегијата за комуникација ќе се употребуваат во согласност со потребите на учесниците во мрежата и други заинтересирани страни.

• PR алатки - Прес-соопштение/ покана за настан/ прес конференција/ брифинг

• Вебинар (Zoom, Google meet)

• Видео клип (снимање со мобилен или апарат, кратки видеа, анимации, титлување)

• Билтен (месечен newsletter / информативен one pager за новите регистрирани во листа)

• Промотивни материјали – флаери, стикери, постери, покани, сертификати, торби, банери

• Герила маркетинг (офлајн акции за кои ќе се направи видео/фото запис)

• Chat and video call apps (WhatsApp, Viber, Messenger)

- Календар за договарање настани (Google Calendar, Doodle)
- Инфографици, гифови, илустрации и фотографии, фотогалерии
- Состаноци и средби (meetups, инфо штандови, гостувања во емисии, отворен ден)
- Цитати (кратки илустрирани изјави) quotes
- Годишен извештај (финансиски, наративен, резултати и постигнувања)
- Блог/Notes (колумни, ставови, приказни)
- Онлајн анкети и тестови (Google Forms, Typeforms, GravityForms)
- Публикации (студии на случај, истражувања, извештаи од анкети)
- Објава на веб-страна (текст, фотографија, видео)
- Објава на социјални медиуми (линк, фотографија, видео)
- Стриминг во живо (YouTube, Facebook Live, Open Broadcaster Software - OBS)
- Broadcast информации до членството преку вибер или whatsapp

**Комуникациски принципи**

Треба да се земат предвид неколку принципи со цел да се имплементираат активностите за комуникација и дисеминација на информации:

- Комуникацијата и дисеминацијата мора да се навремени и со јасна цел
- Комуникацијата и дисеминацијата мора да се искрени и отворени
- Комуникациските процеси мора да се јасни и познати на партнерите
- Мора да се воспостави двонасочна комуникација внатрешно и кон надвор
- Партнерите треба да даваат препораки за подобрување на комуникациите.

**КЛУЧНИ ПОРАКИ**

Во зависност од дадената прилика и околности, комуникациите можат да бидат проактивни и реактивни. За промоција на ЛАГ Скопска Црна Гора и целите на организацијата се користи проактивен пристап – организација на настани, детектирање на можности за претставување во медиумите, поттикнување на јавна дебата по однос на одредени прашања, онлајн кампањи, промовирање партнерства со други организации, вмрежување, итн.

За таа цел, клучните пораки (содржини, ставови, проекти, заложби) кои ЛАГ Скопска Црна Гора сака да ги пренесе до своите целни публики треба да се однапред дефинирани, на јасен и прецизен начин. Овие пораки, односно кратки описи, го дефинираат идентитетот на ЛАГ Скопска Црна Гора и треба да се искористат сите можности да бидат презентирани и постојано афирмирани преку сите расположливи комуникациски канали, што значи: на веб-страната, на промотивните материјали (каде што е апликативно), во рамки на Соопштенијата до медиумите, при јавни обраќања, во изјави или говори, во комуникација со партнери и донатори, при гостувања во ТВ емисии и во интервјуа, итн.

Во продолжение е дефинирана клучната порака за ЛАГ Скопска Црна Гира. Порака која ќе се користи во ПР алатките, на веб страната и која е основа за секоја комуникација. Основна порака „ЛАГ Скопска Црна Гора ги претставува интересите и потребите на луѓето од руралните средини, и која обезбедува нивно вклучување и активно учество во процесот на донесување одлуки, и на локално и на национално ниво преку што активно ќе се залага за создавање на оддржливи и конкурентни рурални заедници.“

ЛАГ Скопска Црна Гора работи на изградба на идентитет и капацитет преку креирање на производи и услуги врз база на поврзување на културно, историско и традиционално наследство и иновации кои се темелат на природните предности, формирање на партнерства и вмрежување на субјекти согласно ЕУ позитивните практики, промоција на одржлив рурален развој преку имплементација на проекти, иницијативи и интереси од развојно значење за сите жители подеднакво.

# 16. ФИНАНСИСКИ ПРЕДВИДУВАЊА

16.1 Финансиски план

| | |
|---|---|
| **Цел 1: Јакнење и развивање на идентитет и институционалните и организациски капацитети на ЛАГ Скопска Црна Гора** | **10.862.250 денари** |
| ***Приоритет 1.1: Креирање на организациска структура за непречено оперативно делување на ЛАГ Скопска Црна Гора*** | |
| Мерка 1.1.1: Уредување на организациското делување на ЛАГ Скопска Црна Гора | 167.450 денари |
| Мерка 1.1.2: Опремување и ставање во функција на извршна канцеларија на ЛАГ Скопска Црна Гора, како и градење на институционални и финансиски капацитети за непречено делување на ЛАГ-от | 7.380.000 денари |
| Мерка 1.1.3: Уредена постапка и процедури на ЛАГ Скопска Црна Гора за избор на проекти и проектни иницијативи | 315.500 денари |

| | |
|---|---|
| Мерка 1.1.4: Програмско планирање на активности за имплементација на стратегијата на ЛАГ-от | 61.500 денари |
| ***Приоритет 1.2: Јакнење на капацитетите на ЛАГ Скопска Црна Гора и локалните чинители*** | |
| Мерка 1.2.1 - Промовирање на работата на ЛАГ-от и стратегијата за локален развој на руралните средини | 922.500 денари |
| Мерка 1.2.2: Зајакнување на капацитетите на членовите на ЛАГ-от за изработка на проекти и нивна имплементација | 422.300 денари |
| Мерка 1.2.3: Споделување на искуства и знаења со другите ЛАГ-ови кои што делуваат на територијата на РСМ како и со Мрежата на ЛАГ-ови и тематската група за ЛЕАДЕР во рамките на Мрежата за рурален развој | 60.000 денари |
| Мерка 1.2.4: Размена на искуства и знаења за јакнење на капацитетите и структурата на ЛАГ-от со ЛАГ-ови надвор од територијата на РСМ (студиски посети, learning by doing, know-how итн.) | 615.500 денари |
| Мерка 1.2.5: Вмрежување и создавање партнерства на локално, регионално и национално ниво и воспоставување на меѓународна соработка | 610.000 денари |
| Мерка 1.2.6: Изготвување на студии и спроведување на анализи и истражувања за потенцијалите и ресурсите за локален развој на руралните подрачја на територијата на ЛАГ-от | 183.500 денари |
| Мерка 1.2.7: Зголемување на капацитетите на јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор за искористување на достапните ЕУ фондови, ЛЕАДЕР мерката, како и другите видови на фондови кои што придонесуваат кон локалниот развој на руралните подрачја | 124.000 денари |
| **Цел 2: Јакнење на младински активизам и унапредување на родовата еднаквост во руралните средини** | **10.784.500 денари** |
| ***Приоритет 2.1: Унапредување на младинскиот активизам во руралните средини*** | |
| Мерка 2.1.1: Поддршка на претприемништво, бизнис планови, започнување на нови start up бизниси и имплементација на законска регулатива поврзана со унапредување на состојбата на младите во РСМ | 3.382.500 денари |
| Мерка 2.1.2: Зголемување на учеството на младите во креирањето и имплементацијата на локални младински политики и мерки | 3.200.000 денари |
| ***Приоритет 2.2: Унапредување на родовата еднаквост согласно потребите на жените, младите и маргинализираните групи на граѓани во рурачните средини*** | |
| Мерка 2.2.1: Подобрување на економската и социјална инклузија на жените во руралните средини | 2.676.500 денари |
| Мерка 2.2.2: Зголемување на учеството на жените во политиката на локално ниво | 1.525.500 денари |
| **Цел 3: Одржливо управување и заштита на животната средина и просторното планирање** | **13.147.860 денари** |
| ***Приоритет 3.1: Унапредување на заштитата на животната средина и просторното планирање*** | |
| Мерка 3.3.1: Правилно управување со земјоделскиот и комуналниот отпад | 246.600 денари |
| Мерка 3.3.2: Поддршка за искористување на обновливите извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност на објектите | 7.413.210 денари |
| Мерка 3.3.3: Заштита на природните ресурси и животната средина | 1.537.500 денари |
| Мерка 3.3.4: Зајакнување на капацитетот за заштита од природни катастрофи (поплави, пожари и тн.) и адаптација кон климатските промени | 3.950.550 денари |

| | |
|---|---|
| **Цел 4: Поттикнување на развојот на локалниот туризам и зачувување на културното и традиционално наследство** | **26.513.675 денари** |
| ***Приоритет 4.1: Културно-историските и природни вредности во функција на развој на рурален и алтернативен туризам*** | |
| Мерка 4.1.1: Збогатување на туристичката понуда на територијата на ЛАГ-от | 6.765.250 денари |
| Мерка 4.1.2: Промоција/маркетинг на туризмот на територијата на ЛАГ-от | 4.455.675 денари |
| Мерка 4.1.3: Подобрување на туристичката инфраструктура и зголемување на туристичките капацитети за сместување | 7.072.500 денари |
| Мерка 4.1.4: Поддршка за развој на човечките ресурси за потребите на туризмот | 1.240.000 денари |
| Мерка 4.1.5: Заштита, реконструкција и ревитализација на стари објекти | 6.057.750 денари |
| Мерка 4.1.6: Промовирање и застапување за заштита на природните, традиционалните, културните и историските вредности на територијата на ЛАГ-от | 922.500 денари |
| **Цел 5: Градење на SMART села на територијата на ЛАГ Скопска Црна Гора** | **21.378.600 денари** |
| ***Приоритет 5.1: Унапредување на технологијата и користење на дигиталните и паметни технологии за создавање на модерни и конкурентни производи и услуги во руралните средини*** | |
| Мерка 5.1.1: Поддршка за воведување на иновативни технологии и практики во земјоделството и производството на храна | 6.755.200 денари |
| Мерка 5.1.2: Поддршка на современо органско производство на храна | 1.645.700 денари |
| Мерка 5.1.3: Примена на иновативни технологии во производството, преработките и услужните дејности во руралните средини | 7.755.000 денари |
| Мерка 5.1.4: Поттикнување на брендирање и маркетинг на производи и услуги во локалната економија согласно препораките на ЕУ и законската регулатива | 4.612.500 денари |
| Мерка 5.1.5: Промовирање на концептите за SMART-Villages и дигитализација на услугите во руралните подрачја | 610.200 денари |
| **Цел 6: Јакнење на економската, социјална и здравствена инфраструктура** | **22.258.500 денари** |
| ***Приоритет 6.1. Создавање на цврста економска, социјална и здравствена инфраструкура која што го поддржува одржливиот рурален развој на територијата на ЛАГ-от*** | |
| Мерка 6.1.1: Промоција и развој на социјалното претприемништво и циркуларната економија | 7.678.500 денари |
| Мерка 6.1.2: Подобрување на локалната инфраструктура | 3.382.500 денари |
| Мерка 6.1.3: Поддршка на мали инфраструктурни проекти од јавен интерес | 3.510.000 денари |
| Мерка 6.1.4: Подобрување на пристапот кон социјалните услуги во руралните средини | 3.382.500 денари |
| Мерка 6.1.5: Подобрување на социјалната сигурност и здравствена заштита во руралните средини | 4.305.000 денари |
| **Цел 7: Создавање на конкурентни рурални заедници на територијата на ЛАГ Скопска Црна Гора** | **12.668.050** |

| | |
|---|---|
| ***Приоритет 7.1: Подобрување на конкурентноста на производите и услугите кои ги нуди територијата на ЛАГ-от*** | |
| Мерка 7.1.1: Подобрување на конкурентноста, брендирање, диверзификација и промоција на земјоделски производи од регионот на ЛАГ-от | 3.075.000 денари |
| Мерка 7.1.2: Примена на современи мерки за заштита на земјоделското производство и адаптација кон климатските промени | 3.750.550 денари |
| ***Приоритет 7.2: Создавање на нови и иновативни работни места во руралните средини*** | |
| Мерка 7.2.1: Креирање на мерки за поддршка на руралниот развој и вработување на млади, жени и маргинализирани групи на граѓани во рурални средини | 2.460.000 денари |
| Мерка 7.2.2: Поддршка и промоција на агро-туристички бизнис можности во регионот на ЛАГ-от | 3.382.500 денари |

Вкупен износ на средства кој што ќе биде потребен за реализација на стратегијата на ЛАГ Скопска Црна Гора изнесува: **117.613.435 денари**. Истите согласно стратешките цели се распределени на начин кој што е прикажан на графиконот подолу (Графикон бр.) од каде што јасно може да се види дека планирањето е спроведено на соодветен начин и со приближно ист фонд на средства за реализација на активностите предвидени во секоја стратешка област. Најмногу средства се предвидени во областа култура, наследство и туризам поради обемноста на зафатите и сериозните инвестиции кои што треба да се направат на територијата на ЛАГ-от, а кои што во исто време треба да придонесат за зачувување и промовирање на културните и традиционални вредности. Потоа, најголеми се вложувањата во делот на инфраструктура и SMART села со над 20 милиони денари во секоја од областите, а потоа следуваат и областите животна средина, млади и родова еднаквост како и градењето на институционалната структура на ЛАГ-от што во исто време претставуваат и хоризонтални теми кои што ќе се испреплетуваат и при реализацијата на секоја поодделна активност и достигнување на стратешка цел.




**Графикон бр. 8 – Распределба на финансиските средства за постигнување на пооделните стратешки цели**

### 11.1. Можни извори на финансирање

Спроведувањето на Стратегијата за локален развој на руралните подрачја на територијата на ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА ќе одвива преку изготвување на годишни програми усвоени од страна на Собранието на ЛАГ СКОПСКА ЦРНА ГОРА кои заедно со годишни финансиски планови ќе се стреми кон реализација на истите. Согласно буџетската рамка се предвидува реализрањето на проектите да се одвива преку обезбедување на средства од следниве извори:

| Реден број | Извор на финансирање |
| --- | --- |
| **1.** | Членарина |
| | Национална програма за рурален развој |
| | Национална програма за инвестиции во животната средина |
| | ИПРАД програма 2021-2027 |
| | Национална програма за спорт и млади |
| | Национална програма за поддршка на туризмот |
| | Национална програма за поддршка на микро, мали и средни претпријатија (Министерство за економија) |
| | Агенција за поддршка и промоција на туризмот |
| | Биро за регионален развој |
| | Програма за рамномерен регионален развој на МЛС |
| | Национална програма за култура |
| | Буџет на општини (основачи на ЛАГ-от) |
| | Други извори (ЕУ фондови, донаторска заедница, билатерални договори, спонзорства, учества итн.) |

**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности

**Претставник:** Ана Вељановска, советник

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛЕН ПЛАН НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОД 2025 - 2028 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2025 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 142 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), член 22 став (1) точка 7 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 4 од Одлуката за формирање на Совет за социјална заштита на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.10/22) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на _______________ седница одржана на __.__.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛЕН ПЛАН НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОД 2025 - 2028 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Социјален план на Општина Гази Баба, за период 2025 - 2028 година, изготвен од Совет за социјална заштита на Општина Гази Баба.

**Член 2**

Социјалниот план на Општина Гази Баба, за период 2025 - 2028 година, се објавува на веб страната на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Одлуката да се достави до Совет за социјална заштита на Општина Гази Баба и секторот за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ**
**НА СОЦИЈАЛЕН ПЛАН НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**ЗА ПЕРИОД 2025 - 2028 ГОДИНА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 142 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), член 22 став (1) точка 7 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 4 од Одлуката за формирање на Совет за социјална заштита на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.10/22).

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

Советот на Општина Гази Баба на шеснаесеттата седница одржана на 28 септември 2022 година, донесе Одлуката за формирање на Совет за социјална заштита на Општина Гази Баба, бр.09-5529/8 од 28 септември 2022 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.10/22).

Целта на формирање на Совет за социјална заштита на Општина Гази Баба е учество во активности за градење на капацитети за равој на социјалните услуги на локално ниво.

Советот за социјална заштита на Општина Гази Баба изготвува социјален план за подрачјето на општината, кој содржи мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи во општината, анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги, како и специфичните потреби за развој на социјални услуги во општината.

Главна цел на социјалниот план е да се согледа актуелната демографска и социо-економска состојба во општината и врз основа на тоа да се креираат и подржуваат локални политики, што се засноваат и одговараат на потребите на жителите на општината.

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Оваа Предлог-Одлука има финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за период на имплементација на Социјалниот план, за период 2025 - 2028 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

# општина Гази Баба

# СОЦИЈАЛЕН ПЛАН

# 2025-2028

## СОДРЖИНА


## 1. Вовед

1.1 Социо – економски карактеристики на општината
1.2 Законска регулатива
1.3 Општинска структура за спроведување на Социјалниот план

## 2. Мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи на локално ниво и нивните потреби

## 3. СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

**3.1 ПОСТОЕЧКИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ**

3.1.1. Услуги на информирање и упатување
3.1.2. Услуги на стручна помош и поддршка
3.1.3. Услуги на советување
3.1.4. Услуги во домот
3.1.5. Услуги во заедницата
3.1.6 Услуги за вон-семејна заштита

**3.2 НОВИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ**

3.2.1. Услуги на информирање и упатување
3.2.2. Услуги на стручна помош и поддршка
3.2.3. Услуги на советување
3.2.4. Услуги во домот
3.2.5. Услуги во заедницата

**3.3 Идентификување на социјални ризици во општината**

**3.4 Идентификување и приоретизирање на социјални ризици и услуги за нивно надминување**

## 4. Потребни капацитети

## 5. Лиценцирање на даватели на услуги и финансиска поддршка

## 1. Вовед

Со стапувањето во сила на Законот за локална самоуправа во Република Македонија, голем дел од надлежностите на Владата и министерствата преминаа во единиците на локалната самоуправа. Тоа претставуваше и сеуште е мошне значаен, но и напорен чекор кон процесот на зајакнување на капацитетите на субјектите во локалната заедница.

Како дел од пренесените надлежности е и делот во областа на социјалната заштита со што Општините треба да креираат и да обезбедат спроведување на социјална заштита, преку донесување на сопствени програми за специфичните потреби на граѓани. Дел од програмите треба да бидат наменети за лицата со телесна попреченост, деца без родители и родителска грижа, деца со посебни потреби, деца од улица, деца со воспитно-социјални проблеми деца со еднородителски семејства, лица изложени на социјален ризик, лица засегнати со злоупотреба на дроги и алкохол, стари лица без семејна грижа и слично.

Надлежноста на општината од областа на социјалната заштита се реализира со Програмата за социјална заштита со која програма се врши планирање на финансиските средства, мерките и активностите за надминување на утврдените социјални проблеми и зголемување на достапноста на услугите согласно потребите на најранливите категории на граѓани.
Социјалниот план на општината, како потреба дополнително произлегува и чија основа е темелена на член 142 од Законот за социјалната заштита (сл. весник бр. 104/19 и сите негови измении), претставува обврска на општинскиот Совет за социјална заштита. Општинскиот совет за социјална заштита пак е дефиниран во член 141 и 142 од Законот за социјалната заштита (сл. весник бр. 104/19 и сите негови измении) и истиот треба да биде базиран на утврдените потреби и приоритети во општината, како и на реалните материјални можности за обезбедување на одржлив развој на социјалната заштита.

Општина Гази Баба во делот на социјалната заштита на граѓаните, преку своите активности значајно место му посветува на продлабочувањето на процесот на децентрализација во областа на социјална заштита, согласно специфичните потреби на населението кое живее на територијата преку донесување на сопствени програми за специфичните потреби на граѓани: лицата со телесна попреченост, деца без родители и родителска грижа, деца со посебни потреби, деца од улица, деца со воспитно-социјални проблеми, деца со еднородителски семејства, лица изложени на социјален ризик, старите лица со потреби за грижа и сл. Основни социјални ризици, на кои најчесто се изложени граѓаните се: ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност), ризици од стареење (старост и преживување), ризици по мајчинство и семејство, ризици од невработеност.
Единиците на локалната самоуправа како едни од главните носители на социјалната заштита се одговорни за:

- донесување на развојни програми за социјална заштита;
- основање на јавни установи за социјална заштита;
- развивање на вонинституционални форми за социјална заштита;
- реализирање на социјални програми во соработка со останатите сегменти јавниот сектор, приватниот сектор и невладини организации.

Со цел реализација на зацртаните стратешки приоритети, обврската на Општината и задожленијата кои произлегуваа и се наметнати од различните законски решенија, во рамките на општина Гази Баба има лице за социјална заштита во рамките на Одделението за јавни дејности кои одговараат на потребите на граѓаните, навремена и транспарентна испорака на услугите, зајакнување на поврзаноста на социјалното работење со останатите релевантни одделенија и сектори и со Советот на Општината, но и преку успешно координирање на Општината и општинските органи со сите надворешни засегнати страни. Општината ги информира граѓаните за активностите во областа на социјалната заштита преку пишаните и електронските медиуми, општинската веб-страница и преку директни средби со граѓаните, здруженија на граѓани и разните општествени чинители.

**1.1 Социо – економски карактеристики на општината**

Општина Гази Баба е дел од главниот град на Република Македонија со квалитетни урбани услуги и ефикасен урбан менаџмент, конкурентна економија и одржлив економски раст, висок квалитет на живеење и здрава животна средина, атрактивна за бизниси, домување и туристи. Гази Баба е во состав на градот Скопје и е негова најголема општина. Се наоѓа во северниот дел на Р. Македонија и се простира во источниот дел од скопската котлина и градот Скопје. Поголемиот дел од територијата во централниот, југозападниот и јужниот дел се наоѓа во рамница под обработлива површина (65% од вкупната територија) со неколку височини, во северниот дел од општината кај паркот шума Гази Баба и во централниот дел во месноста Камник, и планински дел (Скопска Црна Гора) во источниот дел од општината. Се граничи со скопските општините: на север со Бутел и Чаир, на запад со Центар и Аеродром, на југ со Илинден и Петровец, и на исток со Арачиново и Липково.

Општината, иако е дел од главниот град Скопје и има голема површина сепак има 16 рурални населени места. Селата од оваа општина се ориентирани кон земјоделско производство и во голем обем го снабдуваат градот со земјоделски продукти (раноградинарски култури, зеленчук и овошје). Во оваа општина се наоѓаат неколку реномирани винарии со производство на висококвалитетни вина препознаени во регионот и пошироко. Во некои од планинските села има голем број на цркви и манастири, живописна природа и земјоделски активности.

Општина Гази Баба зафаќа површина од 92 км$^2$ и има густина на населеност од 69626 жители.

Според Пописот од 2021[1] во Гази Баба вкупното население кое го опфаќа Пописниот реон изнесуваше

| | | |
|---|---|---|
| **1** | Број на жители | 69626 |
| **2** | Површина во км² | 92 |
| **3** | Густина на жители на 1км² | 757 |

Национална структура

| | **Национална структура** | **Вкупно** | **Процент** |
|---|---|---|---|
| **1** | Македонци | 45242 | 64.98 |
| **2** | Албанци | 14146 | 20.32 |
| **3** | Турци | 468 | 0.67 |
| **4** | Роми | 1922 | 2.76 |
| **5** | Власи | 185 | 0.27 |
| **6** | Срби | 1328 | 1.91 |
| **7** | Бошњаци | 753 | 1.08 |
| **8** | Други | 580 | 0.83 |
| **9** | Непопишани | 5002 | 7.18 |

**1.2 Законска регулатива**

- ✓ Законот за социјалната заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година и сите негови измении);Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2025 година (Службен весник на РСМ, бр. 278 од 3.12.2024 година)
- ✓ Законот за социјална сигурност за старите лица (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година);
- ✓ Законот за заштита на децата (Службен весник на РСМ, бр. 23 од 14.02.2013 година и сите негови измени);
- ✓ Закон за семејство (Службен весник на РМ, бр. 153 од 20.10.2014 година, пречистена верзија и сите негови измени);
- ✓ Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (Службен весник на РМ, бр. 24 од 27.01.2021 година);
- ✓ Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ, бр 61/04 и сите негови измени);
- ✓ Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ, бр.5 од 29.01.2002 година, и 202/24);
- ✓ Националната програма за развој на социјална заштита 2022-2032 (Службен весник на РМ, бр. 237 од 07.11.2022 година),
- ✓ Национална стратегија за деинституционализација во Република Македонија 2018-2027;
- ✓ Националната програма за развој на социјална заштита (Службен весник на РМ, бр. 237 од 07.11.2022 година);
- ✓ други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита.

[1]Извор Државен завод за статистика

**1.3 Општинска структура за спроведување на Социјалниот план**

Социјалниот план на општина Гази Баба го подготвува Секторот за поддршка на градоначалникот и јавни дејности. Согласно Законските обврски, општина Гази Баба формира локален социјален совет за социјална заштита. Советот на општина Гази Баба е составен од вкупно 10 членови и истиот е регулиран согласно одлуката-за основање Совет за социјална заштита општина Гази Баба– Скопје бр. 09-5526/8 од 28 септември 2022 година.
Одговорно лице за спроведување на локалниот социјален е Ана Вељановска.

**2. Мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи на локално ниво и нивните потреби**

За потребите на овој Социјален план беше направено социјално мапирање и преку јавен повик беа консултирани и вклучени претставници на клучните институции, организации и здруженија на граѓани кои работат на територијата на општина Гази Баба, а со цел да се постигне инклузивен и партиципативен процес преку кој заеднички се посветуваме на поквалитетен живот на нашите жители. Секој од нив, од доменот на своето работење, придонесе со преглед и анализа на состојбите и даде предлози за потребите на креирање на овој социјален план.

**Стари лица**

Врз основа на податоците кои ги добивме од Здружение на пензионерски општина Гази Баба на територијата на Општина Гази Баба се регистрирани 13.900 пензионери/членови. Дел од пензионерите се организираат во со различни активности и советодавни предавања во просторот кој што е доделен и поддржан од страна на општина Гази Баба. Согласно новиот допис дел од нивните членови се соочуваат со проблеми како што се старост и изнемоштеност, потреба во извршување на секојдневните потреби и активности, социјализација и осаменост. Општина Гази Баба години station наназад ги поддржува кога е потребно финансиски и технички пензионерите и е во постојана комуникација и координација за заеднички активности.

**Попреченост**

Податоци добиени од Црвен крст - општинска организација Црвен Крст, СОС Детско село, Дневниот центар за лица со попреченост во железара како и градинки, основни училишта кои се под надлежност на општина Гази Баба.
Согласно податоците добиени од Црвен Крст - општинска организација Гази Баба дневниот центар за стари лица на територија на општина Гази Баба го посетуваа околу 60 лица/ корисници над 65 годишна возраст**.**

Во рамки на СОС Детско село во моментот има 2 специјализирани згрижувачки семејства кај кои се сместени 4 корисници односно деца со попреченост.

**Деца во социјален ризик**

Покрај паричните права кои се даваат на различни социјални категории на граѓани, проценета е потребата од рана детекција и интервенција кај деца и семејства во социјален ризик со цел превенција од запоставување и злоставување на деца и спречување на распад на семејството кое неминовно доведува до одземање на децата од биолошките родители и нивно сместување во алтернативна грижа (згрижувачки семејства, мали групни домови, станбени единици за живеење со поддршка за млади од 14 до 18 годишна возраст). За да се одговори на оваа состојба, потребно е воспоставување на советувалишта за јакнење на семејствата и родителските компетенции од Општина Гази Баба во соработка со ЦСР и СОС Детско село. Овие услуги на советување, можат да се вклучат и во превентивни едукации на родители или млади брачни парови за да се зголеми свесноста и знаењето за родителството а со тоа да се превенира запоставувањето и злоставувањето на децата.

**Деца без родители и родителска грижа**

Врз основа на проценки за потребите кои се направени од страна на СОС Детско село, евидентна е потребата од ресурс за згрижување во згрижувачки семејства. Напоменуваме дека ресурсот на згрижувачки семејства што го обезбедува СОС Детско село е национален ресурс. Имено, од информации добиени од СОС Детско село, во 2024 година, од страна на различни ЈУ Меѓуопштински Центри за социјална работа поднесени се барања за сместувања на 119 деца во згрижувачки семејства од кои за само 38 е одговорено позитивно. Ова укажува на фактот од недостаток на ресурси за згрижување (згрижувачки семејства).

На територија на општина Гази Баба има вкупно 23 згрижувачки семејства од кои 17 општи згрижувачки семејства, 4 роднински згрижувачки семејства и 2 специјализирани семејства. Посебен акцент ставаме на потребата од специјализирани згрижувачки семејства кои се потребни за да одговорат на потребите на процесот на деинституционализација и трансфер на деца од институциите во згрижувачки семејства или мали групни домови. Исто така, акцент ставаме и на потребата од интервентно згрижување на деца во интервентни згрижувачки семејства или услуги на привремен престој поради зголемената и се почеста итна реакција на Центрите за социјална работа за заштита на деца кои се запоставени, напуштени, жртви на насилство и во животно загрозувачка ситуација и е потребно итно згрижување се додека не се изработи целосната проценка на нивната состојба за да се донесе конечна одлука за нивна заштита.

Од проценката направена на организации кои работат со згрижување на деца со попреченост, развојни предизвици и предизвици со менталното здравје и поддршка на згрижувањето констатираат дека потребите на овие деца, покрај згрижувањето, е и нивно дневно вклучување во услуги на дневен престој, рехабилитација и реинтеграција или одмена на семејна грижа.

Децата кои се сместуваат во алтернативна грижа, преживеале различни видови на траума. Траумата, влијае на понатамошниот развој на децата и засега повеќе аспекти на истиот. Влијае на, развојот на мозокот кај детето, поврзувањето со возрасните и врсниците и целокупно може да го промени неговото однесување. Доколку траумата не се разбере и соодветно третира ќе резултира со сериозни последици во социјализацијата на децата, процесот на учење и нивниот развој како возрасни личности. Поради ова, се наметнува потребата од советодавно-терапевтска услуга која ќе ја третира траумата кај децата но ќе работи и со згрижувачите, старателите или родителите за надминување на оваа состојба која има негативно влијание и на пошироката општествена средина и ја загрозува општата безбедност.

**Согласно податоците добиени од основните училишта и градинките на територија на општина Гази Баба се следни:**

| | ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО ГАЗИ БАБА | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **УЧЕНИЦИ СО/ОД** | Стив Наумов | Григор Прличев | Н.Н. Борче | Дане Крапчев | Вера Јоциќ | Крсте М. | Крум Тошев | Кирил и Методиј | Наум Охридски | Његош | 25 Мај |
| со попреченост | 14 | 5 | 23 | 18 | 10 | 10 | 4 | 4 | 7 | 3 | 23 |
| приматели на социјална помош | 9 | 0 | 25 | 19 | 6 | 4 | 22 | 13 | / | 11 | 234 |
| семејства приматели на детски додаток | 16 | 3 | 25 | 24 | 14 | 3 | 9 | 18 | 24 | 30 | 245 |
| семејства приматели на образовен додаток | 9 | 0 | 1 | 45 | 22 | 9 | 11 | 18 | 14 | 9 | 160 |
| семејства приматели на посебен додаток | 14 | 4 | 7 | 9 | 5 | 2 | 4 | 10 | 5 | 3 | 4 |
| згрижувачко семејство | 4 | 0 | / | 3 | / | / | / | / | / | / | 4 |
| згрижени во СОС Детско село | / | 1 | / | 24 | / | / | / | / | / | / | 1 |
| семејства во социјален ризик (самохран родител, дисфункционални семејства, разведени родители, починат родител) | 52 | 19 | 23 | 79 | 50 | 35 | 16 | 12 | 31 | 39 | 40 |
| на чии родители им е одземено родителското право | 1 | 1 | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / |
| жртви на семејно насилство | / | | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| со еден вработен родител | 24 | 10 | 36 | 56 | 41 | 23 | 94 | 70 | 34 | 104 | 561 |
| со двајца невработени родители | 12 | 4 | 12 | 21 | / | / | 30 | 14 | 9 | 26 | 406 |
| вкупните примања во семејствата под 20.000 илјади денари | 7 | 2 | 25 | 21 | 4 | / | 22 | 1 | 1 | 1 | 173 |

| ДЕЦА СО/ОД | Детска градинка „25 Мај“ | Детска градинка „Детска радост“ |
|---|---|---|
| со попреченост | 11 | 10 (5 документи и 5 без документи) |
| приматели на социјална помош | 3 | / |
| семејства приматели на детски додаток | 6 | / |
| семејства приматели на образовен додаток | 2 | / |
| семејства приматели на посебен додаток | 4 | / |
| згрижувачко семејство | / | / |
| згрижени во СОС Детско село | 6 | / |
| семејства во социјален ризик (самохран родител, дисфункционални | 30 | 21 |

| | | |
|---|---|---|
| семејства, разведени родители, починат родител) | | |
| на чии родители им е одземено родителското право | / | / |
| жртви на семејно насилство | / | / |
| со еден вработен родител | 107 | 47 |
| со двајца вработени родители | 956 | 505 |
| вкупните примања во семејствата под 20.000 илјади денари | 5 | / |

Согласно добиените податоци од основните училишта и детски градинки, бројот на корисници на социјална помош за Општина Гази Баба, за последната 2025 година изнесува 346 приматели на социјална помош, етничката застапеност е разнолика со различен социо-економски статус.

**Млади во социјален ризик**

Сериозна е потребата од услуги за поддршка на младите за нивна социјална интеграција и вработување каде посебен акцент ставаме на младите без родителска грижа кои по наполнување на 18 годишна возраст треба да ја напуштат алтернативната грижа (згрижувачки семејства и станбени единици за живеење со поддршка) и започнат самостоен живот. Во овој процес, младите добиваат финансиска помош од државата но не постојат соодветни социјални услуги за да може да го менторираат процесот на осамостојување. Во оваа состојба потребите на младите се идентификувани и одат во насока на потреба од дом, јакнење на вештините за социјална интеграција и вработување. За да се излезе во пресрет на овие потреби, потребно е воспоставување на различни социјални услуги како советување на младите за вработување и само-вработување, унапредување на персоналните и професионалните компетенции, привремено сместување (привремени социјални услуги) за младите кои имаат развојни предизвици, како и предизвици со менталното здравје и имаат потреба од поддршка во процесот на осамостојување преку менторирање.

**Семејства во социјален ризик**

Согласно добиените податоци од ЦСР, бројот на корисници за Општина гази Баба.

| Општина | ЦСР | Дете без родители и родителска грижа | | | Дете на кое му се уредуваат односите со родителот и блиски сродници со кои не живее | | | Самохран родител | | Лице - жртва на семејно насилство | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Малолетни | Полнолетни | Вкупно | Малолетни | Полнолетни | Вкупно | Полнолетни | Вкупно | Малолетни | Полнолетни | Вкупно |
| Гази Баба | Скопје | 61 | 21 | 82 | 43 | 13 | 56 | 1 | 1 | 16 | 50 | 66 |
| | Вкупно | 61 | 21 | 82 | 43 | 13 | 56 | 1 | 1 | 16 | 50 | 66 |
| Вкупно | | 61 | 21 | 82 | 43 | 13 | 56 | 1 | 1 | 16 | 50 | 66 |

Со цел да излезе во пресрет и да го подобри квалитетот на живот кај семејствата во социјален ризик, во изминатиот период се преземени многу активности од кои издвојуваме:

**Пакети со храна и хигиенски средства за социјално загрозени семејства**

**-** согласно член 71 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа –град Скопје.

50.000 денари за проект - Пакети со храна и хигиенски производи на социјално загрозени семејства и тоа 25.000 денари за храна, и 25.000 денари за хигиенски средства

**Еднократна парична помош на семејства од висок социјален ризик**

- согласно член 73 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа – град Скопје, 1.500.000 денари за проект - Еднократна парична помош на ризични групи заради: ублажување на штета од елементарна непогода (пожар, поплава и слично на корисници на социјална помош; лекување; деца без родители и родителска грижа; и самохрани родители.

**Згрижување и заштита на жртви од семејно насилство**

Согласно добиените податоци од Кризен центар Надеж, бројот на корисници во зависност од потребите на истите скоро па секој месец е различен, а тоа зависи од пријавените – прифатени корисници вообичаено се движи помеѓу 10 до 25 корисници, географската и етничката застапеност е разнолика од различни етнички заедници, како и од различен социо-економски статус. Здружението Кризен центар Надеж во текот на 2024 има извршено асистенции за 103 лица 44 жени и 59 деца со згрижување од 24/48 часа и поддршка/советодавна на околу 500 лица.

Податоците кои се добиени од ЦСР Скопје се следни

| Општина / Центар за социјална работа | Гази Баба / Скопје | | |
|---|---|---|---|
| | Малолетни | Полнолетни | Вкупно |
| Лице - сторител на семејно насилство | 1 | 28 | 29 |
| Дете жртва на сексуална злоупотреба | 4 | | 4 |
| Дете на улица | 25 | 1 | 26 |
| Бездомно лице | 2 | 7 | 9 |
| Лица со пречки во менатлнел развој | 138 | 85 | |
| Лице-жртва на семејно насилство | 50 | 66 | |

**Невработеност**

Податоците за вкупниот број на невработени лица од Општина Гази Баба, според националната припадност, возраст, пол, време на чекање и образование, се добиени од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија - Центарот за вработување на град Скопје, по следните прегледи[2]:

П Р Е Г Л Е Д
невработени лица (активни баратели на работа), евидентирани во АВРСМ-Центар за вработување на Град Скопје, со место на живеење во Општина Гази Баба, според возраст и пол, со состојба на 30.06.2024 година

| Општина | Вкупно | | Од 15-19 години | | Од 20-24 години | | Од 25-29 години | | Од 30-34 години | | Од 35-39 години | | Од 40-44 години | | Од 45-49 години | | Од 50-54 години | | Од 55-59 години | | 60 години и повеќе | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Гази Баба | 1582 | 860 | 21 | 11 | 107 | 57 | 130 | 89 | 127 | 72 | 133 | 79 | 172 | 112 | 214 | 108 | 234 | 134 | 229 | 110 | 215 | 88 |

| | Општина | Вкупно | | Без образование и со основно образование | | Непотполно средно образование | | Завршено средно образование | | Више образование | | Високо образование | | Магистри на науки | | Доктори на науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| | Гази Баба | 1495 | 848 | 589 | 326 | 346 | 177 | 455 | 271 | 6 | 3 | 95 | 67 | 4 | 4 | 0 | 0 |

[2]Извор: АВРСМ-Центар за вработување на Град Скопје

| [3] П Р Е Г Л Е Д невработени лица (активни баратели на работа), евидентирани во АВРСМ-Центар за вработување на Град Скопје, со место на живеење во Општина Гази Баба, според време на чекање на вработување и пол, со состојба на 30.06.2024 година | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Општина | Вкупно | | Под 1 месец | | Од 1 до 5 месеци | | Од 6 до 11 месеци | | Од 12 до 17 месеци | | Од 18 до 23 месеци | | 2 години | | 3 години | | 4 години | | 5-7 години | | 8 години и повеќе | |
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Же ни | Се | Же ни | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | |
| Гази Баба | 1582 | 860 | 105 | 58 | 213 | 110 | 150 | 86 | 112 | 61 | 80 | 45 | 133 | 77 | 163 | 94 | 134 | 72 | 333 | 197 | 159 | 60 | |

[3] Извор: АВРСМ-Центар за вработување на Град Скопје

Според добиените податоци од АВРСМ-Центар за вработување на Град Скопје, со место на живеење во општина Гази Баба евидентирани се вкупно 1582 невработени лица- активни баратели на работа и 1495 лица-пасивни баратели на работа. Од табелите може да се види дека најголем процент од невработените се на возраст од 45 до 60 годишна возраст или според степен на образование најголем процент на невработеност се лицата без образование или со завршено основно образование.
Општина Гази Баба може да ангажира лица кои се водат како невработени а се потребни за дополнителни работни задолженија во рамки на оптината како и во јавното комунално претпријатие, преку волонтирање и препораки за членство во Невладини организации, доделување грантови и помош на бизниси и слично.

Оваа состојба на невработеност, може да се намали доколку државата даде стимулативни мерки за оваа категорија на невработени и финансиски ги мотивира да се приклучат кон системот на социјална заштита и се регрутираат како згрижувачи (згрижувачки семејства) доколку ги задоволат основните критериуми и компетенции за даватели на оваа услуга. Ова може да се постигне со релокација на буџетските средства кои се наменети за невработените лица кон финансиска надокнада/вработување за згрижувач.

## 3. СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Социјалното вклучување на ранливите групи најдобро се остварува преку обезбедување достапност на социјалните услуги во заедницата, развојот на услугите според потребите за помош, јакнење на капацитетите на корисниците, отстранување на пречките и овозможување на еднакви можности за нивно социјално вклучување.

## АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНАТА ВО ПОДДРШКА НА СОЦИЈАЛНИОТ РАЗВОЈ

<u>Еднократна финасиска поддршка за новороденчиња</u>
Еднократна парична помош за секое новороденче родено на подрачјето на општина Гази Баба. Секое новороденче добива 5000 денари доколку еден родител или старател е со живеалиште на подрачјето на општина Гази Баба. Од спроведување на оваа мерка во 2022 година досега се исплатени средства на околу 1200 деца.

<u>Еднократна финансиска помош за дете запишано во прво одделение</u>
Еднократна финансиска помош по 3.000 денари за дете запишано во прво одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба. Секое првооделенче добива финансиска помош од 3000 денари доколку е запишано во општинско основно училиште на подрачјето на општина Гази Баба. Од 2022 година па досега се доделени средства на околу 1830 првооделенци.

<u>Еднократна парична помош за лекување</u>
Износот на еднократна парична помош може да изнесува до 12.000 денари за задоволување на потребите на лице или семејство кое се наоѓа во положба на социјален ризик, во случај на подолго лекување во здравствена установа, заради остварување на право на здравствена заштита и медицински третман. Од 2022 година досега се исплатени финансиски средства на околу 420 лица.

Други финансиски средства

Општина Гази Баба издвојува и средства по потреба (елеменатарни непогоди, здравствени состојби на деца и родители, хуманитарни донации и слично) во текот на една година од Буџетот на општина Гази Баба, за чие одобрување и доделување одлучуваат Градоначалникот и Советот на Општина Гази Баба. Градоначалникот, од неговата сметка може да исплати највеќе до 50.000 илјади денари на поединечен случај, за поголеми и комплицирани состојби каде се бара и поголеми финансиски средства одлучува советот.

## 3.1 ПОСТОЕЧКИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

**3.1.1. Услуги на информирање и упатување**, согласно член 71 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи - Скопје.

**3.1.2. Услуги на стручна помош и поддршка,** согласно член 72 од Законот за социјална заштита обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи - Скопје.

**3.1.3. Услуги на советување,** согласно член 73 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи - Скопје.

- Советодавен центар за родители и деца - Гази Баба со капацитет од 80 корисници на годишно ниво. Услуга која се спроведува во партнерство помеѓу СОС Детско село и општина Гази Баба. Ги опфаќа децата и семејствата во социјален ризик од губење на родителската грижа (запоставени деца, жртви на насилство, деца и родители со изречени мерки на засилен надзор од страна на родител или старател и други состојби поврзани со несоодветно родителство и грижа за деца и млади).

### 3.1.4 Клуб на пензионери за активно и здраво стареење

Општина Гази Баба во континуитет години наназад обезбедува сопствени буџетски средства за услугата здраво и активно стареење на лицата од трета доба. Оваа услуга е во соработка со ЦКРСМ, Црвен крст Гази Баба и истата овозможува здраво и активно стареење преку реализација на годишна програма на активности.

Работата на пензионерскиот клуб има многу бенифиции за старите лица, а некои од нив се:

Социјализација и поврзаност: Пензионерскиот клуб им овозможува на старите лица да се среќаваат со други луѓе, да создаваат нови пријателства и да останат активни во социјалниот живот. Ова помага во намалување на чувството на изолација и осаменост, што е често проблем за многу постари лица.

Поддршка и советување: Клубот обезбедуваат платформи за старите лица да добијат поддршка, информации и совети во врска со здравјето, социјалните услуги, како и емоционална поддршка. Овие информации можат да бидат корисни за нивно подобрување на животниот квалитет.

Промоција на физичка активност и ментална стимулација: Дел од активностите активности предвидуваат вежби, прошетки или танци, што помага во одржување на физичката кондиција на старите лица. Физичката активност е важна за здравјето и доброто чувство на постарите лица. Логички игри, едукативни предавања и работилници кои го стимулираат умот, помагаат во одржување на менталната свежина и ја намалуваат можноста за развој на деменција и други ментални нарушувања. Емоционалната благосостојба е повеќе од потребна и клубот со своето

работење ја промовираат важноста на психолошкото благосостојба и нуди поддршка за справување со стрес, анксиозност или депресија, што е чест проблем кај постарите лица.
Препознавање и почит: Работата во пензионерскиот клуб создава средина каде старите лица се ценат и почитуваат. Ова ја зголемува нивната самодоверба и ги мотивира да продолжат активно да учествуваат во општествениот живот.
Културни и образовни активности: Пензионерскиот клуб ќе организира различни културни и образовни активности, како што се патувања, изложби, предавања, што им овозможува на старите лица да ја прошируваат својата културна и интелектуална рамка.
Работењето на овие клубови има огромен позитивен ефект на старите лица, од здравствени бенефиции до социјално и емоционално задоволство.

Проектот - Општинска корисна работа во соработка со Програмата за развој на Обединетите Нации и Агенцијата за вработување за 2024 година имаме (1 негувателка во детска градинка и 1 лице за нега на стари лица над 60 години и 3 лица за работа со млади во СОС Детско село) 5 работно ангажирани лица х 1.800 месечно х 5 месеци (7.200 денари по човек месечно донира УНДП, а општина Гази Баба 4800 денари.)

**3.1.5. Услуги во заедницата**
**- Услуги за дневен престој**
**Дневен центар за лица со попречености и церебрална парализа до 18 години**

Општина Гази Баба во соработка МТСП во 2008 година го отвори центарот за дневен престој за поддршка на лица со интелектуална попреченост и церебрална парализа до 18 години.
Центарот за дневен престој има за цел социјализација и интеграција на лицата со интелектуална попреченост во општеството и нивна дневна грижа, преку работилници, едукации и работни терапии, се овозможува подобрување на
психосоцијалната состојба, нивно осамостојување и еден вид олеснување на нивните семејства во извршување на работните и домашните обврски во периодот додека нивните деца ги користат услугите на центарот. Како целна група се лицата со интелектуална попреченост, со лесна и умерена попреченост и физички хендикеп до 18 годишна возраст. Број на корисници е од 10 до 15 корисници. Поради изградба на нов објект кој се наоѓа исто во н. Железара, децата последниве три години се префрлени во Центарот во општина Бутел. Со завршување на градежните работи ќе функцинира, како ин претходно, активно.

**3.1.6 Услуги за вон-семејна заштита**

**СОС Детско село**

- **Услуга живеење со поддршка**

Услугата живеење со поддршка е наменета за лица со попреченост и деца без родителска грижа на возраст од 14 години па се до завршување на средно образование. Во општина Гази Баба има една станбена единица во населбата Железара која ја спроведува СОС Детско село и е со капацитет од 7 деца/млади без родителска грижа. Целта на услугата е 24 часовна грижа и поддршка на децата/младите во оформување на образованието, стекнување на животни и социјални вештини и менторство во процес на нивно осамостојување по навршување на 18 години (поддршка во вработување и вдомување).

– **Услуга згрижување во друго семејство**

Услугата згрижување во семејство (згрижувачко), претставува нај соодветната алтернативна форма за грижа на деца без родителска грижа. Таа е нај блиска до семејната грижа и нуди природна средина за секое дете кое ја изгубило грижата од своите биолошки родители. Основната цел на згрижувачките семејства е да ги заштитат децата и го помогнат развојот се додека тие не се вратат во биолошкото семејство, не станат полнолетни и самостојни или не бидат посвоени доколку не е можно враќање во биолошкото семејство.

**ПОДАТОЦИ ЗА ЗГРИЖУВАЧКИ СЕМЕЈСТВА И СМЕСТЕНИ КОРИСНИЦИ во СОС Детско село**
**Состојба заклучно со 31 ви јануари 2025 година**

| Вид на згрижување | Број на згрижувачки семејства | Број на сместени корисници |
|---|---|---|
| **Општи згрижувачки семејства** | **17** | **49** |
| **Интервентни згрижувачки семејства** | **0** | **0** |
| **Специјализирани згрижувачки семејства** | **2** | **4** |
| **Роднински згрижувачки семејства** | **4** | **5** |

– **Услуга стручна помош и поддршка преку Центар за поддршка на згрижувачки семејства**

Услугата стручна помош и поддршка преку Центар за поддршка на згрижувачки семејства е насочена кон подигање на знаењето и свесноста за згрижувачките семејства како даватели на услуга за вон-семејна заштита, регрутирање и проценка на подобноста на потенцијалните кандидати за згрижувачи, тековни обуки и подигнување на знаењето за различни области потребни за квалитетна грижа за корисниците, советување и поддршка на згрижувачите и корисниците во процесот на згрижување како и планирање на развојот на корисникот и следење на квалитетот на грижата. По трансформацијата на СОС Детско село согласно новиот закон за социјална заштита од 2019 год. установата нуди поддршка на 78 згрижувачки семејства во дел од Скопски плански регион, вардарски и југо-источен плански регион. Оваа услуга има регионален карактер.

На територија на општина Гази Баба, Центарот за поддршка на згрижувачки семејства поддржува вкупно 23 згрижувачки семејства од кои 17 општи згрижувачки семејства, 4 роднински згрижувачки семејства и 2 специјализирани семејства.

## 3.2 НОВИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Развојот на социјалните услуги во локалната заедница ќе придонесе кон нејзините перспективи за целокупен развој, за посистемско искористување на ресурсите и подобар квалитетот на живот на сите граѓани, со приоритет на оние на кој им е најпотребна поддршка.

3.2.1. Услуги на информирање и упатување
Услугата за информирање и упатување и понатаму е во надлежност на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа на Град Скопје.

3.2.2. Услуги на стручна помош и поддршка
Услугата за стручна помош и поддршка и понатаму е во надлежност на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа на Град Скопје.

3.2.3. Услуги на советување
Услугата за стручна помош и поддршка и понатаму е во надлежност на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа на Град Скопје.

- СОС Детско село е во процес на воспоставување и лиценцирање на услуга на советување која ќе дава поддршка на деца и млади со трауматско искуство. Услуги на советување опфаќаат советодавна односно советувалишна работа, со цел превенирање, ублажување и надминување на последиците од настанатите социјални проблеми на поединец и семејство. Насилството, злоупотребата и занемарувањето се негативни искуства кај децата кои резултираат со траума која создава физичка и емоционална комплексната траума и се поврзува со широк спектар на дисфункционално однесување во возрасното доба, вклучувајќи: зависност, депресија и анксиозност, асоцијално поведение, зголемена веројатност за хронични заболувања и сл. За надминување на трауматските искуства и квалитетно ментално здравје потребно е отворање на советодавно-терапевтски центар кој преку советување и третман ќе одговорат на предизвиците и последиците од траумата кај 60 деца и млади на годишно ниво а воедно ќе ги поддржат и насочат родителите и згрижувачите како да препознаат знаци и се справат со последиците од траумата кај децата.

3.2.4. Услуги во домот

**Итно копче и транспорт**

Општина Гази Баба во соработка со Црвен крст Скопје ја обезбедуваат услугата Итно копче и транспорт на лица. Предвидено е користење на услугата Итно копче да опфати 10 возрасни лица кои ја користат алката за дојава, односно со притискање на копчето на алката во услови на животозагрозувачка состојба да повика помош. Со добивање на дојавата од контакт центарот од Црвен крст на град Скопје се праќа екипа од парамедици кои ја проверуваат состојбата на корисникот и зависно од потребата се укажува прва помош и се врши транспорт до сдравсртвена установа.
Услугата „транспорт“ е предвидено во просек по 40 транспорти на месечно ниво за лица кои имаат потреба од домот да бидат транспортирани до здравствени установи и назад.

**Помош во услови на пожар, поплава или друга елементарна непогода**
ЦКРСМ, Црвен крст Гази Баба - Скопје обезбедува помош во прехрамбени и хигиенски пакети, ќебиња, душеци, постелнина, бебешки пакети, кујнски прибор, облека и обувки, согласно потребите за лица чии домови се погодени од елементарна непогода како пожар, поплава, земјотрес. Во услови на елементарна непогода или пандемија ООЦК Гази Баба дејствува согласно насоките за помош на настраданото население дадени од централната канцеларија на Црвен крст на РСМ.

**Превенција и подигање на јавна свест**
ЦКРСМ,ООЦК Гази Баба – Скопје согласно програмата за работа опфаќа бројни едукативни работилници во делот на првата помош, социјално – хуманитараната работа, здравствено – превентивната дејност, работа со млади и крводарувањето. ООЦК Гази Баба едукативите работилници ги реализира во детските градинки, основни и средни училишта, факултетите на територија на општина Гази Баба, како и во корпоративниот сектор на оваа територија.

**Услуги кои се на располагање доколку се обезбеди буџет и ќе се спроведуваат преку Црвен крст на град Скопје**

- Негователи – услуга за нега во домот, наменета за лица над 65 години (лица кои се во постела или имаат дополнителна потреба од помош во домот);
- Асистенти – услуга наменета за лица со попреченост за олеснето функционирање во домот и надвор од него.

**3.2.5. Услуги во заедницата**

Специјализирани и интервентни згрижувачки семејства

Во општината има само 2 специјализирани згрижувачки семејства кои имаат згрижено 4 лица со попреченост. Од последните трендови и состојби може да се заклучи дека постоечките згрижувачки семејства на ниво на држава стареат и со тоа се наметнува потребата од регрутирање на нови кои ќе ја преземат грижата за постоечките корисници. Исто така, со процесот на деинституционализација, потребата за грижа за лица со попреченост во форми блиску до семејната грижа се згрижувачките семејства. Одговорноста и дневните рутини на овие згрижувачи во грижата е со голем интензитет и бара целосна посветеност и од тие причини, овие згрижувачи не можат да воспостават редовно вработување. За да се мотивира и одржи ваков ресурс во заедницата, потребно е да се обезбеди соодветен финансиски надоместок или плата за овој професионален ангажман. Општината и државата мораат да ги унапредат јавните политики и регулативата за да овозможат редовен и соодветен финансиски надоместок за овие даватели на услуги.

Исто така, состојбата со интервентни згрижувачки семејства е загрижувачка, бидејќи тие се уште не постојат поради неможноста овие даватели на услуга да се соодветно платат како даватели на услуги. Оваа форма на згрижување бара 24 часовна достапност и спремност за згрижување на дете кое ќе се најде во животно-загрозувачка состојба и е потребно итно да се згрижи. Поради оваа потреба од 24 часовна достапност, овие згрижувачи не можат да остварат вработување и

приход по друг основ и затоа е потребно државата или општината да обезбеди механизам за редовна финансиска надокната или плата доколку се унапредат јавните политики и регулативата.

Услуга за привремен престој на жртви на семејно насилство

Општина Гази Баба во соработка со_ Кризен центар Надеж и согласно податоците добиени од мапирањето на 60 корисници/ жртви на семејно насилство, родово базирано насилство и ѓртви од силување ќе им се овозможи услугата за привремен престој. Оваа услуга ќеим ги обезбеди сите потребни услови се до нивна повторна ресоцијалзиација и опоравување.
Зголемениот број на насилство кое се случува во семејствата ја наметнува потребата од итно стручно постапување и згрижување на децата и родителот кои се под насилство и кои се во тешка животна или животно-загрозувачка ситуација. Потребно е зголемување на капацитетот за згрижување преку воспоставување на нова услуга на привремен престој, каде ќе се овозможи безбедност на корисникот и можност за целосно согледување на неговата состојба и потреби а со цел одредување на мерки и услуги за негова соодветна поддршка и негова повторна социјална интеграција.
За да се зголеми капацитетот на прием, заштита и поддршка на жртвите на семејно и родово-базирано насилство, Општината во соработка со СОС Детско село ќе воспостави услуга на привремен престој за жртви на семејно насилство. СОС Детско село, располага со достапен простор (куќи за домување) кои ќе ги стави во функција за оваа услуга.
Услугата за привремен престој обезбедува заштита и стручна помош на лица кои се наоѓаат во кризна состојба заради надминување на состојбата и нивна социјална интеграција. Корисници на услугата: жртва на семејно насилство и родово базирано насилство и жртви од силување. Услугата се обезбедува во времетраење до три месеци, со можност за продолжување уште за три месеци, а во исклучителни случаи кога состојбата не е надмината до една година.
За да се воспостави ваква услуга, потребна е координација и соработка помеѓу Влада преку ресорното Министерство за социјална политика, демографија и млади, општина Гази Баба, потенцијален давател на услугата (НВО или установа) и ЈУ МЦСР на Град Скопје.

Услуга за дневен престој за деца во социјален ризик
Општина Гази Баба во соработка со МТСП и ЈУДГ „25 Мај“ обезбедува престој на деца роми во претшколските групи, со цел полесно да се вклучат во образовниот процес. Корисници на оваа услуга се околу 24 деца до 6 години. 250.000 денари за проект - Инклузија на деца Роми во детските градинки, наменети за реализација на проектот во соработка со Министерство за труд и социјална политика.

Услуга за дневен престој за стари лица
Со оглед на фактот дека општина Гази Баба демографски стареe и процентот на стари лица е значително голем, неопходно е развој на дневен престој/ центар за дневен престој, преку повторно отварање на дневниот центар во н. Маџари кој функционираше пред Ковид состојбата и на дневна основа беше посетуван од околу 60 лица. Функционирањето беше целосно финансиски поддржано од општина Гази Баба. Во центарот за активно стареење е врз основа на програма за работа која е поддршка на старите лица во зачувување на своето здравје, активација,

социјализација, друштвени спортови како и окупациона терапија, користење на ИТ технологија како и корисни предавања и советувања.

Услуга за дневен престој за лица со попреченост

Согласно податоците добиени од мапирање и фактичката ситуација, потребно е развој на оваа услуга се со цел корисниците да можат да навремено да ја добиваат оваа услуга во територијата каде што живеат и да не се транспортираат истите до Бутел. Корисници на услугата ќе бидат 24 лица со попреченост кои ќе добиваат дневно згрижување, индивидуални активности за стекнување животни и работни вештини, социјални, културни и рекреативни активности, едукација, социјална поддршка на лицата и нивните семејства и други сродни активности.

## Иновативна социјална услуга

Советодавно-терапевтски центар за деца со трауматски искуства е иновативна услуга која ќе овозможи на 60 деца со трауматско искуство на годишно ниво советодавно-терапевски услуги.

**3. Идентификување на социјални ризици во општината**

Врз основа на податоците добиени од мапирањето за потребите на изготвување на овој социјален план, во општината како најголеми социјални ризици се:

- Сиромаштија (невработеност, низок степен на образование, семејства и деца во социјален ризик);
- Старост;
- Попреченост;
- Самохрани родители;
- Жртви на семејно насилство;
- Семејства со нарушени односи;
- Деца без родителска грижа.

### 3.4 Идентификување и приоретизирање на социјални ризици и услуги за нивно надминување

| Социјален ризик | Спецификација на социјални ризици | Постоечки услуги | Постоечки човечки ресурси | Развој на нови услуги | Потребни ресурси |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Сиромаштија (невработени и необразовани лица , невработени самохрани родители)** | 1.1 Невработени млади лица<br>1.2 Лица со ниски примања/ лица во социјален ризик<br>1.3 Ниско квалификувани лица/ лица со незавршено образование или со завршено основно образование | - Услуги за информирање и упатување;<br>- Еднократна хуманитарна помош во прехрамбени и хигиенски пакети;<br>- Обезбедување со облека, обувки и постелнина согласно потребите. | - Стручна служба на ООЦК Гази Баба<br>- Волонтери | - тренинг провајдери за доквалификација и преквалификација<br>- описменување на возрасни лица со цел оспособување за работа | - Едукативен центар за описменување на возрасни лица<br>- Центар за доквалификација и преквалификација на лица со слаби вештини за идно вработување |
| **2.Стари лица** | 2.1 Стари лица над 65 години<br>2.2 Стари и изнемоштени лица<br>2.3 Стари лица со попреченост<br>2.4 Стари лица со хронични болести | - Услуга во домот (помош и нега во домот)<br>- Услуга во заедницата (Клуб на пензионери за актвно и здраво стареење)<br>- Транспорт на лица од домот до здравствените центри | - Стручна служба на ООЦК Гази Баба<br>- Волонтери | - Услуги во домот (помош и нега во домот)<br>- Услуги во заедницата (Клуб на пензионери за активно и здраво стареење) | - Координатор на услугата/те<br>- Социјален работник<br>- Негователи |
| **3. Лица со попреченост** | 3.1 Лица со физичка попреченост<br>3.2 Лица со интелектуална попреченост<br>3.3 Лица со комбинирана попреченост<br>3.5 Деца со попреченост без родители или родителска грижа | - Услуга од асистенти за деца со попреченост<br>- Услуга во заедницата (услуга за дневен престој на лица со попреченост)<br>- Услуга во заедницата (згрижување во семејство)<br>- Услуги за вон-семејна заштита (живеење со поддршка) | - Стручна служба на ООЦК Гази Баба<br>- Волонтери<br>- СОС Детско село<br>- Центар за поддршка на згрижувачки семејства<br>- 25 вработени<br>- 65 згрижувачи<br>- Работени | - Услуга за дневен престој<br>- (дневен престој за лица со попреченост)<br>- Услуга во домот (лична асистенција)<br>- Услуга во заедницата (згрижување во семејство)<br>- Услуги за вон-семејна заштита (живеење со поддршка) | - Координатор на услугата<br>- Социјален работник<br>- Психолог<br>- Дефектолог<br>- Физиотерапевти<br>- Логопед<br>- Медицински персонал<br>- Лични асистенти<br>- Координатор на услугата |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **4. Жртви на семејно насилство** | 4.1 Жени жртви на семејно насилство<br>4.2 Мажи жртви на семејно насилство<br>4.3 Жртви на родово-базирано насилство<br>4.4 Жртви на сексуално насилство и силување | - Услуга за стручна помош и поддршка<br>- Услуги за советување<br>- Услуги во заедницата (услуга за привремен престој) | - 4 вработени лица | - Услуги за стручна помош и поддршка<br>- Услуги за советување – психолошко советувлиште<br>- Услуги во заедницата (услуга за привремен престој)<br>- Услуга за кариерно советување за економско јакнење на жртви на семејно и родово-базирано насилство | - Простор, канцелариски мебел, техничка опрема, ангажирани лица<br>- Психолог, Правник, Социјален работник<br>- Психо – терапевт<br>- Обука за кариерни советници |
| **5. Деца во ризик** | 5. 1 Деца без родители и родителска грижа | - Услуга за вон-семејна заштита;<br>- Услуги на советување и третман; | - 2 специјализирани згрижувачи;<br>- 3-стручен кадар (социјален работник, психолог-психо-терапевт и специјален едукатор) | - Услуги на вон-семејна грижа (згрижувачки семејства-специјализирани и интервентни);<br>- Иновативна услуга-<br>- Советодавно-терапевтски центар за деца со трауматски искуства | - Координатори<br>- Терапевти<br>- Дефектолози<br>- друг стручен кадар зависно од потребата и пропишаните нормативи и стандарди |
| **6. Деца во ризик** | 6.2 дете жртва на злоупотреба, жртва на семејно насилство и родово базирано насилство | Нема доволно ресурси во услугата за привремен престој Кризен центар Надеж | Нема доволно ресурси | Услуга за привремен престој | 80.000 евра годишно |

## 4. Потребни капацитети:

| Нова услуга | Форма | Инфраструктура (постоечки, во изградба, потребна реконструкција, потребна адаптација, нема) и опрема | Капацитет/опфат (број на корисници, површина, територија, итн? | Потребни финансиски средства | Извори на финансирање или начин на прибирање на потребните финансиски средства | Планирана соработка со: | Време/ период на реализациј а: |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Услуги во домот | Помош и нега во домот | Канцеларија и опрема на избран провајдер | Максимален број на опфат до 60 корисници на територија на општина Гази Баба | - 16.646.400,00 ден. за 12 месеци<br>- 49.939.200,00 за 36 месеци | - МТСП<br>- Буџет на општина Гази Баба<br>- Други донатори | - МТСП<br>- НВО<br>- ЦК<br>- Општина Гази Баба<br>- ЦСР | 36 месеци |
| 2.Услуги во домот | Лична асистенција | Канцрларија и опрема на избран провајдер | Максимален број на опфат 25 корисници на територија на општина Ггази Баба | - 6.197.760,000за 12 месеци<br>- 18.593.280,00 ден за 36 месеци | - МТСП<br>- Буџет на општина Гази Баба<br>- Други донатори | - МТСП<br>- НВО<br>- Општина Гази Баба<br>- ЦСР | 36 месеци |
| 3.Услуги во заедницата | Услуга за дневен престој на стари лица | Адаптација и реконструкција на објект согласно нормативите и стандардите за услугата | Максиманлен број на опфата 24 корисници на теротирија на општина Гази Баба | - 3.230.496,000 ден. за 12 месеци<br>- 9.691.488,00 ден за 36 месеци<br>- средства за адаптација и реконструкција 1.845.000,00 денари | - МТСП<br>- Буџет на општина Гази Баба<br>- Други донатори | - МТСП<br>- Општина Гази Баба<br>- НВО<br>- ЦСР | 36 месеци |
| 4.Услуги во заедницата | Услуга за дневен престој за лица со попреченост | Објект обезбеден од општината | 24 корисници на територија на општина Гази Баба | - 6.674.400,00 ден за 12 месеци<br>- 20.023.200,00 за 36 месеци | - МТСП<br>- Општински Буџет<br>- Други донатори | - МТСП<br>- ЈУ ЦСР Скопје<br>- Општина Гази Баба | 36 месеци |
| 5. Услуги во заедницата | Услуга за привремен престој | - Објект, простории кои ги користи кризен центар Надеж во сопственост на општината<br>- Објект, простории кои ги поседува СОС Детско село во лична сопственост | Во просек околу 60 жртви на семејно насилство згрижени на годишно ниво | - 6.500.000,00 ден за 12 месеци<br>- 19.500.000,00 ден за 36 месеци | - МТСП<br>- Општински Буџет<br>- Други донатори | - МТСП<br>- ЈУ ЦСР Скопје<br>- Општина Гази Баба<br>- Надеж<br>- СОС | 36 месеци |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. Иновативна социјална услуга | Советодавно-терапевтски центар за деца со трауматски искуства | Објект обезбеден од СОС Детско село во лична сопственост | 60 деца годишно | Потребно државно или локално субвенционирање за одржливост на услугата по 05.2025 година или 3.690.000 ден годишно | - МТСП<br>- Општина Гази Баба<br>- СОС Детско село | - МТСП<br>- Општина Гази Баба<br>- ЈУ МЦСР на Град Скопје.<br>- СОС Детско село | 36 месеци |

**5. Лиценцирање на даватели на услуги и финансиска поддршка**

8) Турнир во одбојка - за Денот на општината: вода - 4.800,00 денари, судија - 2.000,00 денари, доктор - 2.000,00 денари, пехари - 3.500,00 денари, Вкупно - 12.300.00 денари,

9) Пинг понг (машки - женски): судија - 2.000,00 денари, делегат - 2.000,00 денари, дипломи за учениците - 1.200,00 денари, медали - 2.400,00 денари, Вкупно - 7.600,00 денари,

10) Тенис (машки - женски): судија - 2.000,00 денари, делегат - 2.000,00 денари, дипломи за учениците - 1.200,00 денари, медали - 2.400,00 денари, Вкупно -
7.600,00 денари,

11) Шах (машки - женски): судија - 2.000,00 денари, шаховска опрема - 6.000,00 денари, делегат - 2.000,00 денари, дипломи за учениците - 1.200,00 денари, медали - 2.400,00 денари, Вкупно - 13.600.00 денари,

12) Есенски крос: превоз - 39.000,00 денари, озвучување - 8.000,00 денари, кроасани - 18.000,00 денари, вода - 10.000,00 денари, брза помош - 5.000,00 денари, капија за цел - 4.000,00 денари, Вкупно - 84.000,00 денари,

13) Атлетика: вода - 9.600,00 денари, кроасани - 6.250,00 денари, делегат - 2.000,00 денари, судии - 10.500,00 денари, доктор - 3.000,00 денари, озвучување - 2.000,00 денари, медали - 14.400,00 денари, Вкупно - 47.750,00 денари,

14) Детска атлетика од 9 до 11 години: вода - 3.600,00 денари, кроасани - 3.600,00
денари, делегат - 2.000,00 денари, судии - 8.000,00 денари, доктор - 3.000,00 денари, озвучување - 2.000,00 денари, дипломи - 3.600,00 денари, Вкупно - 25.800,00 денари,

15) Игри без граници: вода - 4.500,00 денари, кроасани - 4.500,00 денари, дипломи - 2.400,00 денари, пехари - 3.500,00 денари, делегат - 2.000,00 денари, судии - 4.000,00 денари, лекар - 2.000,00 денари, Вкупно - 22.900,00 денари,

16) Кошарката моја игра: вода - 4.500,00 денари, кроасани - 4.500,00 денари, дипломи - 2.400,00 денари, пехари - 3.500,00 денари, делегат - 2.000,00 денари, судии - 4.000,00 денари, лекар - 2.000,00 денари, Вкупно - 22.900,00 денари,

17) Еднодневен излет на првопласираните екипи од сите спортови: превоз, ужинка, вода, сок, Вкупно - 90.000.00 денари,

18) Книговодствени услуги - 28.000,00 денари,

19) Меѓународен рејтингуван турнир во шах по повод патронатот на ООУ "Наум
Наумовски Борче" - 50.000,00 денари,

20) Меморијален турнир Иван Илиев во с. Стајковци - 40.000,00 денари,

21) Меморијален турнир Играме со срце за Алек во ООУ "Вера Јоциќ" - 40.000,00 денари,

22) За наставниците - одговорни лица на екипи за изведување спортски активности 8 месеци x 72.000,00 - 576.000,00 денари,

24) Субвенционирање на ученици за зимски камп - 210.000,00 денари, и

25) Субвенционирање на ученици за летен камп – 2.000.000,00 денари.

**(5)** За ученички униформи (дуксер и две маици за околу 7.000 ученици) во општинските основни училишта беа планирани 14.000.000,00 денари, а потрошени се 13.997.868,00 денари.

**(6)** За Стоматолошка едукација на ученици беа планирани и потрошени 200.000,00 денари.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Во Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2023 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" броевите 14/2022, 12/2023 и 16/2023) беа планирани 18.389.520,00 денари, а потрошени 18.135.527,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, за: (1) културни манифестации во основните училишта беа планирани 210.000,00 денари (а потрошени се 60.000,00 денари), (2) државни натпревари и стипендии за ученици во општинските основни училишта - 1.591.670,00 денари, (3) училишен спорт организиран од Општински сојуз на училишен спорт на Гази Баба - Скопје беа планирани 3.937.850,00 денари (а потрошени се 3.907.850.00 денари), (4) ученички униформи (дуксер и две маици за околу 7.000 ученици) во општинските основни училишта беа планирани 12.000.000,00 денари (а потрошени се 11.926.007,00 денари), и (5) стоматолошка едукација на ученици - 350.000,00 денари.

Извештајот за реализација на Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2023 година нема финансиски импликации врз Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година.

**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности

**Претставник:** Александар Трајковски, помлад соработник

**ПРЕДЛОГ- ЗАКЛУЧОК**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИМОТНИТЕ ПРАВА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2025 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 22 став (1) точка 13 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот за реализација на Програмата за имотните права на Општина Гази Баба за 2024 година, Советот на Општина Гази Баба на ________________ седница одржана на __.__.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИМОТНИТЕ ПРАВА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот за реализација на Програмата за имотните права на Општина Гази Баба за 2024 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

**ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на Програмата за имотните права**
**на Општина Гази Баба за 2024 година**

**(1)** Во Програмата за имотните права на Општина Гази Баба за 2024 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" број 14/2022) беа планирани 550.000,00 денари, наменети за уредување на имотно-правните односи и проценка на книговодствената вредност, врз објекти и земја во сопственост или на трајно користење на Општина Гази Баба.

**(2)** Средствата од Програмата за имотните права на Општина Гази Баба за 2024 година не беа потрошени.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Во Програмата за имотните права на Општина Гази Баба за 2024 година беа планирани 550.000,00 денари, наменети за уредување на имотно-правните односи и проценка на книговодствената вредност, врз објекти и земја во сопственост или на трајно користење на Општина Гази Баба.

Од средствата од Програмата за имотните права на Општина Гази Баба за 2024 година беа потрошени 512.243,00 денари.

Извештајот за реализација на Програмата за имотните права на Општина Гази Баба за 2024 година нема финансиски импликации врз Буџетот на Општина Гази Баба во 2025 година.

**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности

**Претставник:** Александар Трајковски, помлад соработник

**ПРЕДЛОГ- ЗАКЛУЧОК**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ ИНТЕГРАЛНА ЦЕЛИНА "ОСТРОВО" НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2025 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 22 став (1) точка 2 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот за реализација на Програмата за заштитено подрачје Интегрална целина ''Острово'' на Општина Гази Баба за 2024 година, Советот на Општина Гази Баба на ________________ седница одржана на __.__.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ ИНТЕГРАЛНА ЦЕЛИНА ''ОСТРОВО'' НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот за реализација на Програмата за заштитено подрачје Интегрална целина ''Острово'' на Општина Гази Баба за 2024 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број ________**
**од __.__.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

**ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на Програмата за заштитено подрачје**
**Интегрална целина “Острово“ на Општина Гази Баба за 2024 година**

**(1)** Во Програмата за заштитено подрачје Интегрална целина “Острово“ на Општина Гази Баба за 2024 година (Службен гласник на Општина Гази Баба“ број 14/2022), за изработка на втората фаза од Студијата за валоризација на заштитеното подрачје Интегрална целина “Острово“, беа планирани 350.000,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

За изработка на втората фаза од Студијата за валоризација на заштитеното подрачје Интегрална целина "Острово", беа планирани 350.000,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година но истите беа пренаменети со ребаланс на Буџетот.

Извештајот за реализација на Програмата за заштитено подрачје Интегрална целина “Острово“ на Општина Гази Баба за 2024 година нема финансиски импликации врз Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година.

**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** Сектор за заштита на животната средина и природата

**Претставник:** Никола Јовановски, раководител на сектор

**ПРЕДЛОГ- ЗАКЛУЧОК**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2025 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 22 став (1) точка 2 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2024 година, Советот на Општина Гази Баба на _______________ седница одржана на __.__.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2024 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

**Сектор за заштита на животната средина и природата**

# Извештај
# за реализација на Програмата
# на активности од областа на заштитата на
# животната средина и природата
# за 2024 година

**Февруари 2025**

Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2024 година е донесена од Советот на Општина Гази Баба и истата е објавена во Службен гласник на Општина Гази Баба бр.19/23, 13/24 и 20/24.

Програма ги утврдува мерките за заштита на животната средина и природата преку конкретни активности во рамките на сите медиуми (воздухот, водата и почвата), области на животната средина (отпадот, природата, биодиверзитетот, климата) и сите елементи кои претставуваат неделива целина од животната средина. Со Програмата се дефинираат конкретните проекти, потребата од нивно реализирање, целите кои со тоа ќе се постигнат и потребните финансиски средства.

Во текот на годината Програмата на активностите од областа на заштитата на животната средина и природата за 2024 година претрпе 2 измени со додавање на дополнителни точки и секако настана измена и во вкупните финансиски средства.

Вкупните финансиски средства за реализирање на активностите за заштита на животната средина за 2024 година се во износ од 6.336.000,00 денари обезбедени во Буџетот на Општина Гази Баба:
- Програма Р1 конто 464990 – 4.384.000,00 денари
- Програма Р1 конто 426990 – 1.900.000,00 денари и
- Програма Р1 конто 423990 – 52.000,00 денари

Реализацијата на Програмата по активности е следна:

***1. Субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за купување на високоенергетски клима уред за затоплување за 2024 година***
Оваа активност е во целост спроведена, при што се субвенционирани 95 граѓани.

***2. Субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за набавка и вградување на сончеви термални колектори за 2024 година***
Оваа активност е во целост спроведена, при што се субвенционирани 37 граѓани.

***3. Субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Гази Баба за купување на велосипед за 2024 година***
Оваа активност е во целост спроведена, при што се субвенционирани 130 граѓани.

***4. Субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за купување на печки на пелети за 2024 година***
Оваа активност е во целост спроведена, при што се субвенционирани 17 граѓани.

***5. Субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Гази Баба за вградување на уреди за течен гас кај возила за 2024 година***
Оваа активност е во целост спроведена, при што се субвенционирани 21 граѓанин.

***6. Субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Гази Баба за чистење на оџаци во своите домаќинства за 2024 година***

Оваа активност е во целост спроведена, при што се субвенционирани 10 граѓани.

***7. Субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Гази Баба за стерилизација на домашни миленици (кучиња и мачки).***

Оваа активност за прв пат започна да се спроведува во општината како едно од најдобрите решенија за контрола и намалување на популацијата на бездомните миленици, а во исто време намалување на нивната агресија.

Активноста е во целост реализирана и за само 30 дена од денот на објавување на јавниот повик се субвенционирани 10 граѓани.

***8. Изработка на Катастар на зеленило (III фаза)***

Оваа активност е во целост реализирана. Пописот на растителни единки се спроведе во период Мај - Јуни 2024 година и вкупниот број на попишани растителни единки е 5105 од кои, 820 дрвја и 4285 грмушки.

***9. Еколошки конкурс***

Оваа активност е во целост спроведена и на Светскиот ден на заштита на животната средина се додели плакети на прво наградените пријавени учесници на еколошкиот конкурс, во следните категории:

- Најубав цртеж на тема екологија
  - за ученици од основните училишта во општина Гази Баба и тоа од 1-5^то^
  - за ученици од основните училишта во општина Гази Баба и тоа од 6^то^-9
  - за деца од градинките во општина Гази Баба,

- Најубав состав/расказ/стихотворба на тема екологија
  - за ученици од основните училишта во општина Гази Баба и тоа од 1-5^то^
  - за ученици од основните училишта во општина Гази Баба и тоа од 6^то^-9^то^ и

- За избор на најубаво уреден двор во индивидуално домаќинство.

***10. Изработка на катастар на септички јами, анализа на нивно влијание врз подземните води и почвата***

Активноста е во целост реализирана во Ноември 2024 година. Во оваа фаза од проектот направена е идентификација и мапирање на септичките јами.

***11. Изработка на Елаборати за заштита на животната средина и Стратегиски оценки на влијанието врз животната средина***

Оваа активност се спроведува по потреба. Од причина што не се појави потреба од изготвување на овие стратешки документи, активноста беше избришана од Програмата на Секторот на четириесет и седмата седница на Советот на Општина Гази Баба.

***12. Изработка на Елаборати за утврдување на заштитни зони за водните тела наменети за водоснабдување***

Оваа активност е во целост реализирана и изработени се Елаборати за утврдување на границите на заштитните зони на бунарските подрачја за населените места Раштак и Булачани. Согласно законските обврски Елаборатите се доставени до Министерството за животна средина и просторно планирање и до Министерството за здравство, на одобрување.

***13. Организирање на Генералка викенд 2024 година***

Во соработка со невладините организации и Јавното комунално претпријатие Гази Баба 2007, активноста е реализирана на 17 Мај 2024 година.

***14. Одобрување на елаборати за заштита на животната средина***

Оваа активност се спроведува во континуитет во текот на целата година и во изминатиот период изработен е Регистар на одобрени елаборати за заштита на животната средина за 2024 година.

***15. Изготвување на физибилити студија за управување и третман на биолошки отпад (компостирање) и техничка документација за собирен центар***

Изработена е физибилити студијата за управување со органски отпад-компостара и одржана е презентација на 09 Октомври 2024.
Изработена е физибилити студијата за собирање на цврст отпад од општините Центар и Гази Баба и одржана е презентација на 29 Октомври 2024.

***16. Набавка и поставување на термален сончев колектор во градинката Морковче во населено место Јурумлери***

Оваа активносте е целосно реализирана и набавениот соларен колектор е поставен на детската градинка Морковче во населеното место Јурумлери. На сончевиот колектор се поврзани водоводната инсталација за чајната кујна и пералната и со тоа се овозможи снабдување со топла вода за одржување на хигиената на децата. Со поставувањето на колекторот се допринесе кон намалување на потрошувачката на електрична енергија и намалување на емисиите на $CO_2$ .

Од вкупно предвидените финансиски средства во износ од 6.336.000,00 денари, финансиската реализација на сите активностите согласно Програмата на Секторот за заштита на животната средина и природата за 2024 година изнесува 6.163.333,00 денари, исплатени од следните програми/конта :

- Програма Р1 конто 464990 – 4.231.709,00 денари
- Програма Р1 конто 426990 – 1.881.224,00 денари, и
- Програма Р1 конто 423990 – 50.400,00 денари

Од погоре изнесеното може да се констатира дека реализација на Програмата на активностите на Секторот за заштита на животната средина и природата за 2024 година изнесува 97,27 %.

**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** Сектор за правни и општи работи

**Претставник:** Јовица Ѓоргиевски, советник

**ПРЕДЛОГ- ЗАКЛУЧОК**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2025 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 22 став (1) точка 10 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2024 година, Советот на Општина Гази Баба на ________________ седница одржана на __.__.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА<br>РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА<br>И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА<br>ЗА 2024 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2024 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број ________**<br>**од __.__.2025 година**<br>**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**<br>**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**<br>**м-р Сашо Кукески**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА**
**ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**ЗА 2024 ГОДИНА**

## I. РЕАЛИЗАЦИЈА НА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Според програмата за заштита и спасување за територија на Општина Гази Баба, од предвидени 910.000,00 денари, според потребите за заштита и спасување, како и со ребалансот на програмата за заштита и спасување на 44 седница одржана на 19 јуни 2024 со вкупна сума од 805,000,00 денари .

Беа реализирани вкупно 593,526 ,00 денари. За следните потреби: пролетна и есенска дератизација на целото подрачје на Општина Гази Баба 395,273,00 , вклучувајки ги сите основни училишта и сите градинки кои си на подрачјето на општина Гази Баба или вкупно 3000 шахти.

Набавени беа хидранти, млазници и црева за хидранти и ситен алат од вкупна сума; 198,252,00 денари

Советник за заштита, спасување
управување со кризи и одбрана

**Јовица Ѓоргиевски**

**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** Сектор за локален економски развој и европски интеграции

**Претставник:** Сашо Трајков, раководител на сектор

**ПРЕДЛОГ- ЗАКЛУЧОК**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2025 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2024 година, Советот на Општина Гази Баба на _______________ седница одржана на __.__.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2024 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

ул. Архимедова 2
1000 Скопје, РС Македонија
Тел: 00389 (2) 322 66 55
e-mail: contact@gazibaba.gov.mk

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ



# ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Сектор за локален економски развој и европски интеграции**

**Одделение за локален економски развој**

**Одделение за европски интеграции**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА 2024г.

**Февруари, 2025г.**

Врз основа на член 22, став 1, член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на РМ″ бр. 5/02 ), член ____ , и Законот за финансирање на единиците на Локалната самоуправа (″Службен весник на РМ″ бр. 61/04), Советот на Општина Гази Баба на ________________ седница одржана на _______________ година донесе:

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## на Општина Гази Баба за 2024 година

Во согласност со законската рамка, го презентираме Извештајот за реализираните и имплементирани активности во рамките на програмата за Локален економски развој на ОГБ за 2024г.

Во извештајот (во прилог оди и табеларен приказ на извештајот во однос на планирано/реализирано, како и согласно ISO процедурата извештај за реализирани годишни проекти и програми во 2024 година) сакаме да потенцираме одредени трендови во реализацијата и имплементацијата на проектните активности.

Со програмата за ЛЕР за 2024г. планиравме активности кои ги групиравме во две категории: поддршка на локален економски развој и проекти за енергетска ефикасност:

**1. Реализација на Програма за ЛЕР во 2024 година**

**Слика 1: Вкупна реализација на програмата за ЛЕР во 2024 година**[1]




a. Од вкупно планираните **2,950,000.00** денари во Програмата за ЛЕР за 2024 година а што се реализираат преку Буџетот на ОГБ за 2024 година, реализирани се **1,299,565.00 МКД,** односно **44%** од вкупно планираните во Буџетот на ОГБ за таа намена, или:

   - Во сегментот на поддршка на локалниот економски развој се реализирани **774,565.00 МКД**, или **53.42%** од вкупно планираните **1,450,000.00** денари.

[1] Извор: Сектор за ЛЕР и Европски интеграции и Буџет на ОГБ за 2024г., Февруари 2025 г.

- o Во сегментот на проекти за енергетска ефикасност се реализирани **525,000.00 МКД**, или **35%** од вкупно планираните **1,500,000.00** денари

b. Во сегментот приходи од продажба на ДГНЗ (државно градежно неизградено земјиште) вкупно се реализирани **31,310,567.00 МКД,** што претставува **40%** од вкупно продаденото ДГНЗ. Останатите 40% одат во град Скопје и 20% во Република Македонија. Повеќе за ова во сегментот на Приходи од ДГНЗ, во точка 4.

c. Вкупно, преку Програмата за ЛЕР и Продажбата на ДГНЗ, се реализирани **32,610,132.00 МКД**.

## 2. Поддршка на локален економски развој

**Слика 2: Вкупна реализација на сегментот поддршка за ЛЕР во 2024 година**[2]




a. Во делот на поддршка на локалниот економски развој ги реализиравме сите пет проекти, од кои 3 финансиски ги реализиравме во 2024 година, или изразено во вредност **774,565.00** денари, што претставува **53.42 %** од вкупно планираните финансиски средства во Буџетот на ОГБ за 2024 година:

- Стратегија за ЛАГ СЦГ е изработена и платена, но поради регистарот на основачи на ЛАГ Скопска Црна Гора, истата е предмет на усвојување на Совет на ОГБ на оваа седница;

- Софтверската лиценца за користење на податоци и информации е претпоставка за анализа на локалната економија на ОГБ, и без тие податоци нема да имаме целосен преглед на сите економски движења, појави и активности во локалната економија;

[2] Извор: Сектор за ЛЕР и Европски интеграции и Буџет на ОГБ за 2024г., Февруари 2025 г.

▪ Целосно изработивме нов портал Инвест во ОГБ, со содржини, информации, анализи, видео презентации, водичи, бизнис информатор, деловни вести и случувања и многу други содржини;

▪ Подготвивме целосно нов водич за инвеститори и истиот со наши капацитети, не користејќи услуги на економски оператор, и графички го уредивме;

▪ Изработена е физибилити студијата за изградба на фекална мрежа со мала ПСОВ во н.м. Идризово. За жал во 2024 година истата не успеавме да ја платиме, и истата оваа година е целосно финансиски реализирана;

**3. Проекти за енергетската ефикасност во ОГБ**

**Слика 3: Вкупна реализација на сегментот проекти за ЕЕ во ОГБ во 2024 година**[3]




a. Во делот на проекти за енергетска ефикасност реализиравме во вредност **525,000.00** денари, што претставува **35 %** од вкупно планираните финансиски средства во Буџетот на ОГБ за 2024 година:

▪ Целосно изработивме дигитална платформа која ја нарековме Енерџи портал на ОГБ, на кој ќе имаме евиденција на сите енергенси и метрички индикатори за сите објекти во сопственост на ОГБ. Истата ќе ни помогне во процесот на енергетска и дигитална трансформација на ОГБ, применувајќи ги сите современи стандарди и принципи во тој процес;

▪ Во делот на финансиска поддршка на поставување на нов лифт во станбените згради во ОГБ, во 2024 година имавме две Решенија за финансиска поддршка. Едната станбена зграда е речиси готова во процесот на поставување на новиот лифт, и не успеаја таа активност да ја финализираат во 2024 година. Додека другата станбена зграда го започна процесот во 2024 година и се очекува во 2025 година целосно да го финализира поставувањето на нов лифт;

[3] Извор: Сектор за ЛЕР и Европски интеграции и Буџет на ОГБ за 2024г., Февруари 2025 г.

## 4. Приходи од продажба на ДГНЗ во 2024 година

**Слика 3: Вкупна реализација на приходи од продажба на ДГНЗ во 2024 година**[4]




а. Во сегментот на приходи од ДГНЗ, во Буџетот на ОГБ во 2024 година се реализираа:

- Се потпишаа договори за **78,010,098.00 МКД:**
  1. Вкупно беа потпишани договори за продадено ДГНЗ за 8 парцели за А1 домување и 4 парцели за А2 домување;
- Од вкупно потпишаните договори за продажба на ДГНЗ во 2024 г.:
  1. На ОГБ и припаднаа **40%**, или **31,204,039.00 МКД;**
     а. За трошоци во постапката на ОГБ и припадна и дополнителни **106,528.00 МКД;**
  2. На град Скопје му припаднаа **40%** или **31,204,039.00 МКД;**
  3. На Република Македонија и припаднаа **20%** или **15,602,019.60 МКД;**

Скопје, Февруари 2025г.

**Сектор за локален економски развој**
**и европски интеграции,**
Раководител,
Сашо Трајков

[4] Извор: Сектор за ЛЕР и Европски интеграции и Буџет на ОГБ за 2024г., Февруари 2025 г.

**ИЗМЕНА НА ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА 2024г.**

| Бр. | Планирана активност | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | БУЏЕТ НА ОГБ | ДОНАЦИЈА | БУЏЕТ НА РМ | БУЏЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ | ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
| | | во месеци | извори на финасирање во МКД | | | | | | | во МКД |
| | **ПОДДРШКА НА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | | | | | | | | | |
| 1 | Изработка на Стратегија за ЛАГ (локална акциона група на рурални заедници од ОГБ, Илинден, Бутел и Чучер Сандево) а согласно законот за земјоделие и рурален развој | | 300,000.00 | | | | | 0.00 | | **300,000.00** |
| 2 | Купување на софтверска лиценца за користење на податоци и информации за деловните субјекти во општина Гази Баба | | 200,000.00 | | | | | | | **200,000.00** |
| 3 | Надградба и редизајн на порталот Invest in MGB | | 300,000.00 | | | | | | | **300,000.00** |
| 4 | **Изработка на физибилити студија за изградба на фекална мрежа со мала ПСОВ во н.м. Идризово** | | **500,000.00** | | | | | | | **500,000.00** |

## ИЗМЕНА НА ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА 2024г.

| Бр. | Планирана активност | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА БУЏЕТ НА ОГБ | ДОНАЦИЈА | БУЏЕТ НА РМ | БУЏЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ | ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | во месеци | извори на финасирање во МКД | | | | | | | во МКД |
| 5 | Графичка припрема на ажурираниот водич за инвеститори на Општина Гази Баба | | 150,000.00 | | | | | | | **150,000.00** |
| | **ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ** | | | | | | | | | |
| 6 | Изработка на дигитална платформа за ЕЕ евиденција на сите трошоци за енергија и енергенси на ОГБ со сите ОУ и детски градинки и ЈКП Гази Баба 2007 | | 525,000.00 | | | | | | | **525,000.00** |
| 7 | **Финансиска поддршка за реконструкција на постојни лифтови и поставување на нови лифтови во станбени згради во општина Гази Баба** | | **975,000.00** | | | | | | | **975,000.00** |
| | **ВКУПНО** | | **2,950,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **2,950,000.00** |
| | | | | | | | | | | |
| | Структура во % | | **100.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | |

| РЕАЛИЗАЦИЈА |
| --- |
| во МКД |
| |
| 288,345.00 |
| 181,720.00 |
| 304,500.00 |
| 0.00 |

| РЕАЛИЗАЦИЈА |
| --- |
| во МКД |
| 0.00 |
| |
| 525,000.00 |
| 0.00 |
| 1,299,565.00 |
| |
| 44% |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

## ГОДИШНИ ПРОЕКТИ И ПРОГРАМИ - 2024 година

| Р.б | Име на проектот / програмата | Носител на проектот / програмата | Опис на проектот / програмата | Почеток на проектот / програмата | Рок на проектот / програмата | Учество на Општината – во МКД | Дата на завршување | Напомена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Развојна Програма – Изградба на фискултурна сала во ОУ Наум Охридски во н.м. Црешево | Општина Гази Баба | Изградба на нова спортска сала за потребите на ОУ Наум Охридски во н.м. Црешево | • 2024г. | • До крајот на 2025 година<br>• 12 месеци | • ОГБ - **1,051,552.00 МКД**<br>• Министерството за образование - **34,099,420.00 МКД** | • Октомври 2025 година | Во 2024 година се исплатени **6,819,884.00 МКД** за изградба на фискултурна сала. |
| 2 | Развојна Програма - Изградба на нов училишен објект на ОУ Крсте Мисирков во населба Ченто | Општина Гази Баба | Изградба на нов училишен објект на ОУ Крсте Мисирков во населба Ченто | • 2024г. | • До Јуни 2027 година<br>• 24 месеци | • ОГБ – **60,000,000.00 МКД**<br>• Министерство за образование – **110,000,000.00 МКД** | • Јуни 2026 година | Во 2024г. се исплатени **57,802,000.00 МКД** за изградба на нов училишен објект. |
| 3 | Развојна Програма - Изградба на фекална вакумска мрежа во зона 4 во н.м. Јурумлери | Општина Гази Баба | Изградба на линиска вакумска фекална мрежа во зона 4 во н.м. Јурумлери | • 2024 година | • До Јуни 2027 година<br>• 36 месеци | • ОГБ – **60,000,000.00 МКД** / 100% | • Јуни 2027 година | Во 2024 година се исплатени **12,000,000.00** МКД за изградба на фекална вакумска мрежа во н.м. Јурумлери. |
| 4 | Развојна Програма - Реконструкција на уличното осветлување преку набавка и | Општина Гази Баба | Реконструкција на уличното осветлување со нови ЛЕД светилки во ГУП опфатот на ОГБ со | • 2023г. | • До 2025г.<br>• 36 месеци | До 2025:<br>• ОГБ 100% - **105,218,000.00** | • Декември, 2025г. | Во 2024 година се исплатени **28,080,000.00** МКД за реконструкција на уличното осветлување со |

ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | имплементација на паметни ЛЕД светилки и набавка на софтвер (SaaS) за паметни ЛЕД светилки | | интегрирање на паметно управување со системот. | | | | | интегрирано паметно управување. |
| 5 | Развојна Програма за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура на комплекс EAST GATE | Општина Гази Баба | Изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура на комплекс EAST GATE | • 2023г. | • До 2025<br>• 48 месеци | До 2026:<br>• ОГБ 100% - **176.863.154,00** | • Декември 2025г. | Во 2024 год. се реализирани **68,500,000.00** денари. |
| 6 | Развојна Програма за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во Хиподром 2 | Општина Гази Баба | Изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром 2. | • 2023г. | • До 2026г.<br>• 48 месеци | • ОГБ – **58,927,585.00 МКД** / 100% | • Декември 2026г. | Во 2023 год. се реализирани **12,000,000.00** денари. |
| 7 | Приходи од продажба на Државно градежно неизградено земјиште | Општина Гази Баба | Продажба на ДГНЗ | • 2023г. | • До 2023г.<br>• 12 месеци | • ОГБ 0 %<br>• Правни и физички лица – 100% | • Декември 2023г. | Во 2024 година се остварени приходи од продажба на ДГНЗ во износ од **31,204,039.00 МКД**. |

Скопје, Февруари 2025г.

**Изработил**:
Сашо Трајков,
____________________,
Раководител на Сектор
за локален економски развој
и европски интеграции

**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** Сектор за финансиски прашања

**Претставници:** Мариела Христова, раководител на одделелние

Александра Мирчевски, советник

**ПРЕДЛОГ- ЗАКЛУЧОК**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2025 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 36 став (1) точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Годишниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година, со прилог Годишна сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година, Советот на Општина Гази Баба на _____________ седница одржана на __.__.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува Годишниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година, со Годишната сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година, како нејзин составен дел.

2. Годишниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година и општиот дел на Годишната сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година, ќе се објават во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

3. Овој заклучок, Годишниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година и Годишната сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година, да се достават до Министерството за финансии.

4. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА

## 1. Вовед

### 1.1 Основни податоци за Општината

**Општина Гази Баба** е формирана на 3 ноември 1976 година.

**-Број на жители**

Во Општина Гази Баба живеат 69.626 жители од кои според етничката припадност 64,98 % се Македонци; 20,32 % се Албанци; 0,67% се Турци; 2,76 % се Роми, 0,27 % се Власи, 1,91 % се Срби и 1,08 % се Бошњаци.

**-Просечна возраст**

Просечна возрастна населението во Општина Гази Баба е 35,4 години, до 20 години 27,4%, до 40 години 58,6%, 60 години и повеќе 14,4%.

**Површина и населени места**

Општина Гази Баба зафаќа површина од 92 км2 од која голем дел припаѓа на руралниот дел со 59,8 км2 обработливо земјиште. Населени места во општината се: Автокоманда, Железара, Ќерамидница, Хиподром, Маџари 1, Маџари 2, Триангла, Вардариште, Крсте Мисирков, Јане Сандански, Тубарево, Гоце Делчев, Питу Гули, Јурумлери, Колонија Идризово, Инџиково, Стајковци, Алија Авдовиќ, Страчинци, Црешево, Смиљковци, Виниче, Булачани, Раштак и Брњарци кои се организирани во 25 месни заедници, 10 во урбаниот дел и 15 во руралниот дел на општината .

**Скопје - Општина ГазиБаба**



– **Надлежности :**

- Во согласност со Статутот на општина Гази Баба, Советот на ОГБ ги има следните надлежности:

- Го донесува статутот на општината и други прописи;
- Донесува буџет на општината и годишна сметка на општината;
- Ја утврдува висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината, во рамките утврдени со закон;
- Основа јавни служби во рамките на надлежноста на општината и врши надзор над нивната работа;
- Именува членови во УО на јавните служби, кои ги основа;
- Усвојува програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните служби, кои ги основала општината;
- Ги усвојува извештаите за извршување на буџетот и годишната сметка на општината;
- Одлучува за давање дозвола за вршење дејност од јавен интерес од локално значење, во согласност со закон;
- Ги усвојува извештаите за работата и годишните сметки на јавните служби, кои ги основала општината;
- Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината;
- Одлучува за начинот на вршење на финансиска контрола на буџетот на општината, во согласност со закон;
- Го избира лицето кое раководи со подрачната единица на Мин. за внатрешни работи во општината, во согласност со закон;
- Го разгледува и усвојува годишниот извештај за јавната безбедност на подрачјето на орштината, кој го доставува до министерот за внатрешни работи и народниот правобранител;
- Може да дава препораки на раководното лице на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот и
- Врши и други работи утврдени со закон.

- Надлежности на градоначалникот:

- Ја претставува и застапува општината;
- Ја контролира законитоста на прописите на советот;
- Ги објавува прописите на советот во службеното гласило на општината;
- Го обезбедува извршувањето на одлуките на советот;
- Го обезбедува извршувањето на работите коишто со закон и се делегирани на општината;
- Иницира и предлага донесување на прописи од надлежност на советот;
- Го предлага годишниот буџет и годишната сметка на општината;
- Го извршува буџетот на општината;
- Избира директори на јавните служби кои ги основала општината, врз основа на јавен конкурс;

- Редовно го известува советот за извршувањето на своите надлежности во согласност со статутот;
- Решава во управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица, во согласност со закон;
- Донесува правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;
- Раководи со општинската администрација;
- Одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација, доколку поинаку не е определено со закон.
- Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината, во согласност со закон и статутот и
- Врши други работи утврдени со закон и со статутот.
- Градоначалникот може да овласти раководен службеник на општината да ја води постапката и да решава во управни работи, како и да потпишува акти.

## 1.2 Буџет и Одлука за извршување на Буџетот на ОГБ за 2024 година

Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година, Одлуката за извршување на Буџетот на Општината за 2024 година и Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва, се донесени на триесет и шесттата седница на Советот на општината, одржана на ден 27.12.2023 година, на која вкупните приходи и вкупните расходи за 2024 година се проектирани на износи од **1.699.113.878** денари.

Во текот на 2024 година, Советот на Општина Гази Баба донесе три Одлуки за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година, односно изготвени се три ребаланси на буџетот и тоа на 37та седница на Советот на општината, одржана на ден 16.01.2024 година, на 44та седница на Советот на општината, одржана на ден 19.06.2024 година и на 49та седница на Советот на општината, одржана на ден 04.11.2024 година.

## 2. Завршна сметка за 2024 година

### 2.1 Остварување на приходите и извршувањето на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година

Во Годишниот извештај за остварување на приходите и извршувањето на расходите на буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година е даден приказ на планираните и на реализираните приходи и расходи за 2024 година, на остварените приходи и расходи за 2023 година, како и индексите на остварувањето на приходите и расходите во однос на планираните со Буџетот за 2024 година и во однос на реализираните од минатата година.

Во Годишниот извештај за 2024 година прикажани се одделно, планираните и реализираните приходи и расходи на Основниот буџет, планираните и реализираните приходи и расходи на блок дотациите кои служат за финансирање на основните училишта и детските градинки на подрачјето на Општината, планираните и реализираните приходи и расходи на донациите остварени во текот на минатата година, планираните и реализираните приходи и расходи на заеми,како и планираните и реализираните приходи и расходи на средствата кои служат за самофинансирачките активности кај основните училишта и детските градинки.

Податоците за планираните и реализираните приходи и расходи за 2024 година и реализираните приходи и расходи 2023 година се дадени табеларно и графички по оделни видови на приходи и расходи, по програми и потпрограми и во аналитичка форма по ставки и потставки.

**I - <u>ПРИХОДИ</u>**

Приходите во Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година бележат остварување во вкупен износ од **1.468.626.010 денари** или **86,43%** во однос на вкупните планирани приходи во Буџетот за 2024 година кои изнесуваат вкупно **1.699.113.878 денари**. Планираните приходи во Буџетот за 2024 година, остварените приходи за 2024 година и реализираните приходи за 2023 година, групирани по оделни видови на приходи изнесуваат:

| ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | БУЏЕТ | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | 2024 година | IV - Кватрал 2023 година | IV - Кватрал 2024 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 6 | 6 | 7 | 8 |
| | 71 | ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 463.752.000 | 502.464.943 | 366.348.334 | 79,00% | 72,91% |
| | 72 | НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 39.350.000 | 47.886.013 | 29.526.276 | 75,04% | 61,66% |
| | 73 | КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 56.940.000 | 18.991.831 | 44.677.551 | 78,46% | 235,25% |
| | 74 | ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ | 411.275.720 | 151.863.002 | 336.027.780 | 81,70% | 221,27% |
| 1 | | ВКУПНО ПРИХОДИ НА ОСНОВЕН БУЏЕТ | 971.317.720 | 721.205.789 | 776.579.941 | 79,95% | 107,68% |
| 2 | | ВКУПНО ПРИХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ | 660.458.158 | 599.126.320 | 656.400.116 | 99,39% | 109,56% |
| 3 | | ВКУПНО ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ | 6.200.000 | 9.548.533 | 4.433.135 | 71,50% | 46,43% |
| 4 | | ПРИХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | 61.138.000 | 28.532.260 | 31.212.818 | 51,05% | 109,39% |
| 5 | | ВКУПНО ПРИХОДИ ОД КРЕДИТИ | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | ВКУПНО ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | 1.699.113.878 | 1.358.412.902 | 1.468.626.010 | 86,43% | 108,11% |
| | | | | | | | |

Извор: Општина Гази Баба

**Приходите на Основниот буџет** се остварени во износ од **776.579.941**денари или **79,95%** во однос на планираните приходи од **971.317.720** денари во Буџетот за 2024 година.

**Приходите од блок дотациите** за основните училишта и детските градинки на територија на општината добиени како блок дотации на посебната наменска сметка од Министерството за образование и наука и од Министерството за труд и социјална политика во 2024 година се остварени во износ од **656.400.116**денари или **99,39%** во однос на планираните приходи за 2024 година кои изнесуваат **660.458.158** денари.

Кај **Приходите од донации** во 2024 година се бележи остварување од вкупно **4.433.135**денари односно **71.50%** во однос на планираните приходи кои изнесуваат **6.200.000** денари.

**Приходите од самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки во 2024 година се остварени во износ од **31.212.818**денари или **51,05%** во однос на планираните приходи за 2023 година кои изнесуваат **61.138.000,00** денари и

Кај Приходите на Основниот буџет во однос на планираните со буџетот за 2024 година бележиме:

- даночните приходи се остварени со индекс од 79,00%,
- неданочните приходи се остварени со индекс од 75,04%
- капиталните приходи се остварени со индекс од 78,46% и
- приходите од трансфери и донации се остварени со индекс од 81,70%.

Графичкиот приказ на остварените приходи на општината за 2024 година како и на нивната споредба со планираните приходи во Буџетот за 2024 година класифицирани по одделни видови на приходи може да се види од следното:




Извор: Општина Гази Баба

Аналитичкиот приказ на остварувањето на оделните видови на приходи на буџетот на Општина Гази Баба за периодот јануари-декември 2024 година, по ставки и подставки и нивната споредба со планираните приходи во Буџетот за 2024 година и со остварените приходи за истиот период во 2023 година е даден во следниот табеларен преглед :

| ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | БУЏЕТ | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р. бр | Конто | Програма / Ставка | 2024 година | IV - Кватрал 2023 година | IV - Кватрал 2024 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 6 | 6 | 7 | 8 |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА** | **1.699.113.878** | **1.358.412.902** | **1.468.626.010** | **86,43%** | **108,11%** |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ НА ОСНОВЕН БУЏЕТ** | **971.317.720** | **721.205.789** | **776.579.941** | **79,95%** | **107,68%** |
| | **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **463.752.000** | **502.464.943** | **366.348.334** | **79,00%** | **72,91%** |
| **1** | **711** | **Данок од доход, од добивка и од капитални добивки** | **54.110.000** | **44.482.721** | **62.569.994** | **115,63%** | **140,66%** |
| | 711111 | Данок на плати на вработени лица корисници на средства од Буџетот на РМ и на ЕЛС. | 10.000.000 | 8.845.274 | 11.704.678 | **117,05%** | **132,33%** |
| | 711112 | Данок на плати на вработени лица во трговски друштва и јавни претпријатија | 40.000.000 | 33.278.784 | 47.998.770 | **120,00%** | **144,23%** |
